Ludwig Boltzmann Institute of Human Rights



# МАПИРАЊЕ НА СИРОМАШТИЈАТА И СОЦИЈАЛНАТА ИСКЛУЧЕНОСТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## локални социјални проблеми и потреби

МП ПС

*financed by:*
Austrian Development Cooperation

# МАПИРАЊЕ НА СИРОМАШТИЈАТА И СОЦИЈАЛНАТА ИСКЛУЧЕНОСТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**локални социјални проблеми и потреби**

**Издавач:** Институт за човекови права „Лудвиг Болцман“ Скопје, Република Македонија

**Програма:** Социјална инклузија и човекови права во Република Македонија

Автор: Доц. д-р Светлана Трбојевиќ

---

Проект: „Човекови права и социјална инклузија во Македонија“

Институт за човекови права „Лудвиг Болцман“- БИМ-ФВ, Скопје
ул. Вељко Влаховиќ бр.1 А-1/4 1000 Скопје
тел: +389 (0)2 3216 956
факс: +389 (0)2 3216 982

Тим за поддршка на Институтот за човекови права „Лудвиг Болцман“- БИМ-ФВ, Скопје:
Татјана Стоименовска- менаџер на проект
Стојан Мишев- советник за човекови права
Јагода Иљов- административен асистент

---

*Ставовите изразени овде и оние на авторите не го изразуваат секогаш официјалниот став на Институтот за човекови права „Лудвиг Болцман„ (БИМ-ФВ) и на Австриската соработка за развој (АДЦ)*

## СОДРЖИНА


| | | | |
|---|---|---|---|
| I. | МЕТОДОЛОШКА РАМКА | | 6 |
| | 1. | ВОВЕД | 7 |
| | 2. | ЦЕЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО | 9 |
| | 3. | МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО | 10 |
| | | 3.1. Квалитативна методологија | 10 |
| | | 3.2. Квантитативна методологија | 11 |
| | | *3.2.1. Локација на квантитативното истражување* | 12 |
| | | *3.2.2. Основна структура на примерокот* | 12 |
| | | *3.2.3. Дополнителни обележја на структурата на примерокот* | 14 |
| | | 3.3. Истражувачки предизвици | 21 |
| II. | РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО | | 23 |
| | ОПШТИНА БИТОЛА | | 25 |
| | ОПШТИНА ГАЗИ БАБА | | 65 |
| | ОПШТИНА КОЧАНИ | | 103 |
| | ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ | | 143 |
| | ОПШТИНА ТЕТОВО | | 187 |
| III. | ЗБИРНА АНАЛИЗА, ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ | | 219 |
| | 1. | ЗБИРНА АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД АНКЕТНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ ВО ОПШТИНИТЕ | 220 |
| | | 1.1. Вработување | 220 |
| | | 1.2. Животен стандард | 220 |
| | | 1.3. Социјални проблеми и социјална заштита | 222 |
| | | 1.4. Здравство и исхрана | 223 |
| | | 1.5. Образование | 225 |
| | | 1.6. Спорт, забава и култура | 226 |
| | 2. | ЗАКЛУЧОЦИ | 227 |

## ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| **ЕПП** | Еднократна парична помош |
| **ЈЗУ** | Јавна здравствена установа |
| **МЦСР** | Меѓуопштински центар за социјална работа |
| **МТСП** | Министерство за труд и социјална политика |
| **НВО** | Невладини организации |
| **ППП** | Постојана парична помош |
| **СПП** | Социјална парична помош |
| **ТНП** | Туѓа нега и помош |
| **ЦВ** | Центри за вработување |
| **ЦСР** | Центар за социјална работа |
| **ОУ** | Основно училиште |
| **ЦОУ** | Централно основно училиште |

# I

# МЕТОДОЛОШКА РАМКА

# ВОВЕД

Од осамостојувањето до денес, Република Македонија поминува низ долг и макотрпен процес на општествена транзиција која неповолно влијае врз нејзиниот економски и социјален развој. Во првата деценија од овој процес дојде до прекумерна централизација, со што се предизвика забавување и занемарување на локалниот развој и потреби. Потоа следат бавни, но континуирани промени кои првично започнуваат преку усвојување на Законот за локална самоуправа во 2002 година, со кој се утврдени надлежностите на општините. Според овој закон, општините покрај надлежностите за урбанистичко планирање, заштита на животната средина и природа, економски развој, комунални дејности, образование, култура, спорт и рекреација се здобиваат и со надлежност во областа на социјалната заштита, заштита на децата (детските градинки) и заштита на старите лица. Сепак, децентрализацијата го доживеа својот вистински подем по донесувањето на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа во 2004 година, односно во јули 2005, кога официјално се започна со неговата имплементација.

По 2005 година, на единиците на локалната самоуправа им е пренесена одговорноста за развивање социјални функции на локално ниво со кои ќе се задоволуваат потребите на групите во социјален ризик. Согласно со постојниот Закон, единиците на локалната самоуправа имаат можност самостојно да развиваат вонинституционални облици на заштита на граѓаните во зависност од нивните потреби, како и да организираат и да спроведуваат социјална заштита за граѓаните од своето подрачје преку донесување сопствени развојни програми согласно со специфичните потреби.

До интензивирање на процесот на децентрализација, во доменот на социјалната заштита доаѓа со усвојување на новиот Закон за социјална заштита од 2009 година што го содржи обврзувачкиот елемент според кој општината е должна развојните програми да ги усогласи со стратешките програми на Министерството за труд и социјална политика. Со промените во Законот за социјална заштита, македонскиот систем за социјална заштита се доближи до стандардите на Европската унија преку почитување на принципите на плурална социјална заштита, децентрализација на социјалната заштита, развој на политики за социјална инклузија и деинституционализација. Истовремено, демографскиот дефицит, осиромашувањето на населението, продлабочувањето на класичните социјални проблеми и појавата на нови социјални проблеми претставуваат главни закани во одржливоста на системот за социјална заштита.

Со цел подетаљно да се утврдат состојбите и потребите на локално ниво и да се идентификуваат проблемите и ризиците

со кои се соочуваат граѓаните се пристапи кон истражување на локалните состојби и потреби на пет избрани општини во Република Македонија, и тоа: Битола, Гази Баба, Кочани, Свети Николе и Тетово. Идентификувањето на потребите и проблемите претставува социјално услужен модел насочен кон анализа на недостатоците што ќе помогне не само за изработка на профилот на заедниците туку и за планирање и изготвување стратешки документи со што ќе се унапреди нивниот локален социјален развој.

## 1. ОСНОВНИ ПОИМИ ВО ИСТРАЖУВАЊЕТО

**Мапирање**: Претставува второстепена истражувачка постапка базирана врз претходна употреба на истражувачки техники. Помага при изработка на профил на определена заедница и се однесува на сите елементи на заедницата или на нејзини избрани фрагменти[1].

**Мапирање на потребите**: Претставува идентификација на потребите, нивна квантификација и поставување мапа врз основа на „истражување за потребите“.

**Ризик:** Различни особини, настани, навики или изложеност присутни кај едно лице, група или кај севкупната популација кои ја зголемуваат веројатноста за појавување на одредено заболување, оштетување, неспособност, инвалидност или смрт.

**Групи во ризик:** Групите под ризик можат да бидат дефинирани по основ на општествените страни (пол, возраст, етничка припадност, место на живеење), но овој поим, пред сѐ, се однесува на групите граѓани кои се нашле во ситуација од социјална заштита.

**Социјален ризик:** Под социјален ризик, согласно со Законот за социјална заштита на Република Македонија од 2009 година, се подразбираат ризици по здравјето (болест, повреда и инвалидност); ризици на старост и стареење; ризици на еднородителско семејство; ризици од невработеност, губење приход за издржување по основа на работа и слично; ризици од сиромаштија и ризици од друг вид социјална исклученост.

**Сиромаштија:** Како сиромашни се сметаат лица, семејства и групи лица чии ресурси (материјални, културни и социјални ) се на такво ниво кое ги исклучува од минимално прифатливиот начин на живеење во земјата во која живеат[2].

**Социјална исклученост:** За разлика од сиромаштијата која се фокусира на поединците или на домаќинствата, социјалното исклучување примарно ги опфаќа односите меѓу поединецот и

1 Доневска, М. (2005). Социјална работа во локална заедница - Скопје, Филозофски факултет.

2 http://epp.eurostat.ec.europa.eu

општеството, како и динамиката на тие односи[3]. Социјалното исклучување значи неможност ефективно да се партиципира во економскиот, културниот и социјалниот живот и на определен начин претставува отуѓување и дистанцирање од нормалните текови на општеството.

**Социјални потреби:** Потреби на поединецот како единка кои се услов за негова егзистенција како човеково битие, како и потребите кои поединецот ги задоволува во заедницата[4].

**Социјален проблем:** Состојби кои влијаат врз значителен број луѓе како непожелни појави, кои со оглед на нивната распространетост се сметаат за извор на тешкотии и незадоволства, а кои можат да се спречат или нивното дејство да се ублажи со организирана општествена акција[5].

**Социјална заштита:** Парични надоместоци и лични социјални услуги обезбедени за лица што не влегуваат во ниедна шема на социјално осигурување, а кои се без доволно средства за живот за себе и за семејството[6].

## 2. ЦЕЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

**Општа цел.** Општа цел на истражувањето е да се мапираат ранливите и социјално исклучените групи на население и да се проценат социјалните потреби и проблеми на социјално ранливите групи во пет избрани општини во Македонија, и тоа: Битола, Гази Баба, Кочани, Свети Николе и Тетово.

**Посебни цели:**

- Мапирање на постојната мрежа на институции и организации на ниво на единиците на локалната самоуправа (општини, центри за социјална работа, социјални, здравствени, образовни и културни институции, граѓански здруженија, стопански субјекти и други релевантни актери)
- Мапирање на социјални проблеми и потреби на граѓаните во ризик од социјална исклученост.
- Утврдување на степенот на сиромаштијата и животниот стандард на домаќинствата вклучени во истражувањето.

3 http: www1.oecd.org/cer/obj5/docs.htm

4 Пејановиќ, С. (1995). Појам потреба и социјалне потребе. Социјална мисао. Бр. 5-6. Београд.

5 Сулејманов, З., Стојановски, Н. (2002). Социјална патологија, стр 21, Скопје.

6 Амицис, Г. (2004). Систем на социјална заштита во Република Македонија, стр. 11-12, Скопје.

- Утврдување на условите за живот и причините кои доведуваат до маргинализација за учество во локалната заедница.
- Идентификација на формите на исклученост на ранливите групи граѓани и социјално исклучените граѓани во целните општини.
- Идентификација на постојните мрежи на социјалните услуги на ниво на локалната заедница.
- Анализа на видовите бенефиции и услуги од социјална заштита во рамките на локалната заедница.
- Утврдување на причините поради кои ранливите групи граѓани имаат ограничен пристап во користење на услугите од социјална и здравствена заштита.
- Утврдување на социјалните услуги за кои постои потреба, а недостасуваат во општините и идентификација на клучните пречки во обезбедувањето на постоечките услуги на локално ниво.
- Давање препораки за надминување на идентификуваните социјални проблеми.
- Генерирање на релевантни податоци кои ќе послужат за изготвување локални стратегии и акциски планови за борба против социјалната исклученост и сиромаштијата во целните општини.

# 3. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Во истражувањето беше применета комбинирана квалитативно-квантитативна методологија.

## 3.1. Квалитативна методологија

Во рамките на квалитативната методологија се користени следните **техники**:

- *Анализа на содржината* на претходните истражувања, статистичките бази на податоци и на релевантната законска регулатива.
- *Експертски интервјуа* се спроведени со по еден претставник од општините, МЦСР, јавните здравствени установи и центрите за вработување: реализирани се вкупно 20 експертски интервјуа (по 4 во секоја од петте општини: Битола, Гази Баба, Кочани, Свети Николе и Тетово).
- *Дискусии во фокус-групи* се организирани во сите општини: реализирани се по три фокус-групи во секоја општина или вкупно

15 фокус-групи со вкупно 132 испитаника. Фокус-групите се составени од претставници на ризичните групи кои според претставниците на платформата за борба против сиромаштијата и социјалната исклученост се доминантни во секоја од испитуваните општини. (Преглед бр. 1)

Преглед 1. Структура на учесници во фокус-групи

| **Општина** | **Ризик** | **Партиципиенти** |
|---|---|---|
| **Битола** | Млади лица | 12 |
| | Корисници на социјална парична помош | 8 |
| | Жени Ромки | 10 |
| **Гази Баба** | Самохрани мајки | 8 |
| | Млади жени Ромки | 9 |
| | Стари лица | 17 |
| **Кочани** | Роми | 12 |
| | Слепи лица и лица со оштетен вид | 5 |
| | Стари лица | 3 |
| **Свети Николе** | Лица со малигни заболувања | 12 |
| | Самохрани родители и жртви на семејно насилство | 8 |
| | Роми | 7 |
| **Тетово** | ЛГБТ | 5 |
| | Млади невработени | 10 |
| | Роми | 6 |
| **Вкупно** | | 132 |

За спроведување на квалитативниот дел од истражувањето беа изработени и беа користени следните инструменти: четири планови за експертски интервјуа и полуструктуиран прашалник за дискусија во фокус-групи.

## 3.2. Квантитативна методологија

За обезбедување на квантитативните податоци е користена техниката - анкета на домаќинства за која е подготвен инструментот

прашалник. Според структурата, прашалникот содржи 41 прашање, дел од затворен, а дел од отворен тип. Прашањата се групирани во осум подглавја: (1) прашања со основни информации за главата на домаќинството; (2) општи информации за домаќинството; (3) прашања преку кои се утврдува животниот стандард на домаќинството; (4) квалитетот на здравствената заштита и квалитетот на исхраната на домаќинството; (5) интегрираност во образованието; (6) присутност на социјалните проблеми и користење на социјалната заштита од страна на домаќинството; (7) спорт, забава и култура; и (8) квалитетот на живеалиштето на домаќинството.

### *3.2.1. Локација на квантитативното истражување*

Емпириското истражување беше спроведено во пет општини во Република Македонија, и тоа: Битола, Гази Баба, Кочани, Свети Николе и Тетово. Анкетирањето беше спроведено во текот на јули-август 2012 година. Изборот на општините кои се вклучени во истражувањето е направен од страна на нарачателот на истражувањето.

### *3.2.2. Основна структура на примерокот*

Со емпириското истражување беше опфатен примерок од 500 домаќинства, односно по 100 домаќинства од секоја од петте целни општини. Одговорите на анкетните прашања ги дава главата на семејството (кога е затекнат во текот на анкетирањето) или во случај на негово отсуство, одговорите ги дава полнолетен член на домаќинството во негово име. Се работи за комбинација од пригоден и репрезентативен примерок на домаќинствата кои се избрани врз основа на следните критериуми:

- *Рурална-урбана припадност:* Од аспект на овој критериум, учеството на домаќинствата од руралните и урбаните средини во примерокот е пропорционално со реалната структура на населението според рурално-урбаната припадност во целните општини. Анкетирани се 351 (70,2%) домаќинство од урбани средини, 119 (23,8%) домаќинства од рурални средини и 30 (6%) домаќинства од приградски средини.
- *Критериум според социјален ризик:*
    - *Корисници на социјална помош*: Со истражувањето се опфатени по 50 корисници од секоја општина кои користат социјална парична помош.
    - *Лица идентификувани како припадници на ранливи групи. Исто така, со истражувањето се опфатени 40 лица кои се идентификувани како припадници на*

*доминантни ранливи групи во дадената општина или по десет од секоја идентификувана ранлива група која доминира во дадената општина.*

- *Лица од општата популација. Последната група од 10 испитаници вклучени во истражувањето ја чинат лица од дадена општина кои се селектирани по случаен избор. Овие испитаници не се ниту корисници ниту припадници на ризичните групи во дадена општина.*

Заради целите на опфат и анализа на социјалната ситуација на социјално ранливите домаќинства кои оствариле пристап до системот на социјална заштита (социјалната помош), но и на оние кои не се корисници на овој вид бенефиции, како и заради потребата од компарација на животниот стандард и проблемите на ризичните групи домаќинства, во секоја општина е избран приближно ист број домаќинства поделени во шест групи. (Првата група е сочинета од корисници на социјална парична помош и е најголема по својот состав, приближно 50% од вкупниот број испитаници. Четири групи испитаници се селектирани од редот на доминантни ранливи групи во општините и приближно претставуваат по 10% од вкупниот број испитаници. Последната група до приближно 10% е добиена по случаен избор).

*Етничка припадност*: Од аспект на етничката припадност, учеството на домаќинствата во примерокот е приближно пропорционално на реалната структура на населението во целните општини. Структура на примерокот според етничката припадност на главата на домаќинството по градови е дадена во табела 1.

Табела 1: Структура на примерокот според етничка припадност

| | Македонци | Албанци | Роми | Турци | Срби | Власи | Бошњаци | Друго |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Гази Баба | 62% | 9% | 21% | 1% | 5% | 1% | 1% | 0% |
| Битола | 42% | 17% | 27% | 11% | 1% | 0% | 0% | 2% |
| Кочани | 69% | 1% | 28% | 0% | 1% | 1% | 0% | 0% |
| Свети Николе | 84% | 0% | 15% | 1% | 0% | 0% | 0% | 0% |
| Тетово | 37% | 49% | 7% | 2% | 4% | 0% | 0% | 1% |

Табела 2: Структура на примерокот според рурално-урбана припадност на домаќинствата

| | | Општина | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Битола | Гази Баба | Кочани | Свети Николе | Тетово | |
| Тип населено место | Урбано | 58 | 70 | 72 | 73 | 78 | 351 |
| | Рурално | 26 | 30 | 24 | 27 | 12 | 119 |
| | Приградско | 16 | 0 | 4 | 0 | 10 | 30 |
| Вкупно | | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 500 |

Структурата на примерокот според урбано-рурална припадност во најголема мера соодветствува со реалната структура во целните општини: Битола (урбано 78,2% - рурално 21,8%), Гази Баба (рурално 61,4% - урбано 38,6%), Кочани (урбано 74,4% - рурално 25,6%), Свети Николе (урбано 74,3% - рурално 25,7%), Тетово (урбано 60,7% - рурално 39,3%). Единствено поголеми отстапки во истражувањето се направени во општина Гази Баба, во однос на рурално-урбаната страна.

### *3.2.3. Дополнителни обележја на структурата на примерокот*

Од аспект на **половата** дистрибуција по глава на домаќинство, од вкупно 500 анкетирани домаќинства, во поголемиот дел од нив главата на домаќинството е маж 367 (73,4%), а во 133 (26,6%) домаќинства е жена. Најголем број домаќинства во кои главата на домаќинството е жена се лоцирани во урбаните општини Гази Баба (25,6%) и Кочани (24,8%). (Табела 3)

Табела 3: Пол на главата на домаќинството по општини

| Пол на главата на домаќинството | | Општина | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Битола | Гази Баба | Кочани | Свети Николе | Тетово | |
| Машки | Број | 76 | 66 | 67 | 84 | 74 | 367 |
| | Процент во рамките на полот на главата на домаќинството | 20,7% | 18,0% | 18,3% | 22,9% | 20,2% | 100% |
| | Процент во општината | 76% | 66% | 67% | 84% | 74% | 73,4% |
| | Процент на учество во вкупниот број домаќинства | 15,2% | 13,2% | 13,4% | 16,8% | 14,8% | 73,4% |
| Женски | Број | 24 | 34 | 33 | 16 | 26 | 133 |
| | Процент во рамките на полот на главата на домаќинството | 18% | 25,6% | 24,8% | 12% | 19,5% | 100% |
| | Процент во општината | 24% | 34% | 33% | 16% | 26% | 26,6% |
| | Процент на учество во вкупниот број домаќинства | 4,8% | 6,8% | 6,6% | 3,2% | 5,2% | 26,6% |

Од аспект на **возраста**, мнозинството од главите на домаќинствата се на возраст над 40 години (379 или 76%). Глава на домаќинство на возраст од 40 до 49 години има во 135 или 27,1% од вкупниот број домаќинства, додека значителен е и бројот на домаќинства на возраст од 50 до 59 години (129 или 25,9%) и повеќе од 60 години (115 или 23%).

Според **брачниот статус** мнозинството од главите на домаќинствата се во брак (332 или 66,4%), 73 (14,6%) се вдовци (од кои 53 живеат во урбаните населени места), 52 (10,4%) се немажени/неженети (од кои поголемиот дел 36 или 70,6% од вкупниот број лица во категоријата се од урбаните населени места), 37 (7,4%) се разведени

(поголемиот дел од нив - 26 се во урбаните населени места), а 5 (1%) живеат во вонбрачна заедница.

Анализата согласно со **големината на домаќинствата** покажува дека од вкупно 500 анкетирани домаќинства, 270 (54%) се до 3 члена, а 104 или 20,8% се четворочлени домаќинства. Значителен е и бројот на домаќинства со повеќе од четири члена. Имено, дури 119 (23,8%) од домаќинствата се со 5-7 членови, а 7 (1,4%) со 8 или повеќе членови. Најголемиот дел од домаќинствата со 5 и повеќе членови се сконцентрирани во руралните општини Свети Николе и Тетово. Притоа, 16,4% од анкетираните домаќинства од македонска националност се со пет и повеќе членови, 34,2% од етничката група на Албанците, 46,9% од етничката група на Ромите, 13,3% од етничката група на Турците и 9,1% од анкетираните домаќинства од српската етничка група.

Табела 4: Број на членови во домаќинството по општини

| **Општина** | | Број на членови во домаќинството | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 13 | 20 |
| Битола | Број | 5 | 30 | 21 | 22 | 16 | 4 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| | Процент во општината | 5% | 30% | 21% | 22% | 16% | 4% | 1% | 1% | 0% | 0% | 0% |
| Гази Баба | Број | 18 | 21 | 20 | 13 | 12 | 11 | 2 | 1 | 1 | 1 | 0 |
| | Процент во општината | 18% | 21% | 20% | 13% | 12% | 11% | 2% | 1% | 1% | 1% | 0% |
| Кочани | Број | 22 | 26 | 19 | 17 | 14 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | Процент во општината | 22% | 26% | 19% | 17% | 14% | 2% | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Свети Николе | Број | 10 | 20 | 18 | 22 | 16 | 13 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | Процент во општината | 10% | 20% | 18% | 22% | 16% | 13% | 1% | 0% | 0% | 0% | 0% |
| Тетово | Број | 11 | 13 | 16 | 30 | 21 | 3 | 3 | 0 | 2 | 0 | 1 |
| | Процент во општината | 11% | 13% | 16% | 30% | 21% | 3% | 3% | 0% | 2% | 0% | 1% |
| Вкупно | | 66 | 110 | 94 | 104 | 79 | 33 | 7 | 2 | 3 | 1 | 1 |
| Вкупно | | 13,2% | 22% | 18,8% | 20,8% | 15,8% | 6,6% | 1,4% | 4% | 6% | 2% | 2% |

Структура на домаќинствата според бројот на членови укажува дека постои висока застапеност на помалите домаќинства, но сепак податоците посочуваат на сè уште постоечката практика на живот во заедничко домаќинство со повеќе генерации и на сè уште високиот наталитет особено кај ромските домаќинства.

Согласно со **образовниот статус** на главата на домаќинството од вкупно 500 домаќинства, во 454 (90,8%) главата на домаќинството е писмен, односно знае да чита и да пишува, а загрижувачки висока стапка од 46 (9,2%) домаќинства каде главата на домаќинството е неписмен. Факт кој треба да се истакне е дека најголемиот дел од главите на домаќинствата - 177 (35,4%) се со само основно образование, а 98 (19,6%) се без образование или со незавршено основно образование. Најголемиот дел од оние кои немаат завршено ни основно образование се сконцентрирани во руралните општини Битола и Свети Николе, но исто така и во Кочани - претежно меѓу испитаниците од ромската етничка група.

Табела 5: Формално образование на главата на домаќинството по општини

| | | Националност | | | | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонци | Албанци | Роми | Турци | Срби | Власи | Бошњаци | Друго | |
| Без образование | Број | 11 | 2 | 29 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 44 |
| | Процент во рамките на категоријата | 25% | 4,5% | 65,9% | 4,5% | 0% | 0% | 0% | 0% | 100% |
| | Процент во рамките на националноста | 3,7% | 2,6% | 29,6% | 13,3% | 0% | 0% | 0% | 0% | 8,8% |
| Нецелосно основно | Број | 25 | 1 | 24 | 3 | 0 | 1 | 0 | 0 | 54 |
| | Процент во рамките на категоријата | 46,3% | 1,9% | 44,4% | 5,6% | 0% | 1,9% | 0% | 0% | 100% |
| | Процент во рамките на националноста | 8,5% | 1,3% | 24,5% | 20% | 0% | 50% | 0% | 0% | 10,8% |
| Основно | Број | 88 | 41 | 37 | 7 | 2 | 0 | 0 | 2 | 177 |
| | Процент во рамките на категоријата | 49,7% | 23,2% | 20,9% | 4% | 1,1% | 0% | 0% | 1,1% | 100% |
| | Процент во рамките на националноста | 29,9% | 53,9% | 37,8% | 46,7% | 18,2% | 0% | 0% | 66,7% | 35,4% |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Средно стручно | Број | 119 | 18 | 8 | 2 | 6 | 0 | 1 | 1 | 155 |
| | Процент во рамките на категоријата | 76,8% | 11,6% | 5,2% | 1,3% | 3,9% | 0% | 6% | 6% | 100% |
| | Процент во рамките на националноста | 40,5% | 23,7% | 8,2% | 13,3% | 54,5% | 0% | 100% | 33,3% | 31% |
| | Процент од вкупно | 23,8% | 3,6% | 1,6% | 4% | 1,2% | 0% | 2% | 2% | 31% |
| Средно гимназиско | Број | 16 | 6 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 23 |
| | Процент во рамките на категоријата | 69,6% | 26,1% | 0% | 0% | 4,3% | 0% | 0% | 0% | 100% |
| | Процент во рамките на националноста | 5,4% | 7,9% | 0% | 0% | 9,1% | 0% | 0% | 0% | 4,6% |
| Вишо образование | Број | 13 | 2 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 16 |
| | Процент во рамките на категоријата | 81,3% | 12,5% | 0% | 0% | 0% | 6,3% | 0% | 0% | 100% |
| | Процент во рамките на националноста | 4,4% | 2,6% | 0% | 0% | 0% | 50% | 0% | 0% | 3,2% |
| Високо | Број | 20 | 6 | 0 | 1 | 2 | 0 | 0 | 0 | 29 |
| | Процент во рамките на категоријата | 69% | 20,7% | 0% | 3,4% | 6,9% | 0% | 0% | 0% | 100% |
| | Процент во рамките на националноста | 6,8% | 7,9% | 0% | 6,7% | 18,2% | 0% | 0% | 0% | 5,8% |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Втор степен на високо образование | Број | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| | Процент во рамките на категоријата | 100% | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% | 100% |
| | Процент во рамките на националноста | 3% | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% | 2% |
| Одбива да одговори | Број | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| | Процент во рамките на категоријата | 100% | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% | 100% |
| | Процент во рамките на националноста | 3% | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% | 2% |
| Вкупно | Број | 294 | 76 | 98 | 15 | 11 | 2 | 1 | 3 | 500 |
| | Процент во рамките на категоријата | 58,8% | 15,2% | 19,6% | 3% | 2,2% | 4% | 2% | 6% | 100% |
| | Процент во рамките на националноста | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% |

Од аспект на **занимањето** на главата на домаќинството, најголемиот дел од анкетираните домаќинства се со глава на домаќинство кој е работник (86 или 18,0%), потоа пензионер (80 или 16,7%) и домаќинка (45 или 9,6%). Многу е висока застапеноста на домаќинствата во која главата на домаќинството нагласила дека е невработено лице т.е. 168 (33,6%).

Во однос на **типот на домаќинство**, од 500 анкетирани домаќинства најголемиот дел се неземјоделски 396 (92,1%), мешовити се 23 (5,3%), само 9 (2,1%) се земјоделски домаќинства, едно домаќинство не знаело да се определи и едно одбило да одговори, а дури 70 домаќинства не ја определиле припадноста во однос на ова прашање, односно 14%.

### 3.3 Истражувачки предизвици

Истражувачкиот тим во текот на истражувањето наиде на следниве предизвици:

- Во делот на квалитативното истражување без тешкотии беа спроведени експертските интервјуа со повеќето општини и центрите за социјална работа и беа организирани фокус-групите. Дадените одговори по одредени прашања не ги задоволија истражувачките очекувања, па затоа беа дополнително контактирани испитаниците и од нив беше побарано подетаљно да се осврнат во елаборација на поставените прашања. Треба да се истакне дека се наиде на неспремност од Центарот за вработување во Битола за соработка и отпор во однос на обезбедување пристап до податоците за невработеноста и нејзините карактеристики во целните општини. Ова беше надминато на тој начин што податоците, генерално, беа обезбедени од електронски достапните извештаи на Агенцијата за вработување на Република Македонија, која овозможува интернет-пристап до својата мошне богата централна база на податоци за сите општини. Оттука беа извлечени и голем дел од квалитативните одговори поврзани со активните мерки кои ги презеде Центарот за вработување од Битола. Исто така, треба да се нагласи дека некои центри за социјална работа не обезбедија детални податоци за корисниците на вонинституционална и институционалн заштита.
- Во делот на квантитативното истражување кај дел од прашањата кои го опфаќаат приватниот живот на домаќинството се јави извесен отпор кај анкетираните глави на домаќинството да ги дадат бараните информации. Сепак, процентуалното учеството на одговорите од категоријата „одбива да одговори“ е статистички незначајно, па оттука не ја попречи генерализацијата на сознанијата добиени од истражувањето. Исто така, треба да се има предвид дека дел од анкетарите кои беа вклучени во истражувањето не беа со некое претходно истражувачко искуство. Нивното вклучување во истражувањето имаше цел истите да бидат економски зајакнати, како и да бидат зајакнати нивните капацитети и вештини за понатамошно дејствување во невладиниот сектор. Нивното истражувачко неискуство имаше минимално влијае врз квалитетот на одговорите, а појавата на незначителен број неодговорени прашања во прашалниците се сметаше за статистички незначајно.

- Не постоеше можност за обезбедување родова рамнотежа, од аспект на застапеност на жените како глави на анкетираните домаќинства бидејќи традиција во Република Македонија е главата на домаќинството да биде маж.

# II

# РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

Вкупно население | 95385
Жени | 48416
Мажи | 46969
Писмени | 83045
Неписмени | 2441
Домаќинства | 28942
Станови | 37225
Просечен број на членови во домаќинството | 3.29

Површина | 320км$^2$
Надморска височина | 576 м

# ОПШТИНА
# БИТОЛА



## 1. ОПШТИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОПШТИНА БИТОЛА

Општина Битола се наоѓа во крајниот југозападен дел на Република Македонија, во средишниот дел на Пелагониската Котлина. Сместена е на надморска височина од 576 метри и зафаќа површина од 794,53 км$^2$, од кои на Битола ѝ припаѓаат 26,37 км$^2$, додека селата зафаќаат површина од 768,16 км$^2$. Релјефната конфигурација на теренот во најголем дел има котлински карактер, додека од страните е заградена со високи планини. Котлинскиот дел го чини Битолско Поле кое на југ се спојува со Леринско Поле во соседна Грција, од запад е оградена со Баба и Бушева Планина, од север со Даутица и Бабуна, од исток со Селечка Планина и Ниџе, додека на југ и југозапад е оградена со падините на Нередска Планина. Низ општината поминува и реката Драгор. На општината и припаѓа градот Битола, 18 села и 64 месни заедници. Градовите кои се развивале во рамнини, во кои спаѓа и Битола, имаат скоро кружна форма. Според местоположбата, најголем дел од битолските села припаѓаат на групата рамничарски села кои најчесто се од збиен тип.

Според податоците од пописот во 2002 година кои ги дава Државниот завод за статистика, Битола има вкупно 95.385 жители што се вбројува меѓу погусто населените општини во Македонија, и тоа со 121,05 жители/km$^2$. Од вкупниот број жители во општината, 46.969 се мажи, а останатите 48.416 се жени. Етничката структура на населението во општина Битола е следна: Македонци - 84.616 (88,71%), Албанци - 4.164 (4,37%), Роми - 2.613 (2,74%), Турци - 1.610 (1,69%), Власи - 1.270 (1,33%), Срби - 541 (0,57%), Бошњаци - 21 (0,02%) и други - 550 (0,58%). Најголемиот дел го сочинува урбаното население кое живее во градот Битола, и тоа брои 74.550 жители, додека останатите 11.858 жители живеат во руралните области, односно во осумнаесетте села кои и припаѓаат на општината. Битолскиот регион се одликува со исклучително висока стапка на писменост на населението на возраст од 15 до 24 години која изнесува 98,1%. Според податоците од пописот во 2002 година, старосната структура на населението од општина Битола е следнава:

| **Општина** | **Вкупно** | **Возрасни групи (мажи и жени)** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 0-14 | 15-29 | 30-44 | 45-59 | 60-74 | 75-85$^+$ | непозната возраст |
| **Битола** | 95385 | 16228 | 20665 | 20224 | 19549 | 13815 | 4874 | 30 |

| Општина | Вкупно | Возрасни групи – мажи | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 0-14 | 15-29 | 30-44 | 45-59 | 60-74 | 75-85+ | непозната возраст |
| **Битола** | 46969 | 8273 | 10388 | 10041 | 9950 | 6301 | 2008 | 8 |

| Општина | Вкупно | Возрасни групи – жени | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 0-14 | 15-29 | 30-44 | 45-59 | 60-74 | 75-85+ | непозната возраст |
| **Битола** | 48416 | 7955 | 10277 | 10183 | 9599 | 7514 | 2866 | 22 |

Во развојот на битолската економија значаен фактор претставуваат природните услови кои придонесуваат за забрзан просперитет на Битола во наредниот период. Ваквите можности се темелат, пред сè, на природниот фактор, и тоа во прв ред на: земјоделството, шумарскиот потенцијал, минералното богатство и др.

Битола и поширокатa околина се познати по своето разновидно минерално богатство. Ова особено се однесува на големите количества лигнит и други неметали. Шумското богатство, исто така, претставува солидна основа за подинамичен развој на севкупната економија на општина Битола и на околните планини Баба - Пелистер - Кајмакчалан. Останатите шумски простори располагаат со големи шумски комплекси од огревно и индустриско дрво. Земјоделското производство е од големо значење за битолскиот регион. Имајќи ги предвид рамничарскиот и ридско-планинскиот релјеф, со кои во голема мерка се одредува карактерот на земјоделското производство во кое преовладува: сточарството (говедарство - 19.350 грла, овчарство - 55.706 грла, козарство - 6.000 грла, свињарство - 10.388 грла), живинарството (кокошки - 500.000) и пчеларството (2.500 кошници со пчели); полјоделство: житните култури (пченица -14.500 ха, јачмен - 7.250 ха, ’рж – 400 ха, овес и пченка - 3.927 ха), индустриските (сончоглед, маслена репа, тутун, шеќерна репа и друго), фуражните култури, (пченка силажа, луцерка, еспарзета, сточен грашок, граорица, вештачки ливади и др.), нивските култури (компир - 350 ха, бостан – 200 ха, грав - 100 ха и друго), градинарските (домат – 440 ха, пиперка – 310 ха, кромид, зелка и др.), овоштарството (јаболко – 190 ха, праски – 10 ха, кајсии, сливи, вишни – 317 ха и друго), лозарството - 1.190 ха (вински и трпезни сорти), печурките, природните ливади - 4.681 ха и пасиштата. Од ова може да се заклучи дека аграрот во битолскиот регион дава

големи можности за развој на стопанството, и тоа со отворање нови работни места, остварување финансиски ефекти и добар стандард на населението во руралните средини.

Како резултат на вака поволните природни можности, во последните децении почнаа да се валоризираат присутните суровински и ресурсни можности во областа на: металната, текстилната, прехранбената, тутунската, графичката индустрија, производството на млеко и млечни производи, алкохолни и безалкохолни пијалоци, шеќер, квасец, шпиритус и др.

## 2. ИНСТИТУЦИОНАЛНИ КАПАЦИТЕТИ

**Образование:** Во општина Битола има единаесет основни училишта и едно централно основно училиште. ЦОУ „Тодор Ангеловски" и ОУ „Даме Груев" имаат по две подрачни училишта во следните населени места: Горно и Долно Оризари, Карамани и Стрелиштео. Во девет училишта наставата се изведува на македонски јазик, во две училишта покрај настава на македонски се организира и настава на албански, а во едно училиште се организира настава на македонски, албански и на турски јазик. Во Битола има и седум училишта за средно образование, и тоа едно со општо гимназиско образование, едно училиште кое нуди и гимназиско и стручно образование, пет со стручно образование и едно државно музичко училиште. Во Битола, исто така, има и една приватна гимназија и едно приватно средно училиште. Бројот на ученици во основното и во средното образование бележи тренд на опаѓање.

**Здравство:** Примарната здравствена заштита во општина Битола се обезбедува во Здравствен дом кој се наоѓа во централниот дел од градот Битола. Вкупно се регистрирани 51 општа и специјалистичка здравствена ординација, од кои седум се во руралните населени места: Кравари, Бистрица, Цапари, Долно Српци, Дедебалци и Долно Оризари. Во склоп на приватните специјалистички здравствени ординации постојат и две кардиолошки ординации, а има и девет лаборатории. На територија на општина Битола има регистрирано 82 стоматолошки ординации, од кои една во с. Ивањевци, а во тој број влегуваат и осум заботехнички лаборатории. На територија на општина Битола дејствува и Заводот за рехабилитација на говор, слух и глас, ЈЗУ Центар за јавно здравје-Битола и Клиничката болница. На територијата на општина Битола има 72 аптеки. Евидентирани се шест гинеколошки ординации. Во поголемите села има амбуланти во кои се обезбедуваат основни здравствени услуги.

**Социјални установи:** За предучилишно воспитание и образование во општината има две централни општински јавни

установи за деца, и тоа: детските градинки „Естерија Овадија Мара“ и „Мајски цвет“. Како клонови на градинката „Естерија Овадија Мара“ работат пет детски градинки, исто така и три клонови на детската градинка во селата Бистрица, Кравари и Кукуречани. Во склоп на градинката „Мајски цвет“ работат шест градинки. Во нив престојуваат 1152 деца, од кои 490 се деца од женски пол. Приватна детска градинка нема. Во општина Битола има еден јавен старски дом со 140 легла, но најновите податоци говорат дека на негово место ќе се гради нов, посовремен јавен старски дом. Исто така постојат сознанија дека во моментов се гради и еден приватен старски дом, а постои иницијатива и за изградба на уште еден, но се чека одобрение од МТСП[7].

**Културни установи:** Културниот живот на територијата на општина Битола е мошне богат. Постојат бројни културни манифестации, како што се: Битолско културно лето, „Бит-фест“, „Интер-фест“, „Браќа Манаки“ и многу други. Централна културна институција во Битола е Народниот театар – Битола, потоа следат Заводот за заштита на споменициите на културата, Музејот и галеријата и Центарот за култура – Битола кој е организатор на бројни културни манифестации. Во Битола има Народна универзитетска библиотека „Климент Охридски“ и мала киносала која моментално не е во функција.

**Спортски објекти:** Во општина Битола има две спортски сали, шест училишни спортски сали, еден главен градски фудбалски стадион и три помошни, еден отворен пливачки базен, шест тениски игралишта, две скијачки патеки, три стрелишта и три ловишта.

**Медиуми:** Во општина Битола функционира Радио Битола и едно приватно локално радио, три приватни локални телевизии и четири весници.

**Граѓански организации:** Во општина Битола до декември 2010 година има 644 регистрирани граѓански организации, но согласно со Законот за граѓански организации и фондации, во 2011 е направена нивна пререгистрација. Оттука, заклучно со 31 август 2011 година, е утврдено дека има само 240 активни организации. Повеќе од половината (55%) се регистрирани како организации кои работат на полето на заштита на младите, човековите права и на родовата рамноправност, здруженија на етничките заедници и сл., 6% се социохуманитарни организации, 5% професионални (струкови), 4% културни здруженија, а 27% се спортски здруженија.

**Стопански субјекти:** Во 2008 година, на територијата на општина Битола се регистрирани 3.295 деловни субјекти што

7 Талевска П., 2012. „Дом за стари – бизнис за млади“, „Нова Македонија“ бр.22485, сабота 21.1.2012, онлајн издание. Пристапено на 6.9.2012 год. http://www.novamakedonija.com.mk/NewsDetal.asp?vest=12112935164&id=9&prilog=0&setIzdanie=22485

претставува 6,45% од вкупниот број во Македонија, (Економија, состојби и перспективи[8]). Според расположливите податоци, најзастапени се стопанските субјекти во доменот на прехранбената и текстилната индустрија, но огромно значење за развојот на стопанството имаат енергетските капацитети.

Графикон 1: Стопански капацитети во општина Битола




## 3. ДОМИНАНТНИ ПРОБЛЕМИ ВО ОПШТИНАТА

**Социјални проблеми:** Доминантни социјални проблеми во општината се сиромаштијата и невработеноста. Од вкупно 15661 невработено лица, 7816 (50,02%) се жени. Бројот на евидентирани невработени млади лица на возраст од 15 до 24 години изнесува 10,3%. Друга карактеристика на невработеноста е долгорочната невработеност. Од вкупниот број невработени лица, 44,2% чекаат за вработување пет и повеќе години, а 28,8% осум и повеќе години. Најголем дел од невработените лица се неквалификувани работници (38,8%), квалификувани и високо квалификувани лица се 16,7%, а со средна стручна спрема се 27,2%. Значајна е застапеноста на невработени лица со високо образование од 12,5%. Додека најмал дел (4,5%) отпаѓа на лицата со вишо образование и лицата кои се магистри (0,4%). Од вкупниот број невработени лица, анализата на стапката на невработеност по возрасни групи покажува релативно еднаква дистрибуција, односно на возраст од 20 до 29 години се невработени 3511 (22,5%), од 30 до 39 - 3111 (19,9%), од 40 до 49 - 3064 (19,6%), од 50 до 59 - 4067 лица (26,0%) и над 60 години се невработени 1709 лица или 10,9%. Како дефицитарни занимања се техничките струки, електроинсталер и електромонтер, сервисери на мехатронички системи, медицински сестри, болничари и козметичари. Како надлежна институција за преземање мерки за намалување на

8 http://www.pelagonijaregion.mk/portal/index1.php?page=info&cat1=9&cat2=54&jazik=

невработеноста, во Центарот за вработување-Битола има триесет вработени лица, од кои 20 се со високо образование и две со вишо, а осум со средно образование. Од нив, едно е раководно лице, 20 се вработени на активни, а осум на пасивни политики и еден е помошен работник. Според половата структура 33,3% се мажи и 66,7% жени. Центарот реализира активности и програми за самовработување, програма за поддршка и формализирање на постојните бизниси и субвенционирано вработување. Исто така организира обуки за одделни занимања кои се дефицитарни на пазарот на трудот и програми за поддршка при вработување на Ромите. Центарот за вработување во 2009 година реализирал едукации за отпочнување со бизнис и изработка на бизнис-планови, обука за економско јакнење на жените-жртви на семејно насилство, како и анкета за потребни вештини и знаења на пазарот на трудот во општина Битола. Јавните работи повеќе се применувале во 2009 година, во согласност со Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување од општина Битола. Според проценките на локалниот Центар за вработување, од аспект на вработувањето, како најзагрозена категорија граѓани се посочуваат лицата со ниски образовни квалификации кои немаат оформено основно образование. Исто така се посочува дека лицата кои се над 50 години спаѓаат во ризичната група на население бидејќи за нив има помали побарувања на пазарот на трудот.

Побарувачката за работна сила е мала и не може да придонесе за значително намалување на вработеноста.

Во помала мера се присутни и други социјални проблеми, како што е алкохолизмот и семејното насилство. Во последно време се јавува проблемот со користење дроги од страна на малолетни лица. Како социјално најзагрозена група во општината се издвојува населението од ромската етничка припадност. Во последниот период се влошува состојбата на ромското население и се истакнува проблемот на гетоизација и движење во групи. Најзагрозено население според категорија на проблем е сиромашното население, а според старосната граница населението над 50 години. Во општината нема посебно одделение за социјална заштита, ниту пак има таков вработен човек во Општината. Општината располага со акционен план до 2009 година, меѓутоа тој повеќе не е важечки. Инаку, Општината ја посочува одличната соработка со сите институции кои овде се наведени.

**Инфраструктурни проблеми:** Инфраструктурата на општина Битола е задоволителна, но сепак се преземаат мерки за континуирана промена на асфалтот на улиците, инфраструктурата на водоводот, канализацијата и сл. Во моментот Општината се залага за изградба на катна гаража, ги уредува влезовите во градот, се работи на собраќајно решение на градот, сигнализација и нови паркинг-места. Во 95% од општината има водоводна мрежа со делумно променети цевки, а во

другиот дел со вода се снабдуваат преку бунари и хидрофори. Во тек е изградба на нова прочистителна станица која ќе чини 11 милиони евра, средства обезбедени од швајцарска донација. Канализациска мрежа има во градот и во дел од селата. Комуникациската поврзаност во основа е добра и има асфалтирани патишта до сите населени места. Меѓутоа, квалитетот на асфалтот е во лоша состојба, а внатре во селата има неасфалтирани земјени патишта.

**Еколошки проблеми:** Општина Битола се соочува со проблемот на непостоење регионална депонија, немање селекција и рециклажа на отпад.

## 4. СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ВО ОПШТИНАТА

**Општинска администрација:** Во рамките на општинската администрација нема посебно одделение за социјална заштита, а нема ниту вработен кој е одговорен за овие прашања, туку надлежностите се реализираат од страна на Одделението за локален економски развој, меѓуопштинска соработка и јавни дејности. Од вкупниот број лица вработени во општинската администрација - 147 вработени, 59 се со високо образование, 16 со вишо и останатите се со средно образование. Според профилот, 14 се правници и инженери архитекти, 10 економисти, 6 градежни инжинери, 4 сообраќајни инжинери, 3 машински инжинери, по 2 информатичари, хемичари и дипломирани наставници, и по 1 дипломиран филолог, филозоф и актер. Нема вработен социјален работник. Општината во 2009 г. има подготвено акционен план, но истиот не е важечки. Соработката со граѓаните се одвива најчесто преку т.н. средби со граѓаните. Градоначалникот одржува редовни средби со граѓаните, а два-три пати во годината се организираат и отворени денови каде што тој ги прима граѓаните и разговара за нивните проблеми. Истовремено, соработката со граѓаните, како и прибирањето на потребните информации се остварува преку месните заедници. Социјално загрозените лица привремено се ангажираат во извршувањето на јавните работи во градот. Во моментот има еден таков проект, организиран од Владата за намалување на сиромаштијата. Социјално загрозените се ангажирани на пет-шест месеци, за средување на градот, уредување на зеленилото и сл. и добиваат одреден паричен надоместок.

Општината доделува еднократна парична помош за социјално загрозеното население, за чие доделување надлежност има Советот и градоначалникот. Годишната ставка на градоначалникот за доделување средства по основ на барање, каде спаѓаат и барањата за помош за лекување, изнесува 0,5% од вкупниот буџет на Општината.

За 2012 година се издвоени 4.300.000,00. Еднократната помош најчесто е во висина од 5000 до 15000 денари, додека висината за помош за лекување изнесува од 20.000 до 30.000 денари. Мрежата на социјални услуги во општината ја сочинуваат Центарот за социјална работа, Дневниот центар за деца на улица, Дневниот центар за лица со пречки во развој и народна кујна. Општината ја поддржува работата на дневните центри и народната кујна преку обезбедување простор, а по потреба и опремување на просторот.

**Меѓуопштински центар за социјална работа**

Меѓуопштинскиот центар за социјална работа во Битола е надлежен да постапува на подрачјето на три општини, и тоа: Општина Битола, Могила и Новаци. Најоддалеченото место кое го покрива МЦСР Битола е селото Градешница кое се наоѓа на оддалеченост од 60 километри и истото има 50 жители. МЦСР Битола има 57 вработени од кои поголемиот број се стручни лица, и тоа магистри: два по социјална работа, еден по педагогија, еден по човекови ресурси, еден социјална педагогија, еден логопедија, 10 дипломирани социјални работници, пет правници, четири психолози, три педагози, еден дефектолог, еден социолог, пет економисти, еден сообраќаен инженер. Со виша стручна спрема се 2 економисти, 2 педагози, 1 машински инженер, 1 текстилен технолог, 8 лица со средно образование, 5 со трет степен средно образование, 2 медицински сестри и 5 лица со основно образование. Иако ова е еден од најекипираните центри, сепак се смета дека постои потреба од стручен кадар. Центарот е организиран категоријално. Постојат одделенија за семејно насилство, за социјална парична помош, за посвојување и старателство, за малолетничка правда и социјално вклучување и за административни работи (сметководство и технички персонал), како и гореспоменатите два дневни центри (за деца на улица и деца со посебни потреби). Што се однесува до техничките капацитети ЦСР Битола располага со две возила, 43 простории, од кои 10 се на дневните центри и 50 компјутери. Повеќе од еден вработен делат работна просторија. Како основен проблем кој го посочуваат од Центарот за социјална работа е потребата од дополнување на возниот фонд со уште едно возило кое е неопходно за извршување на теренската работа.

Истакната е слаба соработка со НВО секторот, но и соработката со општините ја оценуваат како слаба, односно незадоволителна. Посочено е дека се излегува во пресрет само под притисок од Центарот. Соработката со здравствените установи се оценува како добра, особено во доменот на старателство, бидејќи Центарот како старателски орган им обезбедува здравствена заштита на децата, како и на згрижувачките семејства. На ниво на Меѓуопштинскиот центар за социјална работа Битола, здравствена заштита користат 342 корисника. Соработката со Центарот за вработување се оценува како одлична, особено во доменот на спроведување на оперативните

планови за вработување на Владата на РМ. Исто така, соработка се остварува и на ниво на размена на информации во однос на категориите корисници кои ги опслужува Центарот. Постои одлична соработка и во однос на акционите планови за посебните ранливи групи како што се жртвите од семејно насилство, при што за неколку жени се овозможи отворање на сопствен бизнис, а некои со посредништво на Центарот засноваа и работен однос во одредени производствени капацитети кои се наоѓаат на ниво на општина Битола. Со училиштата постои секојдневна соработка која се остварува преку редовни посети кои се поврзани со одлуките за доделување старателство, во ситуации при развод на брак или во ситуации кога се појавуваат некакви проблеми. Соработката со приватниот сектор и со верските заедници се оценува како многу слаба. Според показателите во општина Битола, Ромите се социјално најзагрозена група и тие во најголем број се концентрирани во месноста Баир. Според добиените информации од ЦСР Битола, во последната година е евидентирано рапидно зголемување на бракоразводите од 30%, како и пораст на корисниците на постојана парична помош од 10 до 15%, имајќи предвид дека станува збор за лица кои се работно неспособни. Ова зголемување се однесува претежно за лицата кои имаат душевни заболувања и ментална ретардација, а се над 26-годишна возраст. Исто така, во Центарот за социјална работа е евидентирано зголемување на корисниците на правото за помош и нега од друго лице за 30%.

**Број и структура на корисниците на мерки и услуги на социјална заштита** Според податоците во Битола се евидентирани 1174 корисници на социјална парична помош, додека како корисници на постојана парична помош се јавуваат 216 лица, а 1347 лица се корисници на туѓа нега. Еднократната парична помош се доделува во исклучителни случаи, и тоа во просек 30 корисници го стекнуваат тоа право во текот на еден месец. Најчеста причина поради која не се остварува правото на парична помош е нецелосна документација од страна на барателите. Претежно станува збор за лица кои не се заведени во матичната евиденција на државата. Иако, ЦСР Битола во соработка со МТСП прават напори за надминување на овој проблем, пред сè, преку идентификување на лицата кои не се запишани во матичната евиденција и обезбедување на потребните документи за да се стекнат со правата од системот на социјална заштита. Нередовното пријавување е најчеста причина за губење на правото на социјална парична помош.

Вонинституционалната заштита на корисниците од општина Битола е сведена на три форми, и тоа: сместување во станбени заедници кои се наоѓаат во Скопје и Неготино, обезбедено за две лица од општината, сместување во згрижувачки семејства на ниво на Републиката - 26 лица, додека 33 лица се сместени кај блиски сродници. Институционална заштита користат 77 лица од општина Битола и тие се сместени во различни институции ширум Републиката.

Според директорот на ЦСР Битола постои потреба за развивање на одредени институционални и вонинституционални услуги. Во моментот, на ниво на општина Битола има седум згрижувачки семејства.

Постои потреба за отворање центар за возрасни лица кои имаат проблеми со телесната и менталната попреченост. Според проценката на ЦСР постои потреба од дневен центар за возрасни лица, како и за лица со церебрална парализа, но се смета дека тие лица треба да бидат сместени во посебен центар. На ниво на општина Битола постојат два дневни центри кои се под ингеренција на Центарот за социјална работа, и тоа Дневниот центар за деца на улица и Дневниот центар за лица со телесна и ментална попреченост. Тие дејствуваат како посебни организациони единици.

**Јавна здравствена установа**: Во ЈЗО спаѓаат следните општини: населението од  општина Битола, општина Могила, општина Новаци, односно околу 100-120 000 жители. Здравствениот дом-Битола има вработено 231 лице, и тоа: доктори по медицина, доктори – специјалисти (општа медицина, педијатрија, детска превентивна стоматологија), медицински сестри со средно образование, со вишо и високо образование, дипломирани фармацевти, фармацевти специјалисти, лаборанти, лабораториски техничари, специјалист по медицинска биохемија, дипломирани биолози, рендген техничари, референти, возачи, инженери, правници, економисти, општи работници. Но, сепак, се нагласува недостигот од здравствени работници, особено доктори, медицински сестри, како и недостиг на вработени возачи и општи работници. Во ЈЗУ Здравствен дом-Битола проблем е финансирањето, односно недостиг на средства за реализирања на новите вработувања, за набавка на основни средства, набавка на возила во службата за итна медицинска помош и домашно лекување. Кај нас, како и кај сите установи се соработува со Фондот, и тоа со определен буџет. Фондот ги плаќа здравстените услуги, а не дава плати на вработените, што значи со приватизацијата и конкуренцијата и договорот на Фондот со приватните здравствени установи се намалува бројот на услугите, така што наредниот период сигурно ќе се намали и буџетот.

Здравствени услуги кои ги нуди Здравствениот дом-Битола се: превентивни здравствени прегледи, вакцинации, систематски прегледи на деца од 0 до 7 и од 7 до 18-годишна возраст, итна медицинска помош, домашно лекување, услуга од патронажна посета на медицински сестри, издавање лекови во депото на лекови, рендген за заби, превентивни прегледи на спортисти, систематски превентивни прегледи на работници, лабораториски услуги и стоматолошки превентивни прегледи. Најголем број корисници има во доменот на лабораториските услуги и систематските превентивни прегледи на деца од 0 до 6 и од 7 до 18-годишна возраст.

Мерките кои треба да се преземат за подобар опфат на системот за здравствена заштита на најранливите категории се програмите за превентивните прегледи и  програмите за здравје на сите кои ги донесува Владата на Република Македонија и да се зголемат финансиските средства.

## 5. СОРАБОТКА НА ОПШТИНАТА СО ЛОКАЛНИТЕ АКТЕРИ

Соработката со сите институции кои се наведени е одлична и таа се реализира според потребите. На граѓанските здруженија им се дава финансиска поддршка, простор во месните заедници и помош за реализација на проекти. Соработката со верските организации се одвива по потреба, истите се вклучуваат во реализација на некои собири, а се вклучуваат и во работата на некои совети како што е Советот за превенција и слично.

Постои соработка со останатите општини, пред сè, преку реализација на проекти со Центарот за развој на пелагонискиот плански регион, проекти кои се во насока на развој на регионот. Општината има добра соработка со ЗЕЛС, меѓутоа таа не се однесува на прашања од социјалната сфера.

Се реализира соработка меѓу Општината и Агенцијата за вработување при ангажирање корисници за изведување јавни работи.

Општината реализира соработка со граѓански здруженија најчесто преку консултации, како и при кофинансирање на одредени проекти на НВО.

Соработката со приватниот сектор не е доволно развиена, но се напоменува дека се зајакнува социјалната одговорност на приватните фирми. Неколку од нив донирале средства за отворање на Дневниот центар за лица со посебни потреби.

Соработката на централно и на локално ниво се одвива преку заеднички проекти како што се народната кујна и функционирањето на Дневниот центар.

Во општината е формирана Локална граѓанска група на доброволна основа во која учествуваат сите релевантни актери на локално ниво, како и претставници од христијанската и исламската верска заедница со цел превенција на социјалните проблеми.

## 6. РЕЗУЛТАТИ ОД ФОКУС-ГРУПИТЕ

Во општина Битола во фокус-групите беа вклучени 30 учесници, од нив осум лица се од фокус-групата кои се корисници на социјална парична помош, 10 жени Ромки и 12 млади лица.

Испитаниците во сите три фокус-групи ја нагласуваат невработеноста, како генератор на сите останати проблеми. Најчесто вработување во општината е во рамките на РЕК Битола, текстилната индустрија и трговија. Според информациите добиени од фокус-групата на млади лица, привремена работа може да се најде, но најчесто не соодветствува на образовната подготовка на младите, особено не на високо образованите млади лица. Многу често вработувањето е од времен карактер, со висок степен на злоупотреба на таканаречената „пробна работа“. Најчесто, овој вид вработување не се плаќа или времено вработените работници се искористуваат, односно

*„Се вработуваат пробно, на три-четири месеци, потоа работодавците им велат дека не им се допаѓа како работат, ги отпуштаат и бараат нови работници и со тоа се повторува постапката.“*

- Младо невработено лице

Ваквиот третман ги обесхрабрува младите лица кои не сакаат да работат што било, не сакаат да бидат искористувани и да работат на работни позиции преку кои не можат да го применат стекнатото знаење. Како сериозен проблем се истакнуваат и вработувањата кои се базираат на партиска афилијација или непотизам.

За разлика од младите, корисниците на социјална помош и лицата од ромската етничка група посочуваат дека пристапот до работните места им е сериозно ограничен. Изворот за егзистенција го наоѓаат во собирање материјали кои можат да се рециклираат. Ромите нагласуваат дека се изложени на „дискриминација во однос на можностите за користење на некои од активните политики за вработување, особено во однос на можноста за користење средства за самовработување.“ Постарите лица од групата корисници на социјална парична помош истакнуваат дека немаат можност за вработување и покрај работниот стаж што го имаат. Не можат да ги платат ниту основните режиски трошоци.

*„Не можеш да си ја платиш струјата, извршители ни идат на врата, ни го земаат и тоа што го имаме заработено во минатото, со тоа автоматски ти го загрозуваат здравјето, се јавува нервоза. За да опстанеме собираме шишиња, влегуваме во ѓубре, цело кило прашак после тоа ни треба да се исперeме, од каде да најдеме финансиски сре дства...“*

- Корисник на социјална помош

Испитаниците од фокус-групата на млади лица сметаат дека нивната положба е по поволна во однос на другите ранливи групи. Пред сè, таа зависи од положбата на нивните семејства кои доколку се ситуирани им гарантираат одреден степен на материјална сигурност. Испитаниците од групата Роми кои се корисници на социјална парична помош сметаат дека тие се во најнеповолна положба во однос на останатите ранливи групи. На овие две групи испитаници, покрај средствата за режиски трошоци, им недостасуваат средства за лекови и не можат да си ги платат трошоците за лекување што во голема мерка ја влошува нивната способност за остварување средства за егзистенција. Се нагласува недостигот на парични средства и тие сметаат дека во одредени ситуации им е неопходна еднократна парична помош за плаќање на трошоците за лекување.

Иако добиената помош е со многу ограничен опсег, најчесто се посочува ЦВ како институција која нуди учество во различен вид обуки. Се нагласува дека ваквите можности се многу ретки. ЦВ нуди и активација на јавни работи и ваква форма на помош добиваат мал дел од корисниците на социјална парична помош.

*„За два дена задоцнување за пријавување во ЦВ, мојот син иако изрази интерес не можеше да се вклучи во обуките за преквалификација организирани од страна на ЦВ, едноставно отфрлени сме од секаде.“*

- Корисник на социјална парична помош

Општината ги ангажирала за учество во пописот, но тоа е остварено по етнички клуч. Еден од испитаниците користи услуги од народната кујна, но наведено е дека покрај големиот број потребни документи за остварување на правото, помошта што се добива таму е недоволна.

*„Ние сме три лица, помошта што се добива таму е недоволна, јас добивам само четврт леб, таа храна не е доволно ниту за моето дете, а не за целото семејство, што можам да постигнам со таа храна и 1700 денари социјална помош, ништо.“*

- Корисник на социјална помош

Дел од испитаниците од сите ранливи групи истакнуваат дека имаат добиено помош од невладиниот сектор. Пред сè, се истакна помошта која младите ја добиваат од страна на НВО „Биосфера“ која на неколку испитаника им обезбеди работа како волонтери во Зоолошката градина во Битола.

*„Задоволството е големо бидејќи како млади луѓе можеме да се надградуваме, да практикуваме тимска работа, да воспоставиме контакт со образовните институции, а истовремено и да се дружиме.“*

- Младо невработено лице

Како најчеста причина за положбата во која се наоѓаат младите се истакнува немањето работно искуство и неможноста за стекнување на истото. Иако во Битола постојат голем број институции, евидентна е незаинтересираноста, демотивираноста и изгубената доверба во системот од страна на младите луѓе.

*„Кога бев вклучена во анкетирање за вработување, сите кои ги анкетирав рекоа дека се невработени, но и дека не се потрудиле да најдат работа.“*

*„Се јавувам на сите конкурси, ме интервјуирале за различни позиции, но не сум имала голема полза од тоа.“*

*„Каде најчесто се вработуваат младите (кафуле, бутик, маркет). Кога сте млади не сакате да работите некаде каде што имате само по еден слободен ден во неделата. Јас сум млада, сега за сега подобро ќе биде да не работам, отколку да му робувам некому по цел ден за 8000 денари.“*

-Млади невработени лица

Младите лица од Битола често одат во странство на сезонска работа, работат одреден број месеци и заработуваат доволно.

Според испитаниците постои потреба Општината да ги докомплетира психопедагошките служби со социјални работници за да се отстранат целосно проблемите кај децата и младите.

# 7. РЕЗУЛТАТИ ОД АНКЕТНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ НА ДОМАЌИНСТВАТА ВО ОПШТИНА БИТОЛА

## 7.1. Општи податоци за анкетираните домаќинства

Во општина Битола беа анкетирани вкупно 100 домаќинства, од кои 58 домаќинства од урбана, 26 домаќинства од рурална средина и 16 домаќинства од приградско подрачје. Структурата на анкетираните домаќинства според типот на домаќинството покажува дека најголем број се неземјоделски (84%), потоа земјоделски (6,03%) и мешовити (8,43%). Дистрибуцијата на домаќинства по етничка припадност покажува дека 42 домаќинства се изјасниле како Македонци, 27 како Роми, 17 Албанци, 11 Турци, 1 како Срби и две се изјасниле како друго. Во 76 домаќинства, глава на домаќинството е маж, а во 24 е жена. Во најголем број случаи од анкетираните, кај едночлените домаќинства (60%) глава на домаќинството е маж. Во помал број случаи жената се јавува како глава на двочлени домаќинства (50%) и тричлени домаќинства (16,7%).

Графикон 2: Националност



Графикон 3:Број на членови во домаќинството според пол на главата на домаќинството




Речиси постои рамномерна распределба помеѓу двочлените (23,7%), тричлените (22,4%) и четиричлените (27,6%) домаќинства во кои глава на домаќинството е маж. Во најголем број случаи главата на домаќинството е во брачна заедница (69%), во 10% од случаите се работи за лица кои се неженети/немажени и во 13% од случаите се работи за вдовец/вдовица. Загрижува податок дека 83% од испитаниците се писмени, голем дел се со нецелосно основно образование - 16%, без образование се 18%, 27% се со средно образование и 7% се со вишо и високо образование. Во најголем број од домаќинствата, главата на домаќинството е невработено лице (дури 51 домаќинство), потоа пензионер (29%), домаќин/ка (27,65%) и работници (23,40%). Како корисници на социјална парична помош се изјасниле 40 испитаника, при што за забележува дека 34 се изјасниле како невработени, а 6 се изјасниле како домаќинки. Според типот на домаќинство постои релативно нееднаква дистрибуција на корисниците на парична помош од социјална заштита, при што на неземјоделски тип домаќинство отпаѓаат 97,1%.

Графикон 4: Тип на домаќинство



Графикон 5: Брачен статус на главата на домаќинството




### 7.2. Вработување

Анализата од податоците добиени со анкетата посочува на сериозност поради проблемот со невработеноста со кој се соочуваат домаќинствата. Од вкупниот број анкетирани домаќинства, во 80% нема ниеден вработен. Од нив, 38,8% домаќинства се македонски, 32,5% ромски, 18,8% албански и 7,5% се турски. Загрижува фактот што помеѓу анкетираните ромски домаќинства нема вработен член. Во 6 домаќинства се евидентирани по еден вработен член, во исто толкав број домаќинства се евидентирани две вработени лица, од кои најголем дел се од македонска етничка припадност. Треба да се забележи дека помеѓу анкетираните има 18 домаќинства со по еден член кој е неактивен - пензионер и три домаќинства во кои има по два неактивни члена - пензионери, додека 13 домаќинства во кои има по еден член, неактивно лице - домаќинка, девет со по две домаќинки и две домаќинства со по три неактивни лица - домаќинки.

### 7.3. Животен стандард

Загрижувачки податоци се добиени и во однос на животниот стандард на анкетираните домаќинства. Утврдено е дека во изминатите 12 месеци, 82 домаќинства не оствариле приход од редовен работен однос. И тука се потврдува истата тенденција, односно вкупниот број испитаници од ромската етничка група живеат без приходи од личен доход. Од вкупниот број испитаници, 26,53% посочуваат дека во домаќинството е остварен приход по основ на пензии, само 21 % од

домаќинствата оствариле приходи од дополнителна работа, а само 7,14% од испитаниците оствариле приход од земјоделие. Ниеден од испитаниците не примил приход од имот (закуп, продажба). Од 14 анкетирани лица, 10 корисници на парична помош од социјална заштита истакнале дека примиле финансиска помош од некој поблизок роднина на семејството. Повисок степен на солидарност се евидентира во рамките на македонската и ромската заедница каде оваа појава е застапена со 16 % во двата случаја.  Треба да се забележи дека ниедно ромско домаќинство не остварило приход од земјоделство, 36% од анкетираните ромски домаќинства оствариле приходи од дополнителна работа, а само 8% од пензии. Приходите по други основи имаат незначителен удел во вкупниот буџет на домаќинствата.

Графикон 6: Извор на остварен приход во последните 12 месеци




| | Редовен работен однос | Вонредовен работен однос | Пензии | Странство | Земјоделство | Имот (закуп, продажба) | позајмици | деца/родители/роднини | Социјална заштита |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ■ Да | 16 | 21 | 26 | 4 | 7 | | 7 | 15 | 41 |
| ■ Не | 82 | 77 | 72 | 94 | 91 | 98 | 92 | 83 | 56 |
| □ Одбива да одговори | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 1 | 2 | 3 |

Најголем дел од домаќинствата (53%) во последниот месец оствариле приход до 5000 денари, при што 68,6% од нив се домаќинства, корисници на парична помош од социјална заштита, а 31,4% не се. Истата сума на приходи се јавува како најзастапена во вкупната бројка корисници на социјална парична помош. Имено од 40 корисника на социјална заштита, 35 истакнале дека претходниот месец оствариле приход под 5000 денари. Во 25% од домаќинствата, месечната сума на приходи изнесува од 5000 до 10000 денари, при што како најзастапена група која остварува приход во рамките на тој износ се домаќинства кои не користат никаков вид парична помош од социјална заштита (80%). Додека само 8% од испитаниците остваруваат над 23000 денари.

Графикон 7: Висина на остварен приход на домаќинството во претходниот месец




Важно е да се напомене дека само седум испитаници од корисниците на парична помош од социјална заштита оствариле приход по основ на земјоделие. Додека испитаниците кои не се корисници на парична помош не оствариле приход по основ на земјоделие.

Во однос на прашањето за консумирање топол оброк со месо, доминантни се домаќинствата во кои се готви еднаш неделно (43%), потоа следуваат домаќинствата во кои неделно не се подготвува топол оброк со месо (32%), а кај 24 % од случаите се готви повеќе од два пати во неделата. Значајно е да се забележи високиот процент на домаќинства (32%) во кои не се консумира топол оброк со месо ниту еднаш неделно. Во оваа категорија спаѓаат 74,1% од анкетираните ромски домаќинства. Во рамките на категоријата корисници на парична помош од социјална заштита, 55 % од испитаниците истакнуваат дека ниту еднаш во неделата не подготвуваат топол оброк со месо, 10% консумираат двапати неделно, додека 32,5% еднаш неделно. Тука се издвојуваат невработените како најдоминантна група, па потоа домаќинките (14,3%). Во домаќинствата во кои главата на домаќинството е службеник, топол оброк со месо во најголем број случаи (100%) се консумира три пати неделно, додека кај работникот во 45,5% од случаите се консумира два пати во неделата.

Графикон 8: Консумирање на топол оброк според занимање на главата на домаќинството




Дистрибуцијата на одговорите во однос на полот кај главата на домаќинството покажува слична тенденција, при што најголем број од домаќинствата во кои глава на домаќинството е маж се консумира топол оброк еднаш неделно (39,5%), а случајот е ист и кај домаќинствата во кои жена е глава на домаќинството и се консумира еднаш неделно топол оброк во 54,2% од случаите. Се забележува висок процент на домаќинства (31,6%) во кои маж е глава на домаќинството, а каде ниту еднаш неделно не се подготвува топол оброк со месо.

Најголем број од испитаниците (91) истакнале дека пари им недостасуваат најмногу за покривање на режиските трошоци (домување, вода, електрика, гориво), храна, безалкохолни пијалоци, облека и обувки кај 64 испитаници. Во помал број случаи, испитаниците истакнале дека им недостасуваат пари за покуќнина и мебел (43), комуникации (32), а загрижува податокот за бројот на испитаници (57) кои истакнуваат дека им недостигаат парични средства за задоволување на хигиенски и здравствени потреби. Само 16 испитаници истакнале дека им недостигаат пари за образование. Анализата на одговорите од корисниците на парична помош од социјална заштита покажува слична тенденција. Имено, 100% од нив истакнале дека им недостигаат пари за режиски трошоци, 87,5% за храна и безалкохолни пијалоци, а само 2,9% истакнале дека им недостигаат пари за купување алкохолни пијалоци и тутун. Целокупниот број од испитаниците Роми (100%=27) истакнуваат дека им недостигаат пари за купување храна и покривање на режиските трошоци. За разлика од нив, кај испитаниците Македонци поголем е бројот на оние кои им недостасуваат пари за режиски трошоци (37), наспроти испитаниците кои наведуваат дека им недостигаат пари за храна и безалкохолни пијалоци (21). Исто така 88,9% од Ромите, 75% од Турците и 64% од Албанците истакнале дека им недостасуваат пари за облека и обувки.

Графикон 9: Фреквенција на наведени одговори за недостиг на пари




Анализата на податоците посочува дека постои релативно рамномерна распределба во однос на станбените услови, при што речиси една третина (34%) од испитаниците живеат во двособен стан, 29% живеат во гарсониера, 27% во еднособен стан, а само (9%) во трособен. Анализата од етничката припадност на лицата кои живеат во гарсониера покажува дека дури 69% од испитаниците се од рамската етничка група. Анализата на станбените услови за живеење споредени со бројот на членовите на домаќинствата покажува дека најголем број од едночлените домаќинства живеат во гарсониери и еднособни станови. Загрижува фактот што 37,5% од петчлените домаќинства и 75% од анкетираните шестчлени домаќинства живеат во гарсониера. Сите шестчлени и поголеми домаќинства се од ромската етничка група.

Графикон 10: Број на членови во домаќинството споредено со големина на станот



Графикон бр. 11 Број на простории кои се загреваат во домот




Во однос на начинот на кој домаќинствата го загреваат домот, евидентиран е висок процент на користење печки на тврдо гориво, дрва (85), со печка на струја 13 домаќинства, а едно домаќинство го загрева домот со сопствено парно и само едно домаќинство навело со други извори. Податоците за тоа колкав број простории се загреваат укажуваат на намален квалитет на живеење во зимскиот период. Имено, најголем број од домаќинствата загреваат само една просторија во домот 87%[9], додека 9% две простории, а три и повеќе простории само 3%.

Најголем дел од домаќинствата се приклучени на канализациона мрежа (77). Истата тенденција се забележува и кај корисниците на парична помош од социјална заштита, односно само две домаќинства имаат септичка јама. Кај 45 домаќинства во домот има веце со купатило, веце во двор имаат 52 домаќинства, а веце во стан 33 домаќинства. Резултатите покажуваат дека голем дел од домаќинствата се приклучени на водоводна мрежа, односно чешма во стан имаат 71 домаќинство.

9 Треба да се нагласи дека во овој број влегуваат домаќинствата и 29 кои живеат во гарсониера.

Графикон 12: Број на домаќинства кои немаат потреба или неможат да си дозволат апарат за домаќинство




| | Шпорет на цврсто гориво | Електричен шпорет | Печка | Бојлер | Фрижидер | Длабоко замржнување | Машина за перење алишта | Машина за миење садови | Правосмукалка | Клима Уред | Радио/Грамофон/Касетофон | Телевизор | Видео Камера | Видео Рекордер/ДВД | Фотографски апарат | Компјутер | Телефон | Мобилен телефон | Велосипед | Мотор | Патнички автомобил | Земјоделски машини/трактор |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| одбива да одговори | 7 | 1 | 7 | 5 | 1 | 8 | 4 | 7 | 8 | 8 | 6 | 2 | 9 | 9 | 7 | 7 | 5 | 4 | 5 | 7 | 7 | 7 |
| неможе да си дозволи | 7 | 26 | 49 | 37 | 22 | 46 | 42 | 71 | 37 | 67 | 29 | 7 | 58 | 50 | 54 | 52 | 44 | 18 | 41 | 66 | 69 | 28 |
| нема потреба | 8 | | 19 | | | 3,0 | | 14 | | 17 | 12 | | 31 | 10 | 17 | 11 | 9 | 3 | 11 | 20 | 8 | 58 |

Евидентно е дека 37 домаќинства немаат бојлер, од кои 20 се корисници на парична помош од социјална заштита. Дел од анкетираните домаќинства имаат недостиг од основните апарати за домаќинство, како што се фрижидер за длабоко замрзнување (49), електричен шпорет (26) и фрижидер (22). Повеќе од половината од домаќинствата (63) немаат компјутер, од кои 52 не можат да си дозволат, а 11 немаат потреба. Патнички автомобил немаат 77 домаќинства, од кои 69 не можат да си дозволат, додека трактор немаат 86 домаќинства, а не можат да си дозволат 28 домаќинства.

## 7.4. Социјални проблеми и социјална заштита

Во однос на проблемите поврзани со социјалниот развој, како најзастапени се истакнуваат невработеноста (90%) и сиромаштијата (66%). Во 48% од случаите, како релевантен проблем се наведува болест на член од домаќинството, при што во 22 случаи се наведува инвалидноста како сериозен проблем. Социјалните проблеми поврзани со социјални девијации се наведени со мал број случаи на семејно насилство (7%), асоцијално однесување (5%), алкохолизам (3%), скитање на возрасен (2%) и еден случај на наркоманија. Од третата група проблеми поврзани со природни еколошки процеси, како позначаен се наведува пожарот (17%), а во незначителен процент се посочува сушата (2%) и поплавите (1%).

Графикон 13: Проблеми поврзани со социјален развој




Во однос на паричната помош од социјална заштита, како најзастапена форма се јавува социјалната парична помош, односно 58 домаќинства изјавуваат дека во минатото биле или сега се корисници на социјална парична помош, додека во три случаи се истакнува користењето на постојана парична помош. Помеѓу корисниците на социјална парична помош 32,8% се Македонци, додека 41,4 % се Роми.

Графикон 14: Домаќинства кои некогаш користеле социјална парична помош според занимање на главата на домаќинството




Од формите на вонинституционална заштита, 44 домаќинства користеле услуги од ЦСР. Кај 11 домаќинства се евидентирани кризи

во бракот, нарушување на семејните односи и односите родител-дете. Исто така се јавува по едно домаќинство кое користи право на домашна нега и згрижувачко семејство, додека четири домаќинства користеле помош за самостојно живеење.

Графикон 15: Број на домаќинства кои користат или некогаш користеле вонинституционална заштита




Графикон 16: Број на лица корисници на парична помош од социјална заштита




Како најзастапена форма на детска заштита се јавува детскиот додаток, односно 18 испитаника истакнале дека користеле детски додаток, додека само четири испитаника се изјасниле дека користеле

посебен детски додаток. Значително е повисока стапката на корисници на детски додаток од македонската етничка заедница 61,1%, додека 16,7% се од албанската, односно ромската етничка заедница. Правото на родителски додаток за дете се остварува во 4 домаќинства и сите се македонски.

Испитаниците посочуваат дека досега не добиле никаков вид помош од невладини организации, од Општината 7 испитаници, од верски и хуманитарни организации исто така 7 испитаници или за помош од други правни лица се изјаснил 1 испитаник.

Анализата на причините за некористење на правото на парична помош од социјална заштита покажува потреба за одделна анализа на ромската етничка заедница. Тоа се должи на фактот што најголем дел од ромските домаќинства (88,9 %) остваруваат право на парична помош, односно во истражувањето се вклучени само три ромски домаќинства кои не користат ваков вид помош (во сите случаи биле одбиени). Оттука, релевантна за анализа останува состојбата на домаќинствата од останатите етнички заедници каде најголем дел од испитаниците истакнуваат дека немаат потреба за остварување на ова право (47,7%). Од нив 66,7% се Македонци, 19% Албанци, 9,5% Турци и 4,8% се Срби. Одбиени биле 25,5% од испитаниците, а од нив 27,3% се Македонци и 18,2% се Албанци и Турци. Мал број од испитаниците наведуваат дека причини за некористење на ова право се нивната неинформираност (15,9%), непоседување целосна документација (4,5%) и срам од средината (2,3%).

Графикон 17: Причини поради кои не е користено правото на парична помош од социјална заштита според националност




Во однос на користењето на правата од детска заштита, анализата покажува различна состојба. Ромската заедница во голема мера е одбиена од администрацијата за користење на овие права (57,9%), додека 10,5% не го оствариле правото поради неинформираност. Кај македонската етничка заедница се покажува висок степен на немање потреба за користење на ова право (45%), низок степен на одбивање (5%) и неинформираност (35%).

Во однос на користење на формите на вонинституционална и институционална заштита, најголем дел од испитаниците немале потреба (59,4%), биле одбиени (9,4%), неинформираност (29,7%) и срам (1,6%). Ако се занемари немањето потреба од мерки за заштита, мора да се истакне високата стапка на неинформираност за остварување на правата на вонинституционална или институционална заштита (29,7), во однос на останатите причини.

### 7.5. Здравство и исхрана

Во најголем број од случаите (91%), испитаниците истакнале дека сите членови на семејството се здравствено осигурени иако овој процент е незначително помал помеѓу ромската популација (81,5%). Загрижува фактот што во пет домаќинства (три ромски,1 македонско и 1 турско) здравствено не се осигурени сите членови, додека во четири домаќинства (2 ромски,1 македонско и едно албанско) не е осигуран ниту еден член од домаќинството. Анализата на податоците покажува дека најголем број лица кои немаат здравствено осигурување се членови на семејства кои се соочуваат со проблемот на невработеност.

Графикон 18: Здравствено осигурување на корисниците според етничка припадност




Од вкупниот број домаќинства, најголем дел (93%) во случај на болест користат јавни здравствени услуги (услуги на јавни здравствени установи и купуваат лекови од позитивната листа). Само 4% од домаќинствата се лекуваат приватно. Ниту едно од домаќинствата кои користат услуги од приватен лекар не се корисници на парична помош од социјална заштита. Значајно е да се забележи дека 2% од испитаниците

не посетуваат лекар и користат алтернативни начини на лекување. Дистрибуцијата на одговори по етничка припадност покажува дека Албанците и Турците користат алтернативни начини на лекување. Во рамките на оваа категорија лица кои не користат услуги на лекар, туку се лекуваат во домашни услови, 50% се корисници на парична помош од социјална заштита. Мал број од испитаниците се оддалечени не повеќе од 15 минути одење пеш од најблискиот здравствен дом (38%), на најголемиот дел од испитаниците им се потребни 15-30 минути (59%), додека во три случаи не постои здравствен дом во населеното место.

### 7.6. Образование

Од вкупниот број домаќинства опфатени со истражувањето, 44 домаќинства имаат деца кои се на возраст од шест и повеќе години, односно деца кои се вклучени во образовниот процес. Од нив, 21 домаќинство е со македонска етничка припадност, а 17 со ромска етничка припадност. Во рамките на домаќинствата со македонска етничка припадност, шест домаќинства имаат едно дете кое посетува основно образование, пет домаќинства имаат две деца кои посетуваат основно образование, пет домаќинства имаат едно дете во средно образование, три домаќинства имаат две деца во средно образование, додека две домаќинства имаат едно дете на факултет.

Графикон 19: Домаќинства чии деца се вклучени во образование




Во рамките на домаќинствата со ромска етничка припадност, две домаќинства имаат едно дете кое поседува основно образование и едно домаќинство има две деца кои посетуваат основно образование. Само едно ромско домаќинство има две деца во средно образование.

Од анкетираните домаќинства, евидентирани се значителен број деца кои се на школска возраст, а не се вклучени во редовните образовни процеси. Така 14 домаќинства посочиле дека имаат деца на школска возраст кои не посетуваат училиште, а станува збор за голема бројка деца кои се надвор од образовниот процес (37). Треба да се напомене дека 85,71% од овие деца се од семејства каде главата на домаќинството е од ромската етничка група, а само 7,14% се од македонската или турската етничка група. Од вкупниот број домаќинства со деца на школска возраст, 21 домаќинство примаат парична помош од социјална заштита. Од нив, 8 домаќинства имаат деца во основно образование, 2 во средно образование, а 2 домаќинства имаат деца на факултет. Дистрибуцијата на одговори во однос на занимањето на главата на домаќинството покажува дека 68,2% од семејствата со невработени членови имаат вклучени деца во образовните процеси, 13,6% од каде главата е домаќин/ка, 6,8% од домаќинствата каде главата на домаќинството е пензионер и 4,5% каде главата на домаќинството е работник, односно земјоделец.

Во најголем број случаи, домаќинствата со деца кои посетуваат основно образование живеат на оддалеченост од основното училиште помала од 1 км (65,2%), додека во помал број се јавуваат домаќинства кои се оддалечени 1 - 2 км (30,4%), односно 2 - 4 км (4,3%). Најголем дел од домаќинствата кои се корисници на парична помош од социјална заштита живеат во непосредна близина на основното училиште (62,5%), 25% се оддалечени 1 - 2 км, а во 12,5% од случаите имаме домаќинства на оддалеченост од 2 до 4 км.

Анализата на податоците покажува дека сите деца вклучени во основното и во средното образование редовно ја посетуваат наставата.

Домаќинствата со деца кои посетуваат основно и средно училиште не користеле никакви форми на помош за образование, освен бесплатен превоз и бесплатна ужина, и тоа три домаќинства за деца од основно образование и четири домаќинства за деца од средно образование. Дистрибуцијата на одговори покажува дека две домаќинства-корисници на парична помош од социјална заштита користеле право на бесплатен превоз во основно образование. Што се однесува до домаќинствата во кои има членови-студенти во високообразовни институции, како форми на помош се посочени стипендии (едно домаќинство) и упис во квоти (едно домаќинство). Ниту едно домаќинство-корисник на помош од социјална заштита не користело стипендија, а само едно домаќинство има член кој користи кредит како форма на помош за високо образование. Сите домаќинства кои ги користат формите на помош за образование се од македонска етничка припадност.

### 7.7. Спорт, забава и култура

Испитаниците од општина Битола истакнале дека во најголем број од населените места постојат локали, спортско игралиште, кафе-барови и маркети. Само 14,4% од испитаниците истакнале дека во населеното место има киносала, 50% навеле дека во нивното населено место имаат пристапност до библиотека, 62,2% до спортско игралиште, 61,2% до лулашки, 51% до ресторан, 55,1% до интернет-кафе и 54,6% до спортска обложувалница. Најголем дел од испитаниците (70 домаќинства) истакнале дека ниту еден член од нивното домаќинство не користи интернет. Во 28% од случаите на користење на интернет, испитаниците користеле домашен компјутер, а само во два случаја користеле интернет од интернет-кафе.

## 8. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

### 8.1. Заклучоци

**1. Доминантни дејности**

- прехранбена индустрија
- текстилна индустрија
- градежништво
- земјоделство и сточарство
- енергетика
- рударство
- метална индустрија
- тутунска индустрија

**2. Институционални капацитети**

*Образование:*

- 11 основни училишта и 1 ЦОУ
- 4 подрачни училишта
- 7 средни училишта (гимназија и стручно образование)
- 1 приватна гимназија
- 1 приватно средно училиште

*Здравство:*

- здравствен дом
- 51 ординација по општа и специјалистичка медицина (во склоп на приватните специјалистички здравствени ординации постојат и 2 кардиолошки ординации, а има и 9 лаборатории)
- 82 стоматолошки ординации (8 заботехнички лаборатории)
- Заводот за рехабилитација на говор, слух и глас
- 1 клиничка болница
- 6 гинеколошки ординации
- има служба за брза помош
- амбуланти во селата
- 72 аптеки

*Социјална заштита:*

- Центар за социјална работа
- 2 централни општински јавни установи за деца
- Дневен центар за лица со посебни потреби
- како клонови работат 14 детски градинки
- има 1 јавен старски дом со 140 легла
- во изградба е 1 приватен старски дом
- има една народна кујна

*Култура/Спорт/Забава:*

- Дом на култура
- многу културни манифестации
- киносала надвор од функција
- 1 народна и универзитетска библиотека
- Завод за заштита на спомениците на културата
- музеј
- галерија
- има 1 народен театар
- 3 приватни локални телевизии, 1 радио и 4 весници
- 2 спортски сали
- 6 училишни спортски сали
- 1 главен градски фудбалски стадион и 3 помошни
- 1 отворен пливачки базен
- 6 тениски игралишта
- 2 скијачки патеки
- 3 стрелишта и три ловишта
- 400 здруженија на граѓани, од кои активни се 34

*Стопански субјекти:*

- во 2008 година се регистрирани 3.295 деловни субјекти (6,45% од вкупниот број во Р. Македонија)
- најзастапени се стопански субјекти од: прехранбената и  текстилната индустрија, градежништвото и печатарството

## 3. Социјални проблеми

- најизразени: невработеност и сиромаштија
- има вкупно 15.661 невработени лица
- невработеноста на младото население на возраст 15-24 години изнесува 10,3%
- најголем дел од невработените лица се неквалификувани работници ( 38,8%), додека значајна е стапката на невработени лица со високо образование од 12,5%
- долгорочната невработеност, односно од вкупниот број невработени лица,  44,2% чекаат за вработување  пет и повеќе години, а 28,8 % чекаат работа осум или повеќе години
- стапката на невработеност по старосни интервали покажува релативно еднаква дистрибуција
- дефицитарни занимања се: техничките струки, електроинсталер и електромонтер, сервисери на мехатронички системи, медицински сестри, болничари и козметичари
- алкохолизам и семејно насилство
- користење дрога од малолетни лица

*Социјално ранливи групи население:*

- сиромашни лица
- стари лица над 50 години
- најзагрозена група во општината се Ромите (гетоизација)

## 5. Инфраструктурни проблеми

*Патишта:*

- асфалтирани патишта до сите населени места
- квалитетот на асфалтот е во лоша состојба (се преземаат и мерки за континуирана промена на асфалтот) неасфалтирани земјени патишта во селата

*Водовод:*

- водоводна мрежа во 95% од општината
- во тек е изградба на нова прочистителна станица

*Канализација:*

- канализациска мрежа има во градот и дел од селата

**6. Еколошки проблеми**

- проблемот со неурбанизираната депонија, немање селекција и рециклажа на отпад
- проблеми поврзани со пожари

**7. Меѓуинсти-туционална соработка во општината**

- соработката на Општината со сите релевантни актери се оценува како релативно добра, единствено со приватниот сектор се оценува како слабо развиена

**8. Социјална заштита**

*Од Општина:*

- нема посебно одделение за социјална заштита, туку надлежностите се реализираат од страна на Одделението за локален економски развој, меѓуопштинска соработка и јавни дејности
- нема вработен социјален работник
- во 2009 г. има подготвено акционен план, но истиот не е важечки
- социјално загрозените привремено се ангажираат во извршување јавни работи во градот
- Општината од буџетот издвојува 0,5% за социјални трансфери
- висината на еднократната парична помош што ја доделува изнесува од 5.000 до 15.000 денари
- висината на помош во случај на болест е од 20.000 до 30.000 денари

*Од ЦСР:*

- корисници на СПП: 1.174, корисници на ППП: 216 лица
- корисници на ТНП: 1.347 лица
- корисници на ЕПП: 30 лица
- вонинституционална заштита: сместување за две лица во станбени заедници во Скопје и Неготино, 26 лица се сместени во згрижувачки семејства на ниво на Републиката, додека 33 лица се сместени кај блиски роднини
- институционална заштита: 77 корисници од општина Битола и тие се сместени во различни институции во Републиката

## 8.2. Препораки

### 1. Доминантни дејности

- Потенцијалите за развој, главно, во искористување на минералните богатства (особено лигнитот) претставуваат основа за подинамичен развој на севкупната економија на општината. Општината располага со голем потенцијал за искористување на шумското богатство како огревно и индустриско дрво. Покрај тоа, големи можности за развој се гледаат во прехранбената индустрија и искористување на потенцијалите за плански туризам

### 2. Институционални капацитети

*Образование:*

- подобрување на условите за одвивање на наставата во училишните згради

*Здравство:*

- подобрување на просторните услови на ЈЗУ
- обезбедување финансиски средства за кадровско докомплетирање на јавните здравствени установи
- подобрување на возниот парк на брзата помош со соодветни возила
- отворање амбуланти во сите села

*Социјална заштита:*

- да се збогати мрежата на социјални установи во општината
- да се подобрат техничките можности за функционирање на Центарот за социјална работа
- да се анализираат потребите за отворање центри за дневно згрижување на различни категории корисници
- да се финализира изградбата на старскиот дом
- да се олеснат постапките за добивање дозвола за изградба на приватни старски домови
- да се формираат служби за грижа на старите лица во домовите
- да се зголеми бројот на дневни центри за стари лица

*Култура/Спорт/Забава:*

- ставање на киносалата во функција или изградба на нова која ќе ги задоволи потребите на организаторите на манифестацијата „Браќа Манаки" како манифестација од национален интерес
- редовно одржување на постојните спортски објекти
- да се реновираат дотраените спортски објекти
- континуирана просторна и финансиска поддршка на невладиниот сектор од страна на Општината

*Стопански субјекти:*

- да се унапредат работните услови и да се почитува должината на работното време во постојните стопански субјекти, особено во доменот на текстилната индустрија
- постои потреба од подигање на свеста на работодавците, особено кај малите трговски претпријатија во однос на фер третманот кон вработените, почитување на работните права и достоинствено плаќање на трудот

## 3. Социјални проблеми

- да се промовираат програми за вработување на корисниците на социјална заштита
- да се промовира вработување на квалификуваните и високо образованите млади лица за да се спречи нивното иселување од општината

- да се разгледаат можностите за стимулирање на вработувањето на корисниците на услуги од социјална заштита преку законски мерки за поволни услови и директна поддршка (плаќање на придонеси за подолг временски период)
- да се подобри насочувањето (таргетирањето) на активните мерки кон долгорочно невработените и ефективноста во однос на вработувањето на корисниците на социјална заштита
- да се реализираат превентивни програми за спречување на појавите од злоупотреба на алкохолот и психотропните супстанции, како и превенција и спречување на семејното насилство
- да се зајакне стручната советодавна и советувалишна работа со домаќинствата зафатени од овие категории проблеми

*Социјално ранливи групи население:*

- да се работи на унапредување на положбата на Ромите во општината
- да се реализираат програми со младата ромска популација за намалување на проблемот од злоупотреба на психотропни супстанции и малолетничката проституција
- да се збогати мрежата на социјални услуги за старите лица: да се анализираат можностите за отворање социјални услуги за помош во домашни услови, дневни центри и др.
- да се разгледаат можностите за отворање сервиси за помош во домашни услови

## 5. Инфраструктурни проблеми

*Патишта:*

- да се подобри квалитетот на асфалтот, особено во руралните населени места
- да се асфалтираат дел од земјените патишта

*Водовод:*

- да се докомплетира водоводната мрежа (5%)

*Канализација:*

- да се воспостави канализација во сите рурални населени места

**6. Еколошки проблеми**

- да се изнајде решение за регионална депонија, како и изнаоѓање решение за селекција и рециклажа на отпадот

**7. Меѓуинституционална соработка во општината**

- унапредување на соработката на Општината со сите соседни општини во доменот на социјалната сфера
- зголемување на степенот на соработка меѓу Општината, МЦСР и Центарот за вработување преку интензивирано и поефикасно имплементирање јавни работи, активни мерки за вработување корисници на социјална заштита, членство во заеднички тела, едукација за можностите и облиците на нивна соработка во доменот на социјалната заштита, како и практична имплементација на заеднички проекти
- унапредување на соработката на Општината со приватниот сектор преку нивно партнерско вклучување во реализација на програми од областа на социјалната заштита

**8. Социјална заштита**

*Од Општина:*

- отворање посебно одделение за социјална заштита и вработување социјален работник во Општината
- едукација на вработените во Одделението за локален социјален развој за развивање на социјално-заштитните функции на општината
- едукација за стратешко планирање и изработка на програми од областа на социјалната заштита
- развивање стратегија и акционен план во доменот на социјалната заштита
- проширување на облиците на социјална заштита кои ги реализира Општината (претежно финансиска помош) со нови облици на социјални услуги
- развивање на мрежата на локални социјални сервиси преки приватно-јавно партнерство
- иницирање на социјалната одговорност кај приватниот сектор

*Од ЦСР:*

- намалување на корисниците на социјална парична помош преку интензивирање на активностите за нивно вработување во соработка со Центарот за вработување
- анализа на можностите за проширување на опфатот на домаќинства - корисници на социјална помош со услугите на народната кујна, како и зголемување на порциите кои се доделуваат во народната кујна
- развивање на мрежата на институционална и вонинституционална заштита во општината

**Здравствена заштита**

- зголемување на финансиските средства кои се издвојуваат за финансирање на ЈЗУ
- подобрување на кадровската опременост на ЈЗУ
- унапредување на опфатот на најранливите категории со превентивните мерки на здравствена заштита

Вкупно население | 72617
Жени | 36241
Мажи | 36376
Писмени | 61156
Неписмени | 1966
Домаќинства | 20336
Станови | 22815
Просечен број на членови во домаќинството | 3.57

Површина | 110,86 км$^2$

ОПШТИНА
ГАЗИ БАБА



# 1. ОПШТИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

Општина Гази Баба се наоѓа во северниот дел на Република Македонија, во источниот дел од Скопската Котлина и градот Скопје. Општината се простира на површина од 92 км$^2$ и е на надморска височина од 173 метри. На север се граничи со општините Бутел и Чаир, на запад се граничи со општините Центар и Аеродром, на југ со општините Илинден и Петровец и на исток со општините Арачиново и Липково. Поголемиот дел од територијата во централниот, југозападниот и јужниот дел (65%) се наоѓа во рамница под обработлива површина со неколку височини лоцирани во северниот дел од општината кај парк-шумата „Гази Баба" и во централниот дел во месноста Камник, како и делот од планината Скопска Црна Гора кој и припаѓа на општината, а се наоѓа на исток. Општината има 14 села или рурални населени места, 10 месни заедници, 15 урбани заедници и 7 урбани населени места.

Според пописот од 2002 година, општината има 72.222 жители и според бројот на жители претставува една од поголемите општини во Скопје и Република Македонија, со просечна густина на населеност од 1046,7 жители/км$^2$. Од вкупниот број жители, во општината 36.177 (50,1%) се мажи, а останатите 36.177 (49,9%) се жени. Поголемиот дел од вкупното население во општината го чини руралното население на кое му припаѓаат 44.561 жител, додека останатото население е урбано и брои 28.056 жители. Етничката структура на населението во општина Гази Баба е следна: Македонци 53.106 (73,5%), Албанци 12.502 (17,5%), Роми 2.082 (2,88%), Турци 606 (0,84%), Власи 236 (0,32%), Срби 2.094 (2,89%), Бошњаци 710 (0,98%) и други 886 (1,23%). Просечната возраст на населението од општината изнесува 32,9 години. Според податоците од пописот во 2002 година, староснатa структура на населението од општина Гази Баба е следнава: 31,3% од населението се лица до 20 години, 62,6% се лица помлади од 40 години,10,3% се лица до 60 и повеќе години. Образовната структура на општината е следна: без образование се 2.560 лица (3,6%), со нецелосно образование 6.283 (8,7%) лица, со основно 20.078 (27,8%) лица, со средно образование има 37.411 (51,8%) лица, со вишо образование се 1.589 (2,2%) лица, високо образование 3.972 (5,5%) лица и по 72 (0,1%) магистри и доктори на наука. Од вкупниот број жители во општината, вработени се 19.626, од кои во земјоделството работат само 2%, во индустријата се вработени 37%, со услуги се занимаваат 60% од вработените и останатите 1% не е познато со што се занимаваат.

Општина Гази Баба има потенцијал за развој бидејќи е најголемата индустриска зона во Скопје и Република Македонија и на нејзина територија се создава третина од општествениот производ. Најголем број вработени во општината има во фармацевтската индустрија, металургијата и земјоделството. Исто така овие

дејности важат и за најдоминантни во општината, вклучувајќи ја тука и текстилната индустрија. Општина Гази Баба претставува комуникациска и транспортна порта низ која поминуваат сите транспортни и комуникациски коридори за градот Скопје како економски, административен и општествен центар на Република Македонија. Таа претставува комуникациско средиште на сообраќајните и транспортните меѓународни коридори 8 и 10 што претставува одлична основа за динамичен локален и регионален економски развој. Низ територијата на општина Гази Баба поминува и еден значаен дел (10 км) од заобиколницата околу градот Скопје.

Населението во општина Гази Баба се снабдува со вода за пиење преку постојан регионален систем за водоснабдување преку изворот Рашче и бунарското подрачје Нерези и Лепенец, локалните системи за водоснабдување и од бунарите во село Јурумлери. Руралното население користи вода од индивидуалните бунари и пумпи. Општината е приклучена на градската канализација, и тоа само урбаниот дел, додека руралните средини имаат септички јами.

Општина Гази Баба располага со 5500 ха земјоделско земјиште, и тоа во сопственост на правните субјекти се околу 1900 ха, додека индивидуалните земјоделци располагаат со околу 3650 ха. На земјиштето со кое стопанисуваат правните субјекти претежно се застапени житните и фуражните култури, додека на земјоделското земјиште што е сопственост на приватни лица се застапени житните и градинарските култури. Од вкупното користено земјоделско земјиште во општината, 90% се ораници, бавчи и куќни градини, а останатиот дел припаѓа на пасишта, овоштарници и лозја. Најголем дел од површината на ораниците, бавчите и градините се посеани со жита (1.305 ха, 61%), потоа зеленчук (515 ха, 24%) и фуражни култури (225 ха, 10%). На вкупните посеани површини, од житните култури - 1.305 ха, дури 60% отпаѓаат на пченицата, 22% на јачменот и 15% на пченката. Останатите 3% се површини засеани со друг вид житни култури. Од вкупното користено земјоделско земјиште во општина Гази Баба е посеано со зеленчук (22%). Скопје располага со расеани вкупно 1.555 ха зеленчук, од кои 33% се наоѓаат во оваа општина. Најголем процент на засеан зеленчук и отпаѓа на пиперката (96 ха), лубениците (100 ха), компирот (73 ха), доматите (45 ха) итн. Од фуражните култури најзастапена е детелината на 179 ха, што претставува 80% од вкупно засеаната површина со фуражни култури и со помали површини од останатите култури.

## 2. ИНСТИТУЦИОНАЛНИ КАПАЦИТЕТИ

**Образование:** Основното образование е организирано во 11 основни училишта, и тоа во следните населени места: три во Маџари ОУ „Вера Јоцич", ОУ „Крсте Петков Мисирков" и ОУ „Наум Наумовски-Борче", две во населеното место Ченто - ОУ „Дане Крапчев" и ОУ „25 Мај" и по едно во населените места Железара ОУ „Глигор Прличев", Гази Баба ОУ „Стив Наумов", и по едно во селата Трубарево ОУ„Крум Тошев", Стајковци ОУ „Кирил и Методиј", во Булачани ОУ „Наум Охридски", и едно во Колонија Идризово ОУ „Његош". Во овие училишта наставата се организира од прво до деветo одделение. Во општината има пет средни училишта[10] во кои се одвива гимназиска и стручна настава, а во Државниот училишен центар за образование и рехабилитација „Партенија Зографски" се одвива и настава за ученици со специјални потреби. Покрај државните средни училишта, во општината има и едно приватно средно училиште. Од високо образовните институции, во Гази Баба се лоцирани четири државни и два приватни факултети.

**Здравство:** Здравствени услуги на територијата на општината се обезбедуваат преку следниве здравствени установи: еден задравствен дом, шест диспанзери, шест амбуланти, една поликлиника, 13 ординации и една приватна болница. Бројот на специјалистички клиники и аптеки во општината не е познат.

**Социјални установи:** Во општина Гази Баба функционираат две државни детски градинки за предучилишно воспитание. Јавната установа за деца „Детска радост" со четири клонови и јавната установа за деца „25 Мај" со 6 (шест) клонови. Во општината има и еден приватен старски дом и еден пензионерски дом. Од мрежата на вонинституционална и институционална заштита, на територијата на општината дејствуваат: Дневен центар за деца со посебни потреби, Дневен центар за деца на улица, СОС Детско село Македонија и ЈУ Завод за згрижување, воспитување и образование на деца и младинци „Ранка Милановиќ" Скопје. Во општината има канцеларија на Црвен крст на општина Гази Баба. Во соработка со МЦСР Гази Баба се отворени два пункта на народна кујна, и тоа во населените места Маџари-**Кино Маџари** и месноста Ченто – **Хангар** каде се доделуваат вкупно по 200 оброци дневно.

**Културни установи:** Во општината има едно кино и еден театар каде што граѓаните ги задоволуваат своите културни потреби. Во општината недостасуваат установи од типот на културни домови и музеи, како и библиотеки кои се застапени само во училиштата. На територијата на општина Гази Баба се лоцирани 10 археолошки локалитети, 14 цркви, две џамии и еден манастир.

10 АСУЦ „Боро Петрушевски", СЕТУ „Михајло Пупин", СУ „Панче Арсовски", СУ „Партенија Зографски", приватна гимназија „Јахија Кемал".

**Спортски објекти:** Во општина Гази Баба има 10 спортски игралишта и пет спортски сали. Исто така има затворен терен за мал фудбал во с. Стајковци, во Автокоманда има спортска сала, во населбата Хиподром спортски рекреативен центар, во Железара фудбалски стадион и стадионот „Борис Трајковски“ во населеното место Маџари.

Изградени се детски игралишта во: Автокоманда, две има во Маџари, потоа во Цревево, Триангла, Трубарево, Колонија, Ергеле, Раштак, Јурумлери и Вардариште.

**Медиуми:** Во општината има само две локални телевизиски станици, додека локално радио и печатен медиум нема.

**Граѓански здруженија:** Во општината дејствуваат поголем број граѓански здруженија, од кои 14 спортски клубови (четири фудбалски клубови, по три карате и кошаркарски клубови, два ракометни клуба и по еден одбојкарски и еден коњички клуб. Во општината се активни еколошките здруженија, здруженијата за заштита на животните, организацијата на пензионери и женските здруженија.

**Стопански субјекти:** Во евиденцијата на деловни субјекти се запишани околу 6600 стопански субјекти со седиште на територијата на општина Гази Баба, но од нив во функција се само 2050, додека надвор од функција се останатите 4550 субјекти. Од вкупниот број стопански субјекти кои функционираат на територијата на општината, 44 се големи претпријатија.

Во општината најважни стопански гранки се: металургијата, фармацевтската, прехранбената индустрија, кондуктерската, индустријата за производство на алкохолни и безалкохолни пијалаци.

## 3. ДОМИНАНТНИ ПРОБЛЕМИ ВО ОПШТИНАТА

**Социјални проблеми:** Најчести социјални проблеми во општината се просјачењето, бездомништвото и стареењето. Се забележува и присуство на сивата економија, но тешко е да се измери нејзината застапеност во општината.

Согласно со општата состојба, стапката на невработени изнесува 32,6%. Податоците добиени од Агенцијата за вработување на територијата на општина Гази Баба посочуваат дека од вкупниот број регистрирани невработени лица (8336), 4014 се жени, а останатите се мажи (4322). Анализата од бројот на невработени лица според степенот на образование покажува дека најголем дел се лица со неквалификувана работна спрема (3161), а со вишо или високо образование се вкупно 690 лица. Петнаесет лица во општината се магистри, додека нема ниту еден доктор. Иако нема значителна разлика во бројот на невработени лица според возрасната група, сепак најголем број од невработените лица се на возраст 55-59 години, и тоа 1180 лица, а на возраст 35-39 години 1004

лица. Најмал е бројот на невработени од 15 до 19 години, и тоа 98 лица. На возраст помеѓу 20-29 години има вкупно 1498 невработени лица. Од вкупниот број невработени лица, 1163 чекаат за вработување од 5 до 7 години, додека удвоен е бројот на невработени кои повеќе од 8 години чекаат за вработување. Најзагрозени од аспект на вработувањето се Ромите бидејќи имаат низок степен на образование и не се доволно информирани за мерките кои ги нуди Агенцијата за вработување. Но невработеноста би можела да се намали преку соработка со Општината за вклучување на граѓаните во активните мерки кои ги нуди Агенцијата за вработување, со покани за средби со невработените и претставник од Агенцијата на средбите со граѓаните и со одржување бесплатни обуки. Исто така се настојува ранливите групи да се вклучат во активните мерки кои ги нуди Агенцијата за вработување, но од граѓаните постои одбивност за нивно вклучување бидејќи се плашат да не ја изгубат социјалната парична помош.

Во Центарот за вработување во општина Гази Баба се вработени 89 лица, од кои 44 се со средно образование, 27 со високо образование, седум со вишо, пет се со трет степен на образование и шест лица се со основно образование. Од страна на Центарот, како надлежна институција за постапување во случај на невработеност, се реализираат најразлични активни мерки како што е кредитирањето, изучувањето бесплатни курсеви по англиски јазик и компјутери при работните клубови во Агенцијата.

Како социјално најзагрозена група во општината се издвојуваат ромските семејства и лицата со посебни потреби.

**Инфраструктурни проблеми:** Населението во општина Гази Баба се снабдува со вода за пиење преку постојан регионален систем за водоснабдување преку изворот Рашче и бунарското подрачје Нерези и Лепенец и локалните системи за водоснабдување од бунарите во село Јурумлери. Руралното население користи вода од индивидуалните бунари и пумпи. Урбаниот дел од општината Гази Баба е снабден со градска канализација, додека руралните средини имаат септички јами. Патната мрежа се состои од квалитетно изградени асфалтни патишта, со исклучок на некои рурални населби. Во некои делови од општина Гази Баба, особено селските делови немаат комплетно изграден водоводен систем, канализациска мрежа и неадекватни санитарно-хигиенски услови за живеење.

**Еколошки проблеми:** Како најголеми еколошки проблеми во општина Гази Баба се истакнуваат водата, загаденоста на воздухот, почвата, ерозијата на земјиштето и непостоење на депонија. Во соработка со граѓаните, во општината е формирано работно тело кои ги следи состојбите со загадувањето на животната средина, здравјето на населението и загадувањето на воздухот во општината, но проблем е непостоењето на депонија за ѓубре и смет во руралните средини.

Присутна е ерозијата на земјиштето како површинска така и длабинска, додека квалитетот на земјиштето не се следи бидејќи има отсуство на редовен мониторинг на почвата.

## 4. СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

**Општинска администрација:** Општината има сектор за социјален развој, Одделение за здравствена заштита, социјална заштита и заштита на децата. А прашањата од доменот на социјална заштита се разгледуваат и во рамките на комисијата за општествени дејности. Позначаен документ изготвен од страна на општината е Стратегијата за локален развој во која социјалниот развој се утврдува како еден од основните столбови на локалниот развој. Постои и програма за социјална заштита, здравствена заштита и заштита на децата. Соработката со граѓаните се одвива најчесто преку индивидуални средби, трибини, посета во домови и советувања. Општината, исто така, има и отворен ден за граѓаните. Како форма на помош за социјално загрозеното население општината доделува еднократна парична помош, за чие доделување надлежност има градоначалникот, потоа пакети со хигиенски средства и храна, дрва за огрев и слично. Вкупниот буџет на Општината е 7.250.079.000 денари, додека основниот буџет наменет за финансирање на основните активности на општината изнесува 324.379.000 ден. Буџетот за блок донации за финансирање на основните училишта и детски градинки изнесува 341.950.000 ден. Од планираните средства на основниот буџет на општината најголемиот дел е планиран за финансирање на активностите од областа на урбанизмот и комуналната инфраструктура, водовод и канализација, пречистителни станици, улици и патишта улично осветлување, зимско одржување на улиците, јавна чистота, одржување на паркови и зеленила, заштита на животна средина и природата, културни манифестации и творештво, спорт и рекреација.

Општината доделува еднократна парична помош. За оваа ставка во буџетот за 2012 се предвидени 1.500.000,00 денари што претставува 0,21% од вкупниот буџет на Општината. Исто така, Општината има предвидено и средства за поддршка на талентираните ученици и за таа цел се издвоени 120.000 денари или 0,02% од буџетот. **Меѓуопштински центар за социјална работа:** Меѓуопштниски центар за социјална работа кој е ситуиран во Гази Баба ги покрива следнива општини: Петровец, Илинден, Арачиново, Гази Баба, додека најоддалечено место кое го покрива МЦСР е селото Сушица некаде околу 32-33км и селото Дивле. Центарот не располага со добри услови за работа, постојат само две простории за детска заштита, пет канцеларии, 11 компјутери и не располага со возило за работа, а постојат и доста проблеми со документите. Бројот на вработени стручни работници во

канцеларијата на МЦСР е 16 и два волонтери. Според структурата во МЦСР има вработено пет социјални работници, три правници и осум лица со средно образование, еден волонтер социјален работник и еден волонтер социолог.

**Број и структура на корисници на мерки и услуги на социјална заштита:** Анализата на структурата на корисници на парична помош од социјална заштита на територијата на општина Гази Баба покажува дека 1362 семејства се носители на правото на социјална парична помош, каде што едно семејство обично е четворочлено, така што вкупносе околу 5200 корисници. Корисници на постојана парична помош се 294 лица и оваа помош се доделува на лица кои се самохрани родители. За разлика од претходните години, во овој период корисниците на еднократна парична помош се многу ретки. Тука спаѓаат зависниците на кои им се доделува помош според болеста и средства за автобуска карта. Правото на парична помош од социјална заштита најчесто не се остварува како резултат на поседувањето моторно возило, поради малиот цензус на исплата и дополнителни мали приходи бидејќи бараат помош, а не сакаат да бидат вклучени во работен однос, односно да се вработат. Исто така, процедурата се отежнува како резултат на сложената документација која се бара за остварување на одредено право и, пред сѐ, би требало да се преземат активности за упростување на обрасците и поедноставување на процедурата. По три години користење социјална помош, таа се намалува. Доколку семејството има мали приходи, а не ги пријави, тоа ќе биде исклучено од добивање социјална помош и ќе мора да ги врати парите добиени во изминатите месеци од таа година.

Од лицата кои користат институционална заштита, 11 се упатени во старски дом.

Во општината постојат само две институции, односно пензионерскиот дом во Автокоманда и Центарот за социјална работа, односно дневниот центар за лица со посебни потреби кој се наоѓа во Железара. Други институции нема, освен СОС Детското село, но тоа е приватна општинска установа која соработува со МЦСР.

### Здравствена заштита

Јавната здравствена установа - поликлиника „Ченто" (ОЕПЗЗ Гази Баба) има 73 вработени, од кои 50 се здравствени работници, а 23 се технички персонал, хигиеничари, возачи, секретарка и домаќин. Поточно, од вработените седум се лекари, 29 медицински сестри, седум стоматолози, седум асистенти, 18 хигиеничари, еден домаќин, еден возач, една секретарка и два хаус-мајстори. Старосната структура на персоналот се движи од 40 до 50 години. Се нагласува недостиг на здравствени работници, и тоа лекари и медицински сестри.

ЈЗУ опслужува жители од четири соседни општини, и тоа: Гази Баба, Арачиново, Илинден и Петровец што значи покриеност на околу 120000 жители. Најголем број од корисниците се во доменот на превентивната здравствена заштита од 0 до 18 години и на поливалентната патронажна дејност. ЈЗУ ги нуди следните видови здравствени услуги: превентивна здравствена заштита, систематски прегледи, вакцинација, поливалентни патронажни посети, стоматолошка здравствена заштита и др. Покрај недостигот на кадар, клучни проблеми со кои се соочува установата се несоодветниот работен простор и дотраената медицинска опрема.

Нагласено е дека здравствената установа не е во можност целосно да одговори на потребите на граѓаните. Како најранливи категории граѓани кои ги опслужува ЈЗУ се посочуваат семејствата во социјален ризик, социјално исклучените, семејствата кои живеат во сиромаштија (без лични документи). Според мислењето на претставниците се предлагаат следните мерки кои треба да се преземат за подобар опфат во системот на здравствената заштита за најранливите категории граѓани: поголема отворена соработка што ќе биде активна и континуирана со институциите, активна соработка со службите кои се занимаваат со дејности чија цел е намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост.

## 5. СОРАБОТКАТА НА ОПШТИНАТА СО ЛОКАЛНИТЕ АКТЕРИ

Општината има добра соработка со централната власт и со ЗЕЛС. Соработката со ЗЕЛС во најголема мера се сведува на соработка преку најразлични проекти, обуки и тркалезни маси.

Соработката на општината со Агенцијата за вработување се оценува, генерално, како добра и тие се во постојан контакт, а соработуваат преку мерките за вработување. Во моментот, во општина Гази Баба се спроведува активната мерка за ангажирање лица за јавни работи, при што се ангажирани 90 лица, од кои 57 се финансирани од буџетот на општина Гази Баба, а 33 лица се финансирани од средствата кои за оваа акциска цел ги издвојува Владата на Република Македонија.

Исто така, општината има добра соработка и контакти со граѓанските здруженија и таа редовно финансира дел од нивните активности. Таа поддршка се остварува на транспарентен начин преку објавување конкурс за финансирање проекти на здруженија на граѓани и фондации. Висината на средствата кои за таа намена се планирани во буџетот на општината за 2012 година изнесува 3.710.000,00 денари што претставува 0,5% од вкупниот буџет на општината. Од овие средства се финансираат активности на здруженијата на граѓани, се поддржува учеството на турнири на спортските клубови, се помага во организација на спортските и културните активности.

Општината реализира повеќе заеднички проекти со Центарот за социјална работа преку проекти како - Инклузија на децата Роми во градинката „25 Мај" - објектот „Искра", Патролна социјална работа и Народна кујна.

Единствено не постои соработка со верските организации.

## 6. РЕЗУЛТАТИ ОД ФОКУС-ГРУПИТЕ

Во општината Гази Баба во фокус-групите беа вклучени 34 учесници, од нив осум од фокус-групата на самохрани мајки, девет од фокус-групата на жени Ромки и 17 од фокус-групата на стари лица.

Испитаниците од сите три фокус-групи нагласуваат дека невработеноста и сиромаштијата се клучни проблеми во општината. Исто така, мал дел од испитаниците нагласуваат дека сериозен проблем станува злоупотребата на дрога помеѓу младите.

*„Невработеноста е најголем проблем, најважна е работата, само така нема да зависиме од минимална помош од државата. Што е друго проблем, подобро да работам, се чувствувам способна."*

- Самохрана мајка

Претставниците од фокус-групите на самохрани мајки и жени Ромки нагласуваат дека како последица од високата стапка на невработеност се соочуваат со екстремна сиромаштија која има директно влијание врз сите аспекти на нивниот квалитет на живот и на нивната социјална исклученост.

*„Други проблеми кои постојат, сиромаштијата, имам две деца, бараат облека, патики, сакаат да се прошетаат. Не можеш да ги прошеташ, потребни се пари да отидете до град."*

- Самохрана мајка

Покрај сиромаштијата од страна на жените Ромки беше нагласен и проблемот со дискриминацијата при конкурирање за работа. Жените Ромки нагласуваат дека тие често кога се јавуваат на конкурс за работа, се одбивани само затоа што се Ромки. Исто така, голема причина заради која имаат ограничен пристап на пазарот на трудот е степенот на нивното образование.

*„Штом чујат дека немаш завршено основно или средно образование, веднаш ти е затворена вратата, особено ако сфатат дека се работи за Ром."*

-Жена Ромка

Дел од испитаниците од фокус-групата на жените Ромки нагласија дека губењето или неостварувањето на правата од социјална заштита, како и правата за здравствена заштита за нив претставува сериозен проблем. Исто така, испитаниците кои користат социјална парична помош го истакнуваат незадоволството од висината на помошта.

*„Не земаме социјална помош затоа што немаме пари да извадиме документи.“*

- Жена Ромка

*„Помош од ЦСР немаме добиено, не бркаат, ни велат дека имаме забрана, ни ја укинаа социјалната помош.“*

- Жена Ромка

*„Висината на социјалната помош воопшто не ги задоволува потребите. Како самохрани мајки сметаме дека државата треба да ни помогне при вработување. Ми велат да учам, јас сега на овие години да учам, јас не барам директор да бидам, јас сум тапетар.“*

- Самохрана мајка

Нагласено е дека неповолната ситуација на испитаниците дополнително се влошува кога во семејството се јавува болест што во голема мерка го отежнува семејниот буџет, особено при набавката на лекови.

*„Пензијата ми е мала, најголем дел од неа ја давам за лекови и режиски трошоци, потоа ми остануваат многу малку пари за храна.“*

- Пензионер

*„Имам болно дете, немам право на туѓа нега затоа што болеста што ја има моето дете се лекувала, а лековите ги набавувам од странство, Германија и Бугарија. Докторот од Заводот за ментално здравје ни пропиша лекови кои можам да ги набавам само во Бугарија или во Германија.“*

- Жена Ромка

Помеѓу испитаниците од ромската етничка група најчест извор на приходи, покрај социјалната помош, е приходот што домаќинствата го добиваат од собирањето шишиња.

*“Ни ја укинаа социјалната помош, треба цел ден да шеташ по градот, да те брка полиција за да заработиш 300 денари, но што ќе направиш со тие пари.“*

- Жена Ромка

Иако најголем дел од испитаниците нагласуваат дека не добиле помош од ниту една институција или организација, сепак мал дел од нив

ја нагласуваат помошта што ја добиле од нивни блиски организации, како што се организацијата на пензионери, организацијата на жени или СОС Детското село. Се работи за помош во натура, односно помош во храна, лекови, автобуски карти и др.

*"Најголема помош имаме добиено од СОС Детското село и Сумнал. Не ми следуваат средства бидејќи татковството на детето ми е признато, немам пари да го тужам таткото."*

- Самохрана мајка

*„Добивме карти за автобус од здружението на жени. Финансиите се навистина проблем."*

- Самохрана мајка

Дел од испитаниците нагласуваат дека положбата на нивните домаќинства се влошила во последните три години, пред сѐ, заради зголемување на животните трошоци, но дел од испитаниците истакнале дека членови од нивното семејство во наведениот период го изгубиле работното место. Испитаниците сметаат дека вработувањето е единствен начин за подобрување на нивната положба, односно Бирото за вработување и државата ги сметаат како клучни за унапредување на нивната положба.

## 7. РЕЗУЛТАТИ ОД АНКЕТНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ НА ДОМАЌИНСТВАТА ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

### 7.1. Општи податоци за анкетираните домаќинства

Во општина Гази Баба беа анкетирани вкупно 100 домаќинства,70 од урбано, а 30 од рурално население, од кои 62 Македонци, 9 Албанци, 21 Ром, 5 Срби, и по еден Турчин, Влав и Бошњак. Структурата на анкетираните домаќинства според типот на домаќинството покажува дека најголем број од анкетираните се неземјоделски (85%), земјоделски (1%) и мешовито (14%). Според старосната структура, во најголем број од домаќинствата главата на домаќинството е на возраст помеѓу 40-49 години (27%), додека кај 23% е на возраст 50-59 години, 26% е над 60 години, а 19% е на возраст помеѓу 30-39 години. Најголема е застапеноста на двочлени (21%) и тричлени домаќинства (20%). Во 66 домаќинства главата на домаќинството е маж, а во 34 е жена.

Графикон 1: Тип на населено место според етничка припадност на домаќинствата




Графикон 2: Број на членови во домаќинството




Според бројот на членови на домаќинството, семејствата каде жената е глава на домаќинството најчесто се едночлени (41,2%) и двочлени (20,6%) домаќинства. Во најголем број од случаите главата на домаќинството е во брачна заедница (53%), во 16% од случаите се работи за лица кои се неженети/немажени и во 12% од случаите се работи за вдовец/вдовица.

Графикон 3: Тип на домаќинство




Графикон 4: Возрасна структура на главата на домаќинството




Иако 87% од анкетираните лица се описменети, голем дел се со нецелосно основно образование 4%, 42% се со осново образование, 38% средно образование, а само 1% се со вишо и 1% високо образование. Во најголем број од домаќинствата, главата на домаќинството е работник (50%), потоа домаќин/ка (25%), пензионер (8%), занаетчија и друго (7%), и по еден службеник и едно лице кое не знаело да одговори на прашањето, додека останатите отпаѓаат на други занимања.

Графикон 5: Моментално занимање на главата на домаќинството




Како корисници на парична помош од социјална заштита се изјасниле повеќе од половина испитаници (59). Треба да се забележи дека кај 82 домаќинства нема ниту еден вработен, а во 10 домаќинства има по еден вработен член, во пет по два вработени члена, а само во едно домаќинство има тројца вработени членови. Според типот на домаќинството, дистрибуцијата на корисниците на парична помош од социјална заштита посочува дека 59,5% од неземјоделскиот тип домаќинства се корисници, како и 57,14% од мешовитите домаќинства. Исто така, единственото домаќинство кое е евидентирано како земјоделско е корисник. Треба да се забележи дека 13,6% од корисниците на парична помош од социјална заштита не се неписмени.

Графикон 6: Корисници на парична помош од социјална заштита според тип на домаќинство




## 7.2. Вработување

Од вкупниот број анкетирани домаќинства, во 82% од случаите нема ниту еден вработен. Притоа во 26 домаќинства има само по еден невработен член кои се рамномерно распределени по пол (13). Во 33 домаќинства има по две невработени лица, од кои 93,9% од случаите се од машки пол. Притоа се јавуваат и четири семејства со три невработени лица, по две домаќинства од женски и машки пол. Во 10 домаќинства се евидентира по еден вработен, во 5 домаќинства две вработени лица и во 1 домаќинство се евидентирани по три вработени.

Графикон 7: Број на вработени лица според пол



Графикон 8: Број на невработени лица според пол




### 7.3. Животен стандард

Извршената анализа од добиените податоци покажува дека 84 домаќинства не оствариле никаков приход од редовен работен однос во изминатите 12 месеци. Најголем дел од домаќинствата кои оствариле приход од редовен работен однос се работнички семејства (25%), потоа пензионери 18,8% и 50% отпаѓаат на други занимања. Од вкупно 59 домаќинства кои се корисници на парична помош од социјална заштита ниту едно семејство не остварило приход од редовен работен однос во изминативе 12 месеци. Привлекува внимание фактот дека во општина Гази Баба сите 59 домаќинства кои се корисници на парична помош од социјална заштита не оствариле приход ниту од вонредовен работен однос. Од корисниците на парична помош од социјална заштита, 47,5% се работнички семејства, 32,2% се семејства каде главата е домаќин и останатите 18,6% отпаѓаат во мали вредности кон други занимања.

Графикон 9: По кој основ е остварен приход во последните 12 месеци




Графикон 10: Остварен приход од вонредовен работен однос по занимање на глава на домаќинството




Интересно е да се забележи дека ниту еден од испитаниците не оствариле приход од земјоделска дејност, од странство и од имот (закуп, продажба). Најголем дел од домаќинствата во последниот месец оствариле приход до 5000 денари (60%). Кај 45% од семејствата, главата на домаќинството е работник, 36,7% отпаѓаат на домаќинства со домаќин/ка и 16,7% главата на домаќинството е невработен. Загрижува фактот дека 89,8% од корисниците на помош од социјална заштита остваруваат висина на приходи во оваа категорија. Од домаќинствата, 17% оствариле приход од 5.001 до 10.000 денари, од кои 29,4% се корисници на парична помош од социјална заштита.

Дистрибуцијата на одговори во интервалот на приходи 10.001- 14.000 денари покажува дека има 8 домаќинства, од кои три каде главата на домаќинството е работник, додека во интервалот на приходи 14.001-18.000 денари има осум домаќинства.

Графикон 11: Висина на приходи на домаќинството во изминатиот месец




Приходи во висина од 14.001 до 18.001 денар оствариле 8% од домаќинствата, додека 6% оствариле приход од 18.001 до 23.000 денари.

Графикон 12: Сума на пари што домаќинството ја остварило во изминатиот месец по пол




| | до 5000 МКД | 5001 - 10000 МКД | 10001 - 14000 МКД | 14001 - 18000 МКД | 18001 - 23000 МКД | 23001 - 30000 МКД | над 30001 МКД | Незнам |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| машки | 50% | 19,7% | 6,1% | 10,6% | 7,6% | 3% | 1,5% | 1,5% |
| женски | 79,4% | 11,8% | | 2,9% | 2,9% | | | 2,9% |

Графикон 13: Висина на приходи на главата на домаќинството според брачен статус




Анализата на податоците во однос на категоријата приходи до 5.000 денари покажува застапеност на категоријата домаќинствата каде што главата е неоженет/немажена (20%) и вдовец/вдовица (10%). Исто така, во оваа категорија на приходи, 55% се од машки, а 45% од женски пол. Во однос на прашањето за консумирање топол оброк со месо, домаќинствата во кои не се готви ниту еднаш во неделата се доминантни (50%), потоа следуваат домаќинствата во кои се приготвува топол оброк со месо еднаш неделно (31%), два пати во неделата (8%) и три пати(6%). Пет и повеќе пати неделно готват 3% од домаќинствата.

Графикон 14: Консумирање на топол оброк во текот на неделата според занимање на главата на домаќинството




Во рамките на категоријата корисници на парична помош од социјална заштита 64,4 % од испитаниците истакнуваат дека ниту еднаш во неделата не приготвуваат топол оброк со месо, 30,5% консумираат еднаш неделно, со 1,7% двапати и трипати неделно. Загрижува фактот што дури 64,4% од корисниците не консумираат топол оброк со месо ниту еднаш во неделата. Дистрибуцијата на

одговорите во однос на полот на главата на домаќинството покажува слична тенденција, при што најголем број од домаќинствата во кои глава на домаќинството е маж не се консумира топол оброк ниту еднаш неделно (45,5%), а исто така и кај домаќинствата во кои жената е глава на домаќинството (58,8%). Дистрибуцијата на одговори во кои во соодносе се доведени моменталното занимање и приготвување топол оброк со месо покажува дека дури 62,5% се пензионерските домаќинства, 60% во кои глава на домаќинството е домаќинка, 48% работничките домаќинства и 38,5% во кои главата е невработено лице ниту еднаш во неделата не приготвуваат топол оброк со месо.

Графикон 15: Фреквенција на наведени одговори за недостиг на пари




Најголем број од испитаниците истакнале дека пари им недостасуваат најмногу за покривање на трошоците за храна и безалкохолни пијалоци (98) и за хигиена и здравје (92), додека за облека и обувки (90), режиски трошоци (70), како и за покуќнина и рекреација (43). Релативно е понизок бројот на наведените одговори каде се посочува недостигот од пари за образование (2) и  рекреација (3). Од испитаниците ниеден не нагласил дека му недостасуваат пари за алкохол и цигари. Анализата покажува дека на 68,1% од испитаниците кои истакнале дека им недостигаат пари за режиски трошоци се корисници на парична помош од социјална заштита. Истиот соодносе задржува и во дистрибуцијата на одговори во однос на недостатокот на средства за сообраќај (70%), хигиена и здравје (61,5%), и за образование (50%).

Најголем број од домаќинствата живеат во живеалишта изградени од тврда градба (88), додека три живеат во живеалиште од трошна/монтажна градба и едно домаќинство живее во импровизирано живеалиште. Најголем број од семејствата живеат во еднособен

(45%) и двособен стан (38%), додека во трисобен стан живеат (14%) и во четирисобен (2%). Станува збор за домаќинства кои живеат во живеалишта кои во најголем број случаи се од 21 до 40 м2 (37), а во 22 случаи се од 41 до 60 м2.

Графикон 16: Големина на живеалиште




Графикон 17: Број на членови на домаќинството споредено големина на станот во кој живеат



Во однос на начинот на кој домаќинствата го загреваат домот, евидентиран е висок процент на користење печки на тврдо гориво, дрва (74), домаќинства со печка на струја (19), мал број го загреваат домот со централно греење (4) и едно домаќинство со печка на течни горива. Податоците за тоа колкав број простории се загреваат укажуваат на намален квалитет на живеење во зимскиот период. Имено, најголем број од домаќинствата загреваат само една просторија во домот (75%), додека 21% две простории, а три и повеќе простории 3% од домаќинствата.

Графикон бр.18 Број на простории кои се загреваат во живеалиштето




Графикон 19: Начин на загревање на домот



Најголем дел од домаќинствата се приклучени на канализациона мрежа (54), а истата тенденција се забележува и кај корисниците на парична помош од социјална заштита. Висок е процентот на домаќинства кои во домот имаат веце со бања (74), а веце во двор имаат 44 домаќинства. Резултатите покажуваат дека најголемиот дел од домаќинствата имаат чешма во станот (68), а 57 домаќинства имаат и чешма во дворот. Евидентно е  дека 40 домаќинства немаат бојлер, додека дел од анкетираните домаќинства имаат недостиг од основните апарати за домаќинство, како што е фрижидер за длабоко замрзнување (64). Повеќе домаќинства немаат компјутер (79), од кои 59 не можат да си дозволат, а 20 немаат потреба. Голем дел од корисниците не можат да си дозволат да купат клима-уред (73).  Патнички автомобил немаат 90 домаќинства, од кои 67 не можат да си дозволат.

Графикон 20: Број на домаќинства на кои немаат потреба или неможат да си дозволат  апарат за домаќинство




### 7.4. Социјални проблеми и социјална заштита

Анализата на податоците во однос на социјалните проблеми поврзани со социјалниот развој се сиромаштија (89), потоа следува невработеност (86) и болест (52). Помалку застапени се инвалидноста (14), конфликтните семејни односи (6), а се забележуваат и два случаи на семејно насилство и еден случај на дете без родители. Кај мал дел од испитаниците се наведени проблеми поврзани со девијации, како што се асоцијално однесување, криминал и наркоманија.

Графикон 21: Проблеми поврзани со социјален развој




Најголем дел од анкетираните домаќинства се корисници на правата на парична помош од социјална заштита, односно 51 домаќинство прима социјална парична помош, а во 14 случаи се корисници на постојана парична помош. Помеѓу корисниците на социјална парична помош, 49% се работнички, 31,4% се семејства со глава домаќин/ка, а 13,7% отпаѓаат на домаќинства во кои главата е невработено лице. Во домаќинствата каде глава на домаќинството е маж, 47% се корисници на социјална парична помош, а 12,1% се корисници на постојана парична помош. Во домаќинствата каде жената е глава на домаќинството, 58,8% се корисници на социјална парична помош, а 17,6% се корисници на постојана парична помош.

Графикон 22: Корисници на помош од социјална и детска заштита



Графикон 23: Причини поради кои домаќинството не користело парична помош од социјална заштита




Иако користењето на правата од детска заштита е многу ограничено, најзастапен е посебниот детски додаток кој го навеле пет испитаника, четири истакнале дека користеле детски додаток, додека два испитаника се изјасниле дека користеле еднократна помош за новороденче.

Анализата покажува дека 40,7% од домаќинствата кои не остваруваат право на парична помош од социјална заштита немале потреба за остварување на ова право, 22,2% од домаќинствата биле одбиени, додека 14,8% правото не го оствариле заради неинформираност. Истата тенденција се забележува и во однос на користењето на правата од детска заштита. Имено, процентот на испитаници кои немаат потреба за користење на ова право е 56,3%, а одбиени биле 5% од домаќинствата. Загрижува фактот што релативно висок број домаќинства, односно 36,3% не го остваруваат ова право поради неинформираност. Само 2,5% од домаќинствата не го оствариле правото поради нецелосна/несредена документација. Во однос на користење на формите на вонинституционална и институционална заштита, најголем дел од испитаниците не биле информирани (83,1%), биле одбиени 2,6%, а немале потреба 14,3%.

### 7.5. Здравство и исхрана

Во најголем број од случаите (97%), испитаниците истакнале дека сите членови на семејството се здравствено осигурени. Во 2% од домаќинствата, здравствено се осигурени дел од членовите, додека

во едно од домаќинствата не е осигуран ниту еден член. Анализата на податоците покажува дека три од домаќинствата кои не се здравствено осигурени се од пензионерски домаќинства. Загрижува фактот што во сите домаќинства каде ниеден член не е здравствено осигурен не се корисници на парична помош од социјална заштита. Во 97% од домаќинствата, во кои жената е глава на домаќинството сите се здравствено осигурени. Многу мал број или 2% од домаќинствата имаат делумно осигурени членови, од кои по еден од македонска и од ромска етничка заедница. Евидентирано е само едно домаќинство каде никој не е осигуран, а главата на домаќинството е од ромската етничка група.

Графикон 24: Начин на користење на здравствени услуги




Графикон 25: Потребно време до најблискиот здравствен дом



Од вкупниот број домаќинства, најголем дел т.е. 71% користат јавни здравствени услуги (услуги на јавни здравствени установи и купуваат лекови од позитивната листа) во случај на болест, а 9% од домаќинствата одат на јавен лекар, но купуваат лекови приватно. Мал број од испитаниците не одат на лекар (3%), односно користат алтернативни начини на лекување. Исто така, 17% од домаќинствата се изјасниле дека ги користат и јавните и приватните услови за лекување и купување лекови. Помалку од половина испитаници, односно 43% живеат на оддалеченост од здравствен дом не поголема од 15 минути, 33% живеат на оддалеченост од 16 до 30 минути, 19% таа оддалеченост ја проценуваат како повеќе од 30 минути, а само пет испитаници навеле дека не постои здравствен дом во населеното место.

### 7.6. Образование

Од вкупниот број домаќинства кои се опфатени со истражувањето, 44 домаќинства имаат деца кои се на возраст од шест и повеќе години, односно деца кои се вклучени во образовниот процес. Од нив, 13 домаќинства имаат по едно дете кое посетува основно образование, при што едно домаќинство со пет деца, иако се на возраст за основно училиште, сепак не посетуваат настава. Исто така, 11 домаќинства имаат две деца кои посетуваат основно образование, седум домаќинства имаат по три деца, а едно домаќинство има шест деца во основно образование. Евидентирани се седум домаќинства со по едно дете во средно образование, а пет домаќинства со две деца во средно образование. Треба да се забележи дека само две домаќинства имаат деца кои се запишани на факултет, и тоа само по едно дете. Најголем број домаќинства (18=42,9%) живеат на оддалеченост не поголема од еден километар, 16,7% живеат на оддалеченост од 1.01 до 2 км и ист толкав број (16,7%) на оддалеченост од 2.01 до 4 км. Забележително е дека 21,4% од домаќинствата живеат на оддалеченост поголема од 4 км.

Графикон 26: Број на деца во домаќинството вклучени во образование




Од вкупниот број домаќинства со деца на школска возраст, 27 домаќинства примаат парична помош од социјална заштита. Од нив 18 домаќинства имаат деца во основно образование, 8 домаќинства имаат деца во средно образование, а 2 домаќинства имаат деца на факултет. Дистрибуцијата на одговори во однос на занимањето на главата на домаќинството покажува дека деца вклучени во образовните процеси имаат 47,7% од работничките домаќинства, 4,5% од пензионерските, 27,3% на домаќинка и 20,5% отпаѓаат во незначителен број други професии.

Од вкупно осум домаќинства во кои се евидентирани деца кои се на школска возраст, а не посетуваат настава, 75% се од ромската етничка група, а по 12,5% од македонско и албанско домаќинство.

Од вкупниот број домаќинства чии деца посетуваат основно училиште, пет користеле право на бесплатен превоз, а седум домаќинства се корисници на бесплатна ужина за основно образование. Домаќинствата чии деца посетуваат средно и високо образование не користат форми на помош за образованието, освен бесплатен превоз за средно образование од 10 домаќинства.

### 7.7. Спорт, забава и култура

Испитаниците од општина Гази Баба истакнале дека во нивното населено место има спортско игралиште (85), лулашки (93), кафе-бар (66), библиотека (57), ресторан (70), маркети (95) и 79 интернет-кафиња и 64 спортски обложувалници. Во 88 домаќинства се истакнува дека ниеден член од нивното домаќинство не користи

интернет. Во 11% од случаите кои користат интернет, испитаниците користеле домашен компјутер.

# 8. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

## 8.1. Заклучоци

### 1. Доминантни дејности

- главна стопанска дејност е металургијата, фармацевството и текстилната индустрија (вкупно 37%)
- земјоделство 2%
- услужни дејности 60%

### 2. Институционални капацитети

*Образование:*

- 11 основни училишта
- 5 средни училишта, од кои едно ДУЦ за образование и рехабилитација и една приватна гимназија
- 4 државни и два приватни факултети

*Здравство:*

- 1 здравствен дом
- 6 диспанзери
- 6 амбуланти
- 1 поликлиника
- 13 ординации
- 1 приватна болница

*Социјална заштита:*

- Одделение за непосредна социјална заштита Гази Баба
- 2 детски градинки, од кои една со четири клонови и една со шест
- 1 Дневен центар за деца со посебни потреби
- 1 Дневен центар за деца на улица
- СОС Детско село Македонија
- Црвен крст на општина Гази Баба

- Дом за пензионери
- 2 пункта на народна кујна во Маџари - Кино Маџари и Ченто – Хангар
- Завод за згрижување „Ранка Милановиќ“

*Култура/Спорт/Забава:*

- 1 киносала и еден театар
- недостасува музеј, библиотеки (тие се застапени само во училиштата)
- 10 архиелошки локалитети
- 14 цркви
- 2 џамии
- 1 манастир
- 10 спортски игралишта
- 5 спортски сали
- 1 затворен терен за мал фудбал
- 1 спортска сала
- 1 спортски рекреативен центар
- 2 фудбалски стадиона
- 11 детски игралишта

*Граѓански здруженија*

- 14 спортски клубови
- еколошки здруженија, здруженија за заштита на животните, организација на пензионери и женски здруженија

*Стопански субјекти:*

- 6600 стопански субјекти со седиште на територијата на општина Гази Баба, но околу 2050 од нив се активни

**3. Социјални проблеми**

- доминантни проблеми: просјачење, бездомништво, стареење
- во Центарот за вработување се регистрирани 8336 невработени лица, од кои 4014 се жени
- најголем дел се лица со неквалификувана работна спрема (3161), а само мал дел се лица со вишо или високо образование (690)
- 18% од вкупниот број невработени лица се на возраст 20-29 години
- (33,3%) или една третина од лицата се невработени осум и повеќе од осум години.

- во помала мера се јавува проблемот на користење дрога и други психотропни супстанции и асоцијално однесување на деца

*Социјално ранливи групи население*

- како најзагрозена група се сметаат сиромашните семејства и старите лица
- лица со посебни потреби
- лица кои не се евидентирани во матичните книги на родени
- Самохрани родители

## 5. Инфраструктурни проблеми

*Патишта*

- квалитетна патна мержа со исклучок на некои рурални населби

*Водовод*

- добро развиена водоводна мрежа со исклучок на некои рурални населени места каде не е комплетно изграден водоводниот систем

*Канализација*

- добро развиена канализациска мрежа со исклучок на некои рурални населени места каде не е комплетно изградена канализациската мрежа

## 6. Еколошки проблеми

- загаденост на водата
- загаденост на воздухот, почвата, ерозијата на земјиштето и непостоењето на депонија
- недостасува редовен мониторинг на почвата
- загадени подземните води, односно изворите од отпадните води

## 7. Меѓуинституционална соработка во општината

- генерално добра соработка со сите релевантни актери
- добра соработка со централната власт
- добра соработка со ЗЕЛС

- добра соработка со Агенцијата за вработување
- добра соработка со граѓанските здруженија
- недоволно развиена соработка со приватниот сектор
- не е остварена соработка со верските организации

**8. Социјална заштита**

*Од општина:*

- Одделение за здравствена и социјална заштита и заштита на децата
- Комисија за општествени дејности
- Стратегија за локален развој во која социјалниот развој е утврден како еден од основните столбови на локалниот развој
- Програма за социјална и здравствена заштита и заштита на децата
- Општината доделува еднократна парична помош за граѓаните и доколку има потреба, за реализација на оваа форма се издвојуваат 0,2% од буџетот на Општината

*Од ЦСР:*

- корисници на СПП: 1362 домаќинства
- корисници на ППП: 294
- 11 лица упатени во старски домови

## 8.2. Препораки

**1. Доминантни дејности**

- Потенцијалите за развој се гледаат, главно, во постоењето на индустриската зона и постојната восокоразвиена патна мрежа која ја претставува основата за динамичен локален и регионален економски развој.

**2. Институционални капацитети**

*Образование:*

- да се прошири мрежата на подрачни основни училишта
- подобрување на вклученоста на децата од етничките

заедници во процесот на образованието, особено децата од ромската етничка заедница

*Здравство:*

- да се унапредат просторните услови за работа на ЈЗУ
- кадровско доекипирање на ЈЗУ
- посебен фокус да се стави на отворањето амбуланти во руралните планински населени места

*Социјална заштита:*

- да се отворат дисперзирани канцеларии на Центарот за социјална работа за пооддалечените населени места
- подобрување на техничките можности на канцеларијата со возило, пристап до интернет и друга неопходна опрема за работа
- да се предвиди грижа во домовите за старите и изнемоштените лица

*Култура/Спорт/Забава*

- да се отвори најмалку еден културен дом
- да се заштитат археолошките локалитети на територијата на општината
- да се промовира развојот на невладиниот сектор и да се воспостават нови здруженија на граѓани
- да се обезбеди одржување и по потреба реновирање на постојните спортски објекти

*Стопански субјекти:*

- да се стимулира вработувањето на локалната работна сила и развојот во постојните стопански субјекти

**3. Социјални проблеми**

- да се промовираат програми за вработување на корисниците на социјална заштита
- да се подобри насочувањето (таргетирањето) на активните мерки кон долгорочно невработените и ефективноста во однос на вработувањето на корисниците за социјална заштита
- да се насочат мерките на обука, преквалификација и доквалификација кон дефицитарните занимања во Општината

- да се реализираат превентивни програми за спречување на појавата на социјални проблеми поврзани со просјачењето, бездомништвото и девијантното однесување
- да се креираат програми и мерки за да се ублажи проблемот со стареењето на населението
- да се зајакне стручната советодавна и советувалишна работа со домаќинствата зафатени со овие категории проблеми

*Социјално ранливи групи население*

- да се предвидат мерки за социјално вклучување на Ромите во доменот на образование, здравство, домување и пазарот на труд,
- да се збогати мрежата на социјални услуги за старите лица: да се анализираат можностите за отворање социјални услуги за помош во домашни услови, дневни центри, мали групни домови, самопомош
- изнаоѓање модули за евидентирање во матичната книга на родените заради остварување на правата од социјална заштита

## 5. Инфраструктурни проблеми

*Патишта*

- да се подобри локалната патна инфраструктура во малиот број рурални населби каде е потребно асфалтирање на локалните патишта

*Водовод*

- да се доизгради водоводниот систем во сите населени места

*Канализација*

- да се воспостави канализација во сите населени места

## 6. Еколошки проблеми

- да се спроведуваат мерките за зачувување на животната средина за да се намали проблемот со загаденоста на воздухот, почвата и водата
- редовно мониторирање на степенот на загаденоста на почвата

- да се изнајде решение за организирано справување со цврстиот отпад за да се реши проблемот со дивите депонии

**7. Меѓуинсти-туционална соработка во општината**

- унапредување на соработката меѓу Општината, МЦСР и Центарот за вработување преку интензивирано и поефикасно имплементирање јавни работи, активни мерки за вработување корисници на социјална заштита, членство во заеднички тела, едукација за можностите и облиците на нивна соработка во доменот на социјалната заштита, како и практична имплементација на заеднички проекти
- унапредување на соработката на Општината со приватниот и невладиниот сектор преку нивно партнерско вклучување за реализација на програми од областа на социјалната заштита
- Соработка со Бизнис секторот

**8. Социјална заштита**

*Од општина:*

- зајакнување на капацитетите на Одделението за здравствена и социјална заштита и заштита на децата со вработување социјален работник
- едукација на вработените во Одделението за здравствена и социјална заштита и заштита на децата за развивање на социјално-заштитните функции на општината
- едукација за стратешко планирање и изработка на програми од областа на социјалната заштита

*Од ЦСР:*

- намалување на корисниците на социјална парична помош преку интензивирање на активностите за нивно вработување во соработка со Центарот за вработување
- развивање на мрежата на вонинституционална заштита во општината
- разгледување на можностите за поедноставување на процедурата и упростување на обрасците за остварување на правата од социјална заштита

Вкупно население | 38092
Жени | 18900
Мажи | 19192
Писмени | 32143
Неписмени | 1468
Домаќинства | 11981
Станови | 14464
Просечен број на членови во домаќинството | 3.18

Површина | 382км$^2$
Надморска височина | 350 - 420 м

# ОПШТИНА КОЧАНИ



# 1. ОПШТИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОПШТИНА КОЧАНИ

Општина Кочани се наоѓа на 120 километри оддалеченост од Скопје, во источниот дел на Република Македонија, поточно ја зазема северната страна на Кочанската Котлина и го зафаќа просторот од двете страни на котлината, каде што таа ја напушта Осоговијата и ја проширува својата долина. Градот Кочани има јужна поставеност кон подножјето на Осоговските Планини (2.252 м). На 8 км кон југ, плодната Кочанска Котлина е затворена со планината Плачковица (1.754 м), а надморската височина на градското тло е до 450 м. Општината зафаќа површина 360,32 км$^2$, со најниска надморска височина од 320 м и највисока 2.085 м. Општина Кочани има 28 населени места, од кои 1 градско и 27 селски.

Населението во Кочани и Кочанско, во досегашниот развој, покажува различна динамика како во однос на вкупното движење така и врз структурните промени и просторната разместеност. На тоа влијаеле повеќе фактори, а посебно општествено-економските услови, потоа промените во етничката структура, природно-географските специфичности, миграциските движења и др. Според пописот на населението од 2002 г. во општина Кочани живеат 38.092 жители, од кои: Македонци – 35.472 (93,12%), Роми – 1.951 (5,12%), Турци - 315 (0,83%), Власи - 194 (0,50%), Срби - 63 (0,17%) и останати - 97 (0,26%). Општина Кочани брои 11.981 домаќинства и 14.440 станови. Според возраста, од 0 до 14 години се 7.199 лица, 15 - 29 години се 8.695 лица, 30 - 44 години се 8.449 лица, 45 – 64 се 9.847 лица и над 65 години се 3.889 лица, додека на 13 лица не им е позната возраста. Од вкупното население кое живее во општината, 19.192 се мажи, а останатите 18.900 се жени, од кои има 16.465 писмени мажи и 15.678 писмени жени, додека 1.468 лица го чинат неписменото население во општината. Економски активно население во општината брои 16.610 лица, од кои вработени се 10.257, а невработени се 6.353 лица. Економски неактивни се 13.922 лица.

Низ општина Кочани поминува магистрална сообраќајница со која таа се поврзува со Штип (30 км) и Велес (70), а потоа излегува на автопатот Скопје - Гевгелија, односно со оваа сообраќајница Кочани е поврзан со централна Македонија. Кочани е крстосница на повеќе регионални сообраќајници, со кои се поврзува со најблиските градови, на исток е поврзан со Виница (10 км), Македонска Каменица (30 км), Делчево (55 км), Берово (60 км), бугарска граница (65 км), а на запад е поврзан со Пробиштип (36 км) и Кратово (48 км). Сообраќајно значење има и постоечката железница која е изградена во 1926 год. Преку оваа железничка линија Кочани е поврзан со Штип – Велес - Скопје. Сообраќајната инфраструктура е следната: 26 села или 60,5% се поврзани со магистралниот пат преку регионални и локални асфалтни

патишта, 17 села или 39,5% се поврзани со земјени или шумски патишта. Во рамничарските и рамничарско-ридските села постои современа мрежа на улици, додека во останатите тоа не е присутно.

Традиционална стопанска гранка во Кочани е земјоделството за кое постојат одлични природни и агротехнички услови. Почвата е плодна од алувијално потекло. Најголем дел од обработливите површини се наводнуваат, поради што има изградено акумулациони објекти и разгранета каналска мрежа од 280 км. Оризот е најзначајна земјоделска култура со многувековна традиција, високи приноси и одличен квалитет. Годишно се сеат околу 3.500 хектари под ориз, со принос од над 5.000 кг/ха.

Општина Кочани, генерално, претставува средно развиен индустриски регион, во кој соодветно на условите кои владеат во државата стопанисуваат повеќе индустриски капацитети. Капацитетите кои се формирани пред осмостојувањето на Република Македонија се лоцирани, повеќето од нив, во индустриската зона, и тоа во источниот дел од градот покрај патот за Виница.

## 2. ИНСТИТУЦИОНАЛНИ КАПАЦИТЕТИ

**Образование:** Во општина Кочани има шест училишта за основно образование, и тоа: ОУ „Кирил и Методиј" со две подрачни училишта во с. Бели и с. Горни Полог каде се организира настава од прво до петто одделение, ООУ „Раде Кратовче" со подрачно училиште во с. Нивичани од прво до петто одделение, ООУ „Никола Карев" со две подрачни училишта во с. Тркање и с. Грдовци, ООУ „Малина Попиванова", ООУ „Крсте Мисирков" и ОМУ „Ристо Јуруков". Средношколското образование се реализира во две средни училишта СОУ „Гошо Викентиев" кое ги нуди електротехничката, машинската и сообраќајната струка и СОУ„Љупчо Сантов" кое покрај гимназиско образование нуди и образование од економската, правната и трговската струка. Во општина Кочани има и дисперзирани студии. Покрај постојниот Правен факултет кој е во рамките на штипскиот универзитет се воведуваат и економски факултет со две студиски насоки: здравствен и финансиски менаџмент, како и студиска насока - текстилно инженерство кое ќе постои во рамките на Технолошко-техничкиот факултет во Пробиштип. Исто така, Машинскиот факултет од Виница кој функционира во рамките на штипскиот универзитет „Гоце Делчев" ќе се префрли во Кочани. На новиот Машински факултет во Кочани ќе има насока производно машинство.

**Здравство.** Во општината има задоволителна мрежа на здравствени институции. Во градот има една општа болница, еден завод за здравствена заштита, еден здравствен дом, една поликлиника.

Покрај тоа има 17 здравствени ординации и 3 лаборатории. Во рамките на овие здравствени ординации има двајца интернисти и една гинеколошка ординација. Во градот Кочани има 15 стоматолошки ординации, од кои едната истовремено е и заботехничка лабораторија. Во општината има 20 аптеки, од кои три се во селата.

**Социјални установи:** Во општина Кочани предучилишно воспитание и образование се обезбедува преку детската градинка „Павлина Вељанова" во чиј склоп работат и четири најзини клонови. Нема ниту јавен, ниту приватен старски дом, а има две народни кујни. Мрежата на социјални услуги во општината се состои и од дневен центар за лица со посебни потреби, советувалиште за ХИВ/СИДА. Во општината има два клуба за пензионери.

**Културни установи:** Во општина Кочани постојат повеќе објекти од областа на културата. Општината располага со еден дом на културата, една киносала и една библиотека. Иако нема театар, секоја година во мај се организираат Мајските театарски смотри (драмски аматерски фестивал).

**Спортски објекти:** Во општина Кочани има еден фудбалски стадион, пет спортски сали и 12 спортски игралишта, како и отворен базен и терен за мини голф.

**Медиуми:** Во општина Кочани има две локални радија, две телевизии и два печатени медиуми.

**Граѓански организации:** Во Кочани постојат поголем број граѓански здруженија, но се наведува дека се активни околу 20. Регистрирани се поголем број спортски клубови од областа на фудбалот, кошарката, борењето, гимнастиката, каратето и шахот, а исто така има и неколку фолклорни друштва.

**Стопански субјекти:** Главни стопански гранки се трговијата, текстилната индустрија, автоделовите, градежништвото и земјоделството. На подрачјето на општина Кочани функционираат мал број стопански субјекти кои вработуваат над 150 лица (1%), а поголемиот дел од стопанските субјекти - 1385 се средни и 391 се мали стопански субјекти. Од вкупниот број стопански субјекти, 1900 се во функција, а 300 се надвор од функција. Но треба да се напомене дека овој број постојано варира. Најголем дел од големите капацитети се затворени во процесот на трансформација на општествениот капитал.

## 3. ДОМИНАНТНИ ПРОБЛЕМИ ВО ОПШТИНАТА

**Социјални проблеми:** Доминантни социјални проблеми се сиромаштијата и невработеноста. Една третина од работоактивните жители на општина Кочани (32,3%), односно 6963 лица се невработени. Половата структура на невработеноста покажува дека поголем дел

од невработените лица се мажи - 62,6% (4359), односно од вкупниот број невработени, 37,4% (2604) се жени. Со оглед на етничката структура на населението најголем дел се Македонци (6488), Роми (429), Турци (18), Срби (7), Власи (6), Албанци (2), Бошњаци (2) и останати (13). Дистрибуцијата на невработеноста според возрасната структура покажува дека најголем дел од невработените се на возраст над 50 години (2828), потоа следат 1450 лица на возраст 20-29, 1386 невработени лица на возраст 40-49 години и 1235 лица на возраст 30-39. Анализата на податоците покажува дека најголем број од лицата чекаат за вработување подолго од осум години, односно помалку од една година се невработени 1353 лица, до две години 1432, до три години 571, до четири години 312, од пет до седум години 931 и над осум години 2364 лица. Две петтини, односно 2892 (41,5%) од невработените лица се неквалификувани работници, од нив 1114 (38,5%) се жени. Полуквалификувани и квалификувани се 1619 (23,25%), од нив 294 (18,2%) се жени, со средна стручна спрема се 1784 (25,6%), од кои 828 (46,4%) жени, а со вишо 151 (2,2%), високо 494 (7,1%) од кои повеќе од половината или 303 (61,3%) се жени и 23 (0,33%) магистри, сите од машки пол. Во 2009 година биле ангажирани корисници на социјална парична помош за изведување јавни работи во општината. Ваков ангажман се врши и понатаму согласно со потребите на општината.

Центарот за вработување како надлежна институција во општина Кочани применува активни мерки за вработување согласно со оперативните планови на МТСП. Најголем дел од тие мерки се однесуваат на субвенционирано вработување, субвенционирано вработување со грантови и со кредитирање, практикантство, обука за познат работодавач, обука за дефицитарни занимања, професионална ориентација, вработување на инвалидни лица, работни клубови и др. Како дефицитарни занимања се наведуваат профилите: машински и градежни инжинери, аргонски заварувачи, информатичари итн.

Како најзагрозена група во однос на вработувањето се јавуваат повозрасните неквалификувани лица. Како што се посочува од Центарот за вработување, ромското население е многу малку активно, наспроти посебниот акцент кој е ставен во поглед на зголемувањето на степенот на нивната активност на пазарот на трудот. Во однос на корисниците на социјална парична помош се истакнува потребата за нивно ангажирање на работи од јавен интерес.

Од страна на Општината се нагласува недостигот од развиена мрежа на социјални услуги. Во општина Кочани во помала мера се јавуваат социјални проблеми поврзани со девијантно однесување, како и социјални проблеми поврзани со природни катастрофи.

**Инфраструктурни проблеми:** Општина Кочани има релативно добра инфраструктурна мрежа. Сообраќајната инфраструктура

се проценува како задоволителна, при што 60,5% се поврзани со магистралниот пат преку регионални и локални асфалтни патишта, додека 17 села или 39,5% се поврзани со земјени или шумски патишта. Во рамничарските и рамичарско-ридските села постои современа мрежа на улици. Општина Кочани со вода се снабдува од месноста Грдовски Орман, од каде што во водоводната мрежа протекува вода од 300 л/сек. Водоводната мрежа е во должина од 156 километри. Водоснабдувањето на селата е незадоволително, па така уште 10 села сè уште го немаат адекватно решено проблемот со водоснабдување. Населението во овие села, главно, се снабдува со вода од селските чешми, кладенците и приватните бунари. Канализационата мрежа е во должина од 82 километри и има во четири изливни места кои се слеваат во Кочанската и Оризарската Река. Не посотои одделен систем за атмосферски води. Во некои села не постои канализациона мрежа и систем за отстранување на течните отпадоци.

**Еколошки проблеми:** Во општина Кочани се истакнуваат неколку еколошки проблеми. Пред сè, се јавува проблемот со недостиг на прочистителна станица, потоа се истакнува проблемот со депонијата која не е изградена според еколошки стандарди. На подрачјето на општина Кочани постојат и одреден број диви депонии, а се посочува и проблемот со загадување на почвата под земјоделски култури заради користење хемиски препарати.

## 4. СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

**Општинска администрација:** Во рамките на општинската администрација постои Одделение за јавни дејности во чии рамки се третираат и прашањата од доменот на социјалната заштита. Во ова одделение нема вработен социјален работник. Општината има изготвено Стратегија за локален економски развој и Програма за социјални услуги и здравствена заштита. Соработката со граѓаните се одвива преку информирање на граѓаните, соопштенија на јавни места, упатување и помош при пополнување апликации. Како форма на помош за социјално загрозеното население е тоа што Општината доделува еднократна парична помош. За оваа ставка се издвојуваат 1.000.750 денари или 1,1% од од годишниот буџет на Општината.

**Меѓуопштински центар за социјална работа:** Меѓуопштинскиот центар за социјална работа се наоѓа во градот Кочани и тој е надлежен за жителите на три општини: Кочани, Чешиново/Облешево и Зрновци. Најоддалеченото место што го покрива општината е на оддалеченост од 18 километри, со околу 3000 жители. Во МЦСР има 17 вработени лица, од кои четворица се социјални работници, тројца правници и по еден социолог, психолог и правник,

а останатите се со средно образование. Вработените во Центарот се организирани според категоријален принцип на работа. МЦСР има на располагање опремени канцеларии. Сите стручни работници имаат компјутер, но немаат пристап до интернет. Центарот располага со едно возило.

МЦСР соработува со општинската администрација на Општина Кочани, и тоа најчесто преку писмени дописи и заеднички средби поврзани со реализација на одредени активности. По потреба се разменуваат информации во однос на корисниците на социјална парична помош за да можат да бидат ангажирани на работи од јавен итерес. Со училиштата се соработува во случај на малолетничка деликвенција, како и во случај на потреба за издавање школска потврда за членовите на домаќинството. Исто така се соработува со здравствените установи кога е потребно да се обезбеди некоја документација. МЦСР има добра соработка со Центарот за вработување. Се соработува и со локалните НВО.

Како најзначаен проблем за функционирање на МЦСР се издвојува преоптовареноста со материјалните давања. Како најпроблематична категорија корисници се издвојуваат барателите на социјална парична помош, особено припадниците на етничките заедници.

**Број и структура на корисници на мерки и услуги на социјална заштита:** Анализата на структурата на корисници на парична помош од социјална заштита на територијата на општина Кочани покажува дека во 2011 година, 841 лице биле корисници на социјална парична помош, додека 84 домаќинства се корисници на постојана парична помош. Паричен надомест за нега и помош на друго лице - 466 корисници, додека еднократна парична помош оствариле 39 лица и помош во натура 3 лица. Исто така, 3 лица користеле право на парична помош по основ на статус на дете без родители и родителска грижа. Право на здравствена заштита преку системот за социјална заштита користеле 35 лица. Како глава на домаќинствата се јавуваат лица од сите старосни групи. Правото на парична помош од социјална заштита најчесто не се остварува како резултат на ненавремено пријавување, вработување или отселување во други општини.

Од формите на вонинституционална заштита се јавуваат корисниците на народната кујна (46). Додека застапено е и привременото згрижување и сместување жртви на семејно насилство (7 корисници).

Од формите на институционална заштита, мал број лица од општината се згрижени во старски и детски домови. Поконкретно, згрижени се три малолетни престапника и две стари лица во ЈУ Дом за стари лица.

Како посебно се издвојува формирањето дневен центар за стари лица.

**Јавна здравствена установа:** Примарната здравствена заштита во општина Кочани се обезбедува во ЈЗУ Здравствен дом Кочани чии услуги ги користат 50000 жители од подрачјето на општините Кочани, Зрновци и Чешиново/Облешево. Во овој број влегуваат жителите од сите населени места-села кои припаѓаат на овој регион. Во поглед на човековите ресурси има 60 лица вработени, од кои четири лекари за итна медицинска помош, шест општи лекари, 3 лица во стручната медицинска служба со вишо образование, еден фармацевт, еден логопед, 22 медицински сестри, еден економист, еден правник, четири лица со гимназиско образование. Недостасува стручен кадар, особено специјалисти. Се јавува и недостаток на простор, а посочени се проблеми со затоплување и ладење на просториите за работа. Како резултат на исклучително ангажирање на сите вработени, ЈЗУ успева во целост да одговори на потребите на граѓаните.

**Корисниците ги добиваат следните видови здравствени услуги:** систематски прегледи на ученици, превентивни прегледи од училишен стоматолог, имунизација (вакцинација на деца, ученици и младинци), корекција на говор и други логопетски аномалии, давање итна медицинска помош и превоз на болни до најблиските болници, издавање лекови итн. За сите останати здравствени услуги, пациентите се препраќаат во Клиничкиот центар во Штип, Велес или во Скопје. Најголем е бројот на корисниците на специјалистичко-консултативните здравствени услуги, интерната медицина и итната медицинска помош.

Како најранлива категорија граѓани се малите децата, учениците, студентите и социјалните случаи. Но, од друга страна, радува податокот дека е сè поголем бројот на лицата кои вршат преглед и навремено го откриваат ракот, го лекуваат или пак превентивно вршат прегледи.

## 5. СОРАБОТКАТА НА ОПШТИНАТА СО ЛОКАЛНИТЕ АКТЕРИ

Општината остварува добра соработка со централната власт, но постои мислење дека таа треба да се зајакне. Општината има развиено добра регионална соработка, а исто така и добра соработка со ЗЕЛС. Градоначалникот е член на Управниот одбор на ЗЕЛС. Покрај тоа, таа се остварува преку давање мислење за различни законски решенија како, на пример, во однос на измените на Законот за градежно земјиште.

Соработката со Центарот за социјална работа се одвива на ниво на размена на информации за одлуки кои ги подготвува Општина Кочани, како и информации во однос на корисниците на услуги на МЦСР и народна кујна со која раководи МЦСР. Соработката со Центарот за вработување се оценува како добра, особено во доменот на размена на

информации и ангажирање невработени лица, корисници на социјална парична помош и издржување на општо корисни работи за општината. Локалната самоуправа има добра соработка и со невладиниот сектор. Таа ги поддржува нивните активности и технички и финансиски. Додека соработката со приватниот сектор не е на задоволително ниво.

## 6. РЕЗУЛТАТИ ОД ФОКУС-ГРУПИТЕ

Во Општината Кочани, во фокус-групите беа вклучени 20 учесници, од нив 12 од фокус-групата на невработените Роми, три лица од фокус-групата на лицата со оштетен вид и слепи лица и три лица од фокус-групата на пензионери.

Како најсериозен проблем се истакнува високата стапка на невработеност што го попречува социјалниот развој на општина Кочани, особено вработувањето на младите. Овој проблем беше посочен од испитаниците во сите три фокус-групи. Невработеноста во општината влијае врз појава на беда и на зголемен број корисници на социјална парична помош. Висината на социјалната помош според испитаниците не ги задоволува основните животни потреби, па затоа дел од нив посочуваат дека најчесто преживуваат преку собирање пластични шишиња. Исто така се истакнува негативниот ефект од исплаќањето на социјалната помош на трансакциските сметки бидејќи кај одредена група корисници доведе до неможност за користење на овие средства заради неподмирени долгови. Високата стапка на невработеност индиректно влијае и врз буџетот на пензионерите бидејќи скоро секој пензионер кој живее во заедница, финансиски ги потпомага членовите во семејството кои немаат свои примања.

*„Со помош само од ЦСР во висина од 2000 денари, јас си знам како живеам. Во општината има 20 деца кои шетаат по контејнери. И јас да имам од што да живеам, нема да одам по канти и да собирам шишиња од контејнери, но принудени сме, мораме. Ние како родители не сме во можност да им го пружиме она што им треба на децат".*

- Невработени Роми

*„Дали можеме вака да излеземе на крај, кога извршителите ни ја земаат од банка социјалната помош за неплатени средства за струја и вода. Условена е помошта за енергија, треба да ја платите сметката па да добиете пари. Извршители ни ги земаат работите, работи што ги имаме стекнато од нашите родители".*

- Невработени Роми

*„Негата е 4200 денари, таа се добива со задоцнување од еден месец. Таа е недоволна.“*

- Слепо лице

*„Основно е вработувањето на младите, со пензиите ние како ранлива група, со две пензии можеме да бидеме задоволни, но секое пензионерско семејство, одвојува за децата или за внуците“.*

- Пензионери

Испитаниците од групата млади лица од ромската етничка група посочуваат дека не се во можност секогаш да се вклучат во програмите кои ги применува Владата, во обид за намалување на проблемот на невработеност. Што се однесува до дискриминацијата во однос на можностите за вработување, се смета дека таа е сега намалена, а вработувањата најчесто зависат од партиската афилијација.

*„Ние Ромите не сме во можност, немаме средства за да се вклучиме во приватниот сектор. Даваат ниви, но ние немаме ни едно рало да се вклучиме во земјоделието, ако немаш алат, што ќе произведеш, нема да имаш средства да ги вратиш кредитите.“*

- Невработени Роми

Испитаниците од фокус-групата на лица со оштетен вид и слепи лица, посочуваат дека сериозен проблем претставува искористување на работниот труд за многу ниски примања од само шест до осум илјади денари.

Невработените лица - Ромите, како една исклучително ризична група, сметаат дека на нивната положба во голема мера зависи од примена на законите. Имено, дел од нивните приходи се директно зависни од опстојувањето на сивата економија, односно од препродажбата на мало.

*„Положбата на Ромите зависи од законите, казните се огромни, ако извадите една тезга имате огромни казни. Но, дали ние имаме пари да ги платиме тие казни? Робата што ја имаме е во висина на сто евра, а казната се во висина од илјада евра. Потребно е да се види кој и што работи, не можеме да платиме илјада евра. А и да имате дуќан, ќе ви најдат мала грешка и ќе ве казнат, затоа се затвораат дуќани, продавници.“*

- Невработени Роми

Сиромаштијата сериозно влијае врз остварувањето на правата од здравствена заштита. Имено, испитаниците посочуваат дека често не можат да си го платат лекувањето или пак не се во можност да

ги набават потребните лекарства. За подмирување на трошоците за лекување најчесто се обраќаат до ЦСР за еднократна помош, но решенијата за доделување се изготвуваат многу бавно, па за нив најчесто чекаат по два до три месеци.

*„Бев во болница, но уште не ми е доделена еднократна помош. Додека да ја прегледаат документацијата, чекам по три месеци за да добијам пари и да ги требувам лековите.“*

*„Кога одиме во болница, мораме да платиме, но еднократната помош не е навремена, ако е потребен лек, тој треба да се даде навремено. Ни испраќаат извршители, за неплатените сметки за лекување во болница.“*

*„Никаде корисник на социјална помош не плаќа, освен во Македонија. Сакаме европски закони, а живееме африкчи живот. Ова треба да се примени на сите, не само на нас Ромите.“*

- Невработени Роми

*„Еден дел од старите лица живеат со многу ниски примања, а многу трошат на лекови, особено старите кои живеат сами. За жал, децата ги посетуваат само кога се исплаќаат пензиите, не да им донесат нешто туку да и земат дел од нивните примања.“*

- Пензионер

Еден дел од испитаниците посочуваат на ограничувањата и ригидноста во однос на остварување на правата од социјална заштита. Посочен е примерот за недоделување на правото на туѓа нега.

*„Мојата живее со апарат во мозокот, четири пати поднесов барање и не ми доделија туѓа нега, а таа има апарт во главата, кога човек е пред умирачка ќе му следува негата.“*

- Невработени Роми

Во однос на социјалните услуги кои се обезбедуваат во рамките на општината се истакнува ограничувањето во однос на користењето на народната кујна. Во општината правото на оброк е ограничено само на старите и изнемоштени лица, односно лицата над 65 години. Истакната е институционалната нереспонсивност на потребите на граѓаните. Се нагласува лошиот третман на лицата со телесна инвалидност. Посочен е проблемот во однос на пристапноста на институциите и воопшто движењето во градот за телесните инвалиди. Истакнато е дека локалната самоуправа треба да воспостави поинтензивна соработка со Здружението на инвалиди, а не истата да се сведува само на изготовка на програми.

Се нагласува проблемот со повторување на постапките за остварување на правата, со што се создаваат непотребни трошоци за слепите лица кои го осиромашуваат и онака скромниот буџет со кој располагаат.

*„Локалната самоуправа не третира како просјаци. Кога одиме во општината се однесуваат како само пари да бараме, но нам некогаш ни е потребна помош и од човекови ресурси. Потребно е подигање на свеста кај граѓаните. Слепилото не е болест, ние можеме да бидеме покорисни и од луѓето кои гледаат. Кај нас, за жал, ние сме на многу ниско ниво, третманот кон нас е како кон просјаци, но овие примања се мали.“*

*„Третманот на слепите во институциите е многу лош. Сме се обратиле до локалната самоуправа, до Центарот за социјална работа, но не сме добиле помош. За 1000 денари помош, трошокот е 700 денари.“*

*„Некогаш непотребно се повторуваат постапките, на пример, јас повторно треба да одам на комисија за да се констатира слепилото, но целата постапка е скапа, треба да се плати 5000 денари.“*

- Слепи лица

Од страна на лицата со оштетен вид и слепите лица беше нагласено дека треба да се дејствува во правец на намалување на злоупотребите на Законот за вработување на инвалидизирани лица.

*„Третманот во фирмите во кои се вработуваат инвалидите е многу лош, постои висок степен на злоупотреба. Законот за вработување на инвалидизирани лица е лош, катастрофа. Во секоја фирма има најмалку четири вработени инвалиди, а има и фирми кои вработуваат и до 30 лица кои се сметаат за инвалиди, но се потполно здрави. Кога доаѓа инспекција им се дојавува на газдите и оние кои се нелегално вработени се тргаат од работното место.“*

- Слепи лица

Од страна на лицата-пензионери се посочува потребата за отворање старски домови. Постојат стари лица на кои им е потребна институционална заштита, наспроти нивната добра материјална положба.

Единствен излез од неповолната положба се гледа во унапредување на стандардот, но дел од испитаниците сметаат дека несигурноста на работните места влијае врз одржување на високиот број корисници на социјална парична помош и невработеноста. Како проблем се истакнува фактот што работодавците не даваат решение,

краткорочните вработувања се со договор на дело, а сезонските вработувања ги загрозуваат ниските, но сепак редовни примања на социјалната парична помош што доведува до намален интерес за вклучување на пазарот на трудот.

*„Потенцијали за развој! Треба да се отворат работни места за луѓето, постои дискриминација, не сакаат Роми во своите фирми. Само околу 5% од Ромите работат во текстилната индустрија.“*

*„Никој не ти дава решение, те вработуваат со договор на дело. Ако не испуштат од работа, две години сте без примања. Затоа луѓето се плашат да се вработат, бидејќи ќе ги изгубат средствата.“*

*„Ако сега одам да работам сезонски, ако ми ги испратам парите на трансакциска, нема да добивам социјална помош.“*

- Невработени Роми

## 7. РЕЗУЛТАТИ ОД АНКЕТНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ НА ДОМАЌИНСТВАТА ВО ОПШТИНА КОЧАНИ

### 7.1. Општи податоци за анкетираните домаќинства

Во општина Кочани беа анкетирани вкупно 100 домаќинства. Структурата на анкетираните домаќинства според типот на домаќинството покажува дека најголем број од анкетираните се неземјоделски (94%), потоа земјоделски (2,4%), мешовити (3,6%), а 17% од испитаниците не се произнеле. Според типот на населено место, најголемиот дел од испитаниците се од урбано подрачје (72%), рурално 24% и 4% од приградско подрачје. Старосната структура на испитаниците покажува дека најголемиот број испитаници се на возраст помеѓу 30 и 59 години (73%), додека 12% се над 65 година, а по 7% се на возраст 20-29 и 60-64 години. Анкетирано е само едно домаќинство каде главата на домаќинството е на возсраст помеѓу 15 и 19 години.

Графикон 1: Тип на населено место




Графикон 2: Возраст на главата на домаќинството




Дистрибуцијата на домаќинства по етничка припадност покажува дека 69 домаќинства се изјасниле како Македонци, 28 домаќинства се изјасниле како Роми и по едно домаќинство се изјаснило како албанско, српско и влашко. Загрижува високата застапеност на домаќинствата до три члена - 67%, при што најмногу се застапени двочлените домаќинства (26%), па едночлените домаќинства (22%) и трочлените со 19%. Само со 17% застапеност се четворочлените домаќинства, 14% петочлени и две шесточлени домаќинства. Од петочлените домаќинства, 64,3% се од ромска етничка заедница, 28,6% од македонска и 7,1% од албанска етничка заедница. Во 67 домаќинства глава на домаќинството е маж, а во 33 е жена. Постои релативно

изедначена распределба на едночлените домаќинства според пол, при што 54,5% се мажи и 45,5% се жени. Жената почесто се јавува како глава на двочлени домаќинства (53,8%). Во најголемиот дел од петочлените 85,7% и сите шесточлените домаќинства, главата на домаќинството е маж. Во најголем број од случаите главата на домаќинството е во брачна заедница (61%), во 13% се работи за лица кои се неженети/немажени и во 15% се работи за вдовец/вдовица.

Графикон 3: Тип на домаќинство




Графикон 4: Брачен статус на главата на домаќинството




Иако 92% од анкетираните лица се изјасниле какоописменети, голем дел се со нецелосно основно образование – 15% и 6% се без

никакво образование. Основно образование имаат оформено 34% од испитаниците, 36% средно образование, а само 9% имаат оформено вишо и високо образование. Во најголем број од домаќинствата, главата на домаќинството е невработен член (52%), пензионер (17%), работник (12%), службеник (6%), приватен претприемач (6%), домаќин/ка (5%) и по 1% продавач и земјоделец.

Графикон 5: Моментално занимање на главата на домаќинството




Како корисници на парична помош од социјална заштита се изјасниле 54 испитаници. Според полот на главата на домаќинството, 70,4% од корисниците на парична помош од социјална заштита се мажи. Треба да се забележи дека кај 59 домаќинства нема ниту еден вработен член, во едно домаќинство е вработен само еден член и четири домаќинства каде има евидентирано лица кои се со работен статус работодавци.

### 7.2. Вработување

Од вкупниот број анкетирани домаќинства, во 59 од случаите нема ниту еден вработен. Од нив, 50,8% од домаќинствата се македонски, 45,8% се ромски и 1,7% се албански. Притоа, во 14 домаќинства има само по еден вработен член, од кои половина се мажи, а половина жени. Од 13 домаќинства каде има по двајца вработени, 76,9% се од машки пол, а 23,1% се од женски пол. Само едно домаќинство каде главата на домаќинството е од машки пол има три вработени лица. Состојбата во однос на невработени лица во домаќинствата е следна: во 30 домаќинства има само по еден невработен член, од кои 195 од машки, а 11 од женски пол, а во 31 домаќинство има по две невработени лица, од кои 27 од машки и 4 од женски пол. Притоа се јавуваат и две семејства

со три невработени лица и едно семејство со четири невработени лица. Етничката структура на домаќинствата во кои има вработени лица е мошне неповолна за претставниците на помалите етнички заедници, односно само едно анкетирано домаќинство од српската етничка заедница има едно вработено лице.

Графикон 6: Број на невработени лица во домаќинството




Графикон 7: Вработени лица во домаќинството



### 7.3. Животен стандард

Извршената анализа од добиените податоци покажува дека 60 домаќинства не оствариле никаков приход од редовен работен однос во изминатите 12 месеци. Постои слична тенденција, односно 71% од домаќинствата каде глава на домаќинството е жена живеат без приходи од личен доход, наспроти 67,9% од домаќинствата каде глава на домаќинството е маж. Најголем дел од домаќинствата кои оствариле приход од редовен работен однос се работнички (33,3%), потоа следат службеници со 22,2%, приватни претприемачи - 18,5%, и 3,7% пензионери. Од вкупно 54 домаќинства кои се корисници на парична помош од социјална заштита, само две семејства оствариле приход од редовен работен однос во изминативе 12 месеци. Мал е бројот на домаќинствата кои посочуваат дека оствариле приходи од дополнителна работа, т.е. само шест домаќинства, и тоа три домаќинства од трговија/препродажба, две домаќинства од сезонска работа и едно домаќинство од работа по куќи. Во шеснаесет домаќинства се остваруваат приходи по основ на пензии.

Графикон 8: Основ по кој е остварен приход во изминатите 12 месеци




Од домаќинствата корисници на парична помош од социјална заштита, само 4,4% оствариле приход од дополнителна работа. Интересно е да се забележи дека од корисниците на парична помош од социјална заштита, 20% оствариле приход од деца/родители/роднини. Од испитаниците ниеден не остварил приход од имот (закуп, продажба). Приходите по други основи имаат незначителен удел во вкупниот буџет на домаќинствата.

Најголем дел од домаќинствата во последниот месец оствариле приход до 5000 денари (56,6%), додека 17% оствариле приход 5001 –

10000 денари, од кои три се корисници на парична помош од социјална заштита.

Графикон 9: Висина на остварен приход во изминатиот месец




Дистрибуцијата на одговори покажува дека во најголем број домаќинства кои остваруваат приходи до 5000 денари, главата на домаќинството е невработено лице (47), пензионер (4), домаќинка (4) и еден земјоделец. Приходи во висина од 5001 до 10000 денари оствариле 17 домаќинства. Приходи во висина од 10001 до 14000 ден. оствариле осум домаќинства, а по пет домаќинства оствариле приходи во висина од 14001 до 18000 денари, односно од 18001 до 23000. Приходи над 23001 ден. се остваруваат во осум од анкетираните домаќинства. Посебно внимание привлекуваат податоците кои се однесуваат на домаќинствата кои примаат до 5000 денари, на кои отпаѓаат 56% од анкетираните домаќинства. Од вкупниот број домаќинства каде жената се јавува како глава на домаќинството, 45,5% остваруваат приходи до 5000 денари, додека во домаќинството каде што маж е глава на домаќинството тој процент е 62,1%.

Графикон 10: Висина на приход во домаќинствата по пол




Анализата на податоците кои се однесуваат на домаќинствата каде што главата е неоженет/немажена покажува дека 92,3% од нив остваруваат приход помал од 5000 денари, додека 12,5% оствариле приходи од 10001 до 14000 ден. Слична е дистрибуцијата на приходи кај домаќинствата каде главата е вдовец/ца, односно каде 85,7% од домаќинствата остваруваат приходи до 10000 денари, додека 7,1% до 14000 денари.

Во однос на прашањето за консумирање топол оброк со месо, домаќинствата во кои се готви еднаш неделно се доминантни (44%), потоа следуваат домаќинствата во кои се приготвува топол оброк со месо двапати неделно (16%) и исто толкав процент домаќинства каде не се приготвува топол оброк со месо. Трипати неделно, 15 домаќинства приготвуваат топол оброк со месо, а по три домаќинства готват топол оброк со месо четири пати, односно секој ден. Во оваа категорија домаќинства дури 57,1% се невработени, 28,6% од анкетираните се пензионери и 14,3 работнички домаќинства.

Графикон 11: Консумирање на топол оброк во текот на неделата според занимање на главата на домаќинството




Во рамките на категоријата корисници на парична помош од социјална заштита, 26,9% од испитаниците истакнуваат дека ниту еднаш во неделата не приготвуваат топол оброк со месо, 63,5% консумираат еднаш неделно и 7,7% двапати неделно. Дистрибуцијата на одговорите според пол на главата на домаќинството покажува слична тенденција, при што најголем број од домаќинствата во кои глава на домаќинството е маж се консумира топол оброк еднаш неделно (48,4%), додека кај домаќинствата во кои жена е глава на домаќинството се консумира топол оброк еднаш неделно, односно во 39,4% од случаите. Се забележува висок процент на домаќинства каде жената е глава на домаќинството и ниту еднаш неделно не се приготвува топол оброк со месо (18,2%).

Графикон 12: Фреквенција на наведени одговори за недостиг на пари



Најголем број од испитаниците истакнале дека пари им недостасуваат најмногу за покривање на режиските трошоци (83), облека и обувки (73), храна и безалкохолни пијалоци (70) и за покуќнина и мебел (57). Повеќе од половина од испитаниците истакнале дека им недостасуваат пари за хигиена и здравје (53). Помал број испитаници истакнале дека им недостасуваат пари за образование (5), комуникации (32), рекреација и култура (19), а изненадувачки висок број истакнуваат дека им недостигаат парични средства за купување алкохолни пијалоци и тутун (17). Анализата покажува дека 61,3% од испитаниците кои истакнале дека им недостигаат пари за режиски трошоци се корисници на парична помош од социјална заштита. Истиот сооднос се задржува и во дистрибуцијата на одговори во однос на недостигот на средства за храна и безалкохолни пијалоци (66,7%), облека и обувки (65,3%), хигиена и здравје (48%) и образование (60%). Во однос на видот на облеката која им недостасува, испитаниците најчесто посочуваат на недостиг од зимска облека (40), обувки (5) и свечена облека (18). Најголем дел од испитаниците кои се корисници на парична помош од социјална заштита нагласуваат дека им недостасуваат парични средства за покуќнина и мебел (71,4%), а кај 75% од испитаниците е наведен недостатокот на средства за алкохолни пијалоци и тутун.

Поголемиот дел од домаќинствата живеат во живеалишта изградени од тврда градба (90). Најголем број од семејствата живеат во еднособен стан (41,7%), двособен (35,4%), трисобен (14,6%), а само 6,3% во четворособен и поголем. Анализата на станбените услови за живеење споредени со бројот на членовите на домаќинствата покажува дека најголем број од едночлените и петочлените живеат во еднособни станови, додека двочлените, тричлените и четворочлените домаќинства живеат во двособни станови. Според начинот на кој домаќинствата го загреваат домот е евидентиран висок процент на користење печки на тврдо гориво, дрва (86), мал број го загреваат домот со централно или сопствено парно (4), едно домаќинство со печка на струја и 4 на течни горива. Според тоа колкав број простории се загреваат, податоците укажуваат на намален квалитет на живеење во зимскиот период. Имено, најголем број од домаќинствата загреваат само една просторија во домот (63%), додека 24% две простории, а три и повеќе простории 10%. Три домаќинства одбиле да дадат одговор.

Графикон 13: Колку соби се загреваат




Графикон 14: Број на членови во домаќинството според големината на станот




Најголем дел од домаќинствата се приклучени на канализациона мрежа (74). Иста тенденција се забележува и кај корисниците на парична помош од социјална заштита, односно само три домаќинства имаат септичка јама. Кај 35 домаќинства, од кои 8 се корисници на парична помош од социјална заштита, во домот има веце со бања, веце во двор имаат 62 домаќинства, а веце во стан имаат 13 домаќинства. Резултатите покажуваат дека недоволен дел од домаќинствата се приклучени на водоводна мрежа, односно чешма во стан имаат 35 домаќинства. Евидентно е дека 28 домаќинства немаат бојлер, од кои 20 се корисници на парична помош од социјална заштита. Дел

од анкетираните домаќинства имаат недостиг од основните апарати за домаќинство, како што е електричен шпорет (19), фрижидер (9) и фижидер за длабоко замрзнување (39). Голем број од домаќинствата немаат компјутер (80), од кои 49 не можат да си дозволат, а 31 немаат потреба. Патнички автомобил немаат 81 домаќинство, од кои 63 не можат да си дозволат.

Графикон 15: Фреквенција на одговори во однос на апарати кои на домаќинството не му требаат



Графикон 16: Фреквенција на одговори во однос на апарати кои на домаќинството не може да си ги дозволи




## 7.4. Социјални проблеми и социјална заштита

Анализата на податоците во однос на социјалните проблеми покажува дека најзначајни се проблемите поврзани со социјалниот развој, и тоа невработеноста (56), сиромаштијата (67) и болест и инвалидност (5), односно (7). Од страна на анкетираните домаќинства како значајни проблеми се наведуваат и бракоразвод (4), семејно насилство (2) и алкохолизам (1). Испитаниците истакнуваат и социјални проблеми поврзани со природни еколошки процеси: пожар (3), поплава (3) и суша (1).

Графикон 17: Проблеми поврзани со социјален развој и девијации




Речиси половина од анкетираните домаќинства се или биле корисници на социјална парична помош (44), две домаќинства се или биле корисници на постојана парична помош, само едно домаќинство е корисник на парична помош на лице кое до 18 години имало статус на дете без родители и родителска грижа и едно домаќинство е корисник на парична помош за социјално домување. Како корисници на еднократна парична помош се утврдени три домаќинства. Помеѓу корисниците на социјална парична помош по 4% се работнички, домаќин/ка и слободна професија, додека 8% се пензионери и значително голем број се невработени лица (80%). Постои релативно иста тенденција во однос на дистрибуцијата на одговори според полот на главата на домаќинството. Во домаќинствата каде глава на домаќинството е маж, 68,1% се корисници на социјална парична помош, а ниеден не е корисник на постојана парична помош. Во домаќинствата каде жената е глава на домаќинството, 52,2% се корисници на социјална парична помош, а 10,5% на постојана парична помош.

Парична помош и помош во натура од невладина организација користеле или користат две домаќинства од ромската етничка група. Ваков вид помош од Општината користеле или користат по едно македонско и едно ромско домаќинство. Од верски или хуманитарни организации, ваков вид помош користеле три домаќинства, додека од приватни лица четири домаќинства, и тоа сите се од македонска националност.

Графикон 18: Корисници на социјална парична помош според занимање




Од формите на вонинституционална заштита се појавуваат само четири домаќинства кои користат право на домашна нега и помош, три користеле стручна помош и две домаќинства советодавни услуги од ЦСР. Само едно домаќинство користело институционална социјална заштита, и тоа сместување во институција за социјална заштита.

Како најзастапена форма на детска заштита се јавува детскиот додаток, односно пет испитаници истакнале дека користеле детски додаток, додека само еден испитаник се изјаснил дека користел еднократна парична помош за новороденче.

Графикон 19: Причини поради кои не користат парична помош



Графикон 20: Причини поради кои не користат детска заштита




Анализата покажува дека најголем дел од домаќинствата кои не остваруваат право на парична помош од социјална заштита немале потреба за остварување на ова право (69%). Загрижува податокот дека 20,7% од домаќинствата биле одбиени. Едно од овие домаќинства изјавило дека не користело социјална парична помош затоа што остварило приходи со собирање на пластични шишиња. Мал број од испитаните домаќинства наведуваат дека причини за некористење на правото е нивната неинформираност (3,4%). Истата тенеденција се забележува и во однос на користењето на правата од детска заштита. Имено, процентот на испитаници кои немаат потреба за користење на ова право е 78,6%, а одбиени се 14,3% од домаќинствата. Во однос на користење на формите на вонинституционална и институционална заштита, најголем дел од испитаниците немале потреба (76,9%), биле одбиени (15,4%) и немање целосна документација (7,7%).

### 7.5. Здравство и исхрана

Анализата на податоците во однос на здравственото осигурување на домаќинствата покажува висока покриеност од 92% од случаите каде сите членови на семејството се здравствено осигурени. Загрижува фактот што кај 5% од домаќинствата, здравствено се осигурени дел од членовите, додека во 2% од домаќинствата не е осигуран ниеден член од домаќинството. Анализата на податоците покажува дека 60% од домаќинствата кои не се здравствено осигурени се пензионерски домаќинства, а во 40% се работи за семејства каде

главата на домаќинството е домаќин/ка. Најголем број од лицата-корисници на парична помош од социјална заштита се здравствено осигурани (96,3%). Дистрибуцијата на одговорите според етничка припадност на домаќинствата во кои делумно се осигурени членовите е следна: 66,7% од нив се од македонска, 33,4% од ромска етничка група, додека кај едно домаќинство од македонска и едно од ромската етничка група нема ниту еден осигуран член.

Графикон 21: Здравствено осигурување по националност




Утврден е висок процент на здравствено осигурени домаќинства во кои мажот е глава на домаќинството (95,5%), малку помала е застапеноста на здравствено осигурени домаќинства во кои жена е глава на домаќинството (87,9%).

Од вкупниот број домаќинства, најголем дел користат јавни здравствени услуги (услуги на јавни здравствени установи и купуваат лекови од позитивната листа) во случај на болест (97%). Мал број од вкупниот број испитаници купуваат лекови кои не се на позитивната листа (1%). Значајно е да се забележи дека 2% од испитаниците не посетуваат лекар и користат алтернативни начини на лекување, а се корисници на парична помош од социјална заштита.

За најголем број испитаници, најблискиот здравствен дом е на оддалеченост помеѓу 16 и 30 минути (48%), за 44% од испитаниците тој е на далечина до 15 минути, а многу мал број испитаници живеат на оддалеченост поголема од 30 минути (6%).

Графикон 22: Оддалеченост на здравствениот дом




## 7.6. Образование

Од вкупниот број домаќинства опфатени со истражувањето, 35 домаќинства имаат деца кои се на возраст од шест и повеќе години, односно деца кои се вклучени во образовниот процес. Од нив 10 домаќинства имаат едно дете кое посетува основно образование, шест домаќинства имаат две деца кои посетуваат основно образование, осум домаќинства имаат едно дете во средно образование, додека пет домаќинства имаат едно дете на факултет, а две домаќинства имаат по две деца вклучени во високо образование.

Графикон 23: Број на деца вклучени во образование



Графикон 24: Број на деца во домаќинството вклучени во образование според користење на правото на парична помош од социјална заштита




Анализата на податоците покжува дека е евидентирано едно домаќинство кое има две деца на школска возраст, а не се вклучени во редовните образовни процеси. Исто така, анализата покажува дека само шест деца кои се вклучени во основно и средно образование нередовно го посетуваат училиштето и наставата.

Од вкупниот број домаќинства со деца на школска возраст, 15 домаќинства примаат парична помош од социјална заштита. Од нив 12 домаќинства имаат деца во основно образование, три домаќинства имаат деца во средно образование, а ниту едно домаќинство нема деца на факултет. Дистрибуцијата на одговори во однос на занимањето на главата на домаќинството покажува дека деца вклучени во образовните процеси имаат 27,3% од работничките домаќинства, 50% од домаќинствата каде главата на домаќинството е службеник, 11,8% од домаќинствата каде главата е пензионер и останатите, семејства на раководител и приватен претприемач.

Во најголем број случаи, 70,4% од домаќинствата со деца кои посетуваат основно образование живеат на оддалеченост од основното училиште помала од 1 км, додека само во четири случаи се јавуваат домаќинства кои се на оддалеченост поголема од 4 км. Од вкупниот број домаќинства чии деца посетуваат основно училиште ниедно не користело право на помош во образованието. Кај домаќинствата чии деца посетуваат средно училиште, само едно домаќинство користело право на бесплатен превоз. Други форми на помош за образование не се користат од страна на домаќинствата. Од сите форми за помош на

високо образование, само едно домаќинство зема стипендија и едно домаќинство користи упис во квоти.

### 7.7. Спорт, забава и култура

Испитаниците од општина Кочани истакнале дека во нивното населено место има спортско игралиште (60), лулашки (49), кафе-бар (45), библиотека (50), ресторан (63), маркети (60) и интернет-кафе (45). Недостасуваат кина и театри. Најголем дел од испитаниците (67 домаќинства) истакнале дека ниеден член од нивното домаќинство не користи интернет. Во 21,1% од случаите на користење интернет, испитаниците користеле домашен компјутер, а само во четири случаи користеле интернет од интернет-кафе.

## 8. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

### 8.1. Заклучоци

**1. Доминантни дејности**

- земјоделство (оризот е најзначајна земјоделска култура)
- трговија
- текстилна индустрија
- градежништво
- производство на автоделови

**2. Институ-ционални капацитети**

*Образование:*

- 6 ЦОУ
- 5 подрачни училишта до петто одделение
- 2 средни училишта, од кои едно комбинирано со гимназиско и стручно образование и едно само стручно образование
- 2 факултета во рамки на дисперзираните студии

*Здравство:*

- задоволителна мрежа на здравствени установи
- 17 здравствени ординации
- 3 лаборатории
- 2 интернисти и една гинеколошка ординација
- 15 стоматолошки ординации, од кои во една има и заботехничка лабораторија
- 20 аптеки, од кои 3 во селата

*Социјала:*

- Меѓуопштински центар за социјална работа во градот Кочани
- 1 детска градинка со четири клонови
- 2 народни кујни
- 1 дневен центар за лица со посебни потреби
- 1 советувалиште за ХИВ/СИДА
- 2 клуба за пензионери
- нема ниту јавен ниту приватен дом за стари лица

*Култура/Спорт/Забава/Здруженија на граѓани:*

- 1 дом на култура
- 1 киносала
- 1 библиотека
- нема театар, но организира Мајски театарски смотри
- 1 фудбалски стадион
- 5 спортски сали
- 12 спортски игралишта
- 1 отворен базен
- 1 терен за миниголф
- 20 активни невладини организации
- регистрирани поголем број спортски клубови од област на фудбалот, кошарката, борењето, гимнастиката, каратето и шахот
- неколку фолкорни друштва

*Медиуми*

- 2 локални радија
- 2 локални телевизии
- 2 печатени медиуми

*Стопански субјекти:*

- 1900 стопански субјекти со седиште на територијата на општина Кочани, но околу 300 не се активни
- 1385 се средни претпријатија
- 391 се мали стопански субјекти

**3. Социјални проблеми**

- доминантни проблеми: сиромаштија и невработеност
- 32,3% од работоспособното население е невработено
- 62,6% од невработените се мажи
- 41,5% од невработените лица се неквалификувани работници, а само мал дел т.е. 25,6% се лица со средно образование, а 9,3% се со вишо или високо образование
- 20,8% од вкупниот број невработени лица се на возраст 20-29 години
- (34%) или една третина од лицата се невработени осум и повеќе од осум години
- во помала мера се јавуваат проблеми поврзани со девијантно однесување и социјални проблеми поврзани со природни катастрофи

*Социјално ранливи групи население*

- како најзагрозена група се сметаат сиромашните семејства
- старите лица
- ромското население
- лицата со посебни потреби

**5. Инфраструктурни проблеми**

*Патишта*

- задоволителна патна инфраструктура со исклучок на некои рурални населби

*Водовод*

- добро развиена водоводна мрежа во градот
- 156 километри водоводна мрежа. Водоснабдувањето на селата е незадоволително, 10 села немаат адекватно решен проблем со водоснабдување

*Канализација*

- 82 километри канализациска мрежа
- не постои одделен систем за атмосферски води
- во некои села не постои канализациска мрежа и систем за отстранување на течните отпадоци

**6. Еколошки проблеми**

- недостиг на прочистителна станица
- депонија која не е изградена според еколошки стандарди
- диви депонии
- загаденост на почвата  која е под земјоделски култури заради користење хемиски препарати

**7. Меѓуинституционална соработка во општината**

- генерално добра соработка со сите релевантни актери
- добра соработка со централната власт
- добра соработка со ЗЕЛС
- добра соработка со Агенцијата за вработување
- добра соработка со граѓанските здруженија
- недоволно развиена соработка со приватниот сектор
- не е остварена соработка со верските организации

**8. Социјална заштита**

*Од општина:*

- Одделение за јавни дејности во чии рамки се третираат и прашања од доменот на социјална заштита
- нема вработен социјален работник
- Стратегија за локален економски развој
- Програма за социјални услуги и здравствена заштита
- Општината доделува еднократна парична помош за граѓаните и во случај на потреба, за реализација на оваа форма се издвојуваат 1,1% од буџетот на Општината

*Од ЦСР:*

- корисници на СПП: 841 домаќинство
- корисници на ППП: 84 домаќинства
- корисници на НПДЛ: 466 домаќинства
- корисници на ЕПП: 39 домаќинства

- корисници на помош во натура: 3 домаќинства
- корисници на парична помош по основ на статус за дете без родители и родителска грижа: 3 корисници
- право на здравствена заштита користеле 35 лица преку системот на социјална заштита

## 8.2. Препораки

### 1. Доминантни дејности

- Потенцијалите за развој, главно, се гледаат во развојот на преработувачката прехранбена индустрија, земјоделството, постоењето на индустриската зона и постојната патна мрежа која ја претставува основата за динамечен локален и регионален економски развој.

### 2. Институ-ционални капацитети

*Образование:*

- унапредување на просторните капацитети во доменот на образованието, особено во доменот на високото образование

*Здравство:*

- да се унапредат просторните услови за работа на ЈЗУ
- кадровско доекипирање на ЈЗУ особено со специјалисти
- обезбедување поголем спектар на специјалистички услуги во ЈЗУ за да се намали потребата за патување надвор од општината за задоволување на здравствените потреби на граѓаните
- посебен фокус да се стави на отворањето амбуланти во руралните планински населени места

*Социјална заштита:*

- подобрување на техничките можности на МЦСР, со зголемување на средствата за патни трошоци за да се оствари теренската работа, да се подобри пристапот до интернет и друга неопходна опрема за работа

- отворање дом за стари лица
- обезбедување грижа во домовите за старите и изнемоштени лица

*Култура/Спорт/Забава*

- реновирање на постојниот културен дом
- да се промовира развојот на невладиниот сектор и да се воспостават нови здруженија на граѓани
- да се обезбеди одржување на постојните спортски објекти

*Стопански субјекти:*

- да се предвидат мерки и активности за зголемување на инвестициите на територијата на општината

**3. Социјални проблеми**

- да се промовираат програми за вработување на долгорочно невработените лица
- да се зголеми бројот на корисници на социјална заштита кои се вклучени во активните мерки за вработување
- да се подобри насочувањето (таргетирањето) на активните мерки кон долгорочно невработените и ефективноста во однос на вработувањето на корисниците за социјална заштита
- да се насочат мерките на обука, преквалификација и доквалификација кон дефицитарните занимања во општината
- да се креираат програми и мерки со кои ќе се намали процесот на иселување на младото и работоспособно население од општината

*Социјално ранливи групи население*

- да се предвидат мерки за социјално вклучување на Ромите во доменот на образование и пазарот на труд
- да се отвори старски дом за стари лица
- да се збогати мрежата на социјални услуги за старите лица: да се анализираат можностите за отворање социјални услуги за помош во домашни услови, дневни центри, мали групни домови

## 5. Инфраструктурни проблеми

*Патишта*

- да се подобри локалната патна инфраструктура во руралните населби каде што е потребно асфалтирање на земјените патишта

*Водовод*

- изнаоѓање адекватно решение за водоснабдување во руралните населени места кои се соочуваат со овој проблем

*Канализација*

- да се дооформи канализацискиот ситем со воспоставување систем за атмосферски води

## 6. Еколошки проблеми

- да се предвиди изградба на прочистителна станица
- да се најде решение за надминување на проблемот со дивите депонии
- редовно мониторирање на степенот на загаденост на почвата
- да се подигне квалитетот на работа на постојната депонија според современите еколошки стандарди

## 7. Меѓуинституционална соработка во општината

- унапредување на соработката меѓу општината, МЦСР и Центарот за вработување преку интензивирано и поефикасно имплементирање јавни работи, активни мерки за вработување корисници на социјална заштита, членство во заеднички тела, едукација за можностите и облиците на нивна соработка во доменот на социјална заштита, како и практична имплементација на заеднички проекти
- унапредување на соработката на Општината со приватниот и невладиниот сектор преку нивно партнерско вклучување во реализација на програми од областа на социјалната заштита

## 8. Социјална заштита

*Од општина:*

- зајакнување на капацитетите на Одделението за јавни дејности кое ги третира прашањата во доменот на социјалната заштита
- едукација на вработените во Одделението за јавни дејности за развивање на социјално-заштитните функции на општината
- едукација за стратешко планирање и изработка на програми од областа на социјалната заштита

*Од ЦСР:*

- намалување на корисниците на социјална парична помош преку интензивирање на активностите за нивно вработување во соработка со Центарот за вработување
- развивање на мрежата на вонинституционална заштита во општината

Вкупно население | 18497
Жени |8926
Мажи | 9571
Писмени | 15830
Неписмени | 700
Домаќинства | 5698
Станови | 7157
Просечен број на членови во домаќинството | 3.25

Површина | 482,89 $км^2$
Надморска височина | 271 м

# ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ



## 1. ОПШТИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

Општина Свети Николе се наоѓа во областа Овче Поле. Таа на север се граничи со општина Куманово, на североисток со Кратово, на исток со Пробиштип, на југ со Штип, на југозапад со Велес и на запад со општина Петровец. Како резултат на местоположбата, општина Свети Николе е под влијание на континентални и медитерански климатски влијанија. Зафаќа површина од 480 км $^2$, а ја чинат градот Свети Николе и 34 села со исто толку месни заедници. Градот Свети Николе се наоѓа во средишниот дел од котлината.

Наспроти големиот број села кои влегуваат во состав на општината, најголемиот дел од нив се со мал број жители. Според официјалните податоци од пописот во 2002 година, само две села во општината имаат повеќе од 800 жители, 24 села се мали со помалку од 300 жители, од кои 18 имаат помалку од 100 жители. Загрижувачки е фактот дека осум села имаат под 10 жители и две се евидентирани како селски населби, но тие се раселени. Со оглед на релјефната структура, најголем број села, и тоа 17 се рамнински, 14 се ридски, додека нема ниедна планинска населба.

Според податоците од пописот во 2002 година кои ги дава Државниот завод за статистика, Свети Николе има вкупно 18.497 жители, од кои машки – 9.671 и женски – 8.826. Густината на населеност во општината изнесува 30,38 жители/км$^2$. Според возраста, 4.793 (26%) се лица до 19 години, потоа од 20 до 64 години се вкупно 11.398 (62%) и од 65 и повеќе години има вкупно 2.306 (12%) жители. Според етничката припадност најбројни се Македонците со вкупно 18.005 (97,3%) жители, потоа Турците – 81 (0,4%), Ромите – 72 (0,4%), Власите – 238 (1,3%), Србите – 71 (0,4%) и останати – 29 (0,2%). Од вкупното население во општината, 13.746 лица живеат во урбани населби, додека останатите 4.751се рурално население.

Градот со вода се снабдува од два системи, и тоа од системот за алтернативно водоснабдување и хидросистемот „Злетовица“. Потрошувачката на вода се движи од 35 л/сек. во зимскиот до 70 л/сек. во летниот. Системот за канализација ги зафаќа отпадните фекални комунални води само од урбаната средина, односно од самите домаќинства и се двои на три дела. Низ општината поминуваат два регионални правци, и тоа: М5, регионален правец од Штип до Велес, на оддалеченост од градот со 9,5 км; и 4М6, регионален правец од Штип кон Куманово кој поминува до самиот град. На овие патни правци се поврзани и повеќе локални правци.

Покрај шумите и водите од природните, најзначајни се рудните богатства. Појавата на рудните богатства, бездруго, се условени од геолошко-тектонската еволуција на Овчеполската Котлина. Меѓутоа, геолошко-рударските истражувања во Котлината сè уште не се

завршени. Едни од нив се јавуваат како енергетски извори, односно каустобилити (јаглен, парафински шкрилци, нуклеарни суровини), но во многу мал дел како метали и неметали каде до скоро се експлоатираше азбест, а трети служат како градежен материјал кој е присутен низ повеќе локалитети особено Ѓуриште и с.Макреш.

Овчеполието е познат земјоделско-сточарски регион. Како еден од најголемите природни ресурси во општината се јавува земјоделското земјиште (22.430,6 ха обработливо земјиште), а земјоделството учествува со 38,8% во општествениот производ на општината. Изобилува со почва од повеќе класи, со посебна внатрешна вредност-бонитет. Има и систем за наводнување кој покрива 8000 ха обработлива површина. Во општината има голем број сончеви денови и постојат идеални услови за одгледување житни, индустриски и градинарски култури. Од житните култури најмногу се одгледуваат пченица, и тоа на 8500 ха површина, потоа јачмен на 5100 ха и пченка на 230 ха. Од градинарските култури се одгледуваат компир на површина од 50 ха, кромид на 70 ха, лук 60 ха, домати 61 ха, зелка 60 ха, пипер 51 ха и бостан на 180 ха. Од индустриските култури најмногу се одгледуваат сончоглед на површина од 655 ха, потоа тутун на 200 ха и афион на само 5 ха. Пасиштата се распространети на површина од 18.439 ха, додека ливадите на 579 ха. Лозовите насади зафаќаат земјоделска површина од 722 ха. Свети Николе располага со природно поволни услови за развој на сточарството. Што се однесува до податоците за грла на стока, во општина Свети Николе има 2.708 грла говеда, 25.669 грла овци, 1.097 грла кози, 90 коњи, 187 магариња и 16.830 кокошки.

Добро е да се спомне дека за општината карактеристичен е и ловниот туризам како посебна гранка која привлекува домашни и странски туристи, а овозможува лов на дивеч на 8 ловишта со вкупна површина од 65.420 ха. Од дивечот е присутен дивиот зајак, полската еребица, волкот и грабливите птици од видот орел. Атрактивни се туристичките локалитети Богословец, а посебно Ѓуриште како највисока точка на општината со 856 м надморска височина каде постои и културно наследство - манастир од 15 век „Света Богородица“.

## 2. ИНСТИТУЦИОНАЛНИ КАПАЦИТЕТИ

**Образование:** Во општина Свети Николе има три основни училишта, и тоа: ООУ „Гоце Делчев“ во чии рамки работат три подрачни училишта, ОУ „Кирил и Методиј“ со едно подрачно училиште и ОУ „Даме Груев“ со четири подрачни училишта. Во ОУ „Кирил и Методиј“ е отворена и една специјална паралелка. Во Свети Николе наставата за средно гиманзиско образование се изведува во СОУГ „Кочо Раци“ каде се нуди гимназиско образование, како и средно стручно образование

за пет различни профили, и тоа: ветеринарен техничар, техничар за фармерско производство, техничар за хортикултура, автомеханичар/мехатроничар и преработувач на месо и млеко.

**Здравство:** Главен носител на примарната здравствената заштита во општина Свети Николе е ЈЗУ „прим. д-р Ѓорѓи Гаврилоски". Покрај оваа носечка установа, здравствената заштита на територијата на општина ја обезбедуваат и осум ординации со матични лекари, девет стоматолошки ординации, како и четири приватни аптеки. Во општината функционира Служба за брза помош. Иако нејзиниот возен парк е модернизиран, постои потреба за набавка на специјално опремено возило за брза помош.

**Социјални установи:** Во општина Свети Николе има една јавна установа за предучилишно воспитание и образование, ситуирана во градот Свети Николе „Рахилка Гонева" и таа има два објекта. Приватна детска градинка нема. Во општина Свети Николе нема ниту јавен, ниту приватен старски дом.

**Културни установи:** Во општина Свети Николе најзначајна установа во која се реализираат голем дел од културните збиднувања е Домот на културата. Во него работи и народна библиотека, киносала во која се одвиваат културно–уметнички дејности на полето на музиката, фолклорот, драмската уметност, литературата, филмската дејност итн.

**Спортски објекти:** Во општина Свети Николе има една спортска сала, десет спортски игралишта, од кои пет за мали спортови, два фудбалски терена и три детски игралишта.

**Медиуми:** Во општина Свети Николе има две приватни локални радија, една локална телевизија и еден локален информатор.

**Граѓански организации:** На територија на општина Свети Николе има 19 активни граѓански здруженија. Исто така, Свети Николе има четири спортски клубови, и тоа фудбалски клуб, женски ракометен клуб „Свети Николе", кошаркарски клуб „Овче Поле", ракометен клуб „Овче Поле МИ Свети Николе".

**Стопански субјекти:** Главни стопански гранки се земјоделството, производството и преработката на земјоделски и месни производи, лозарството, текстилната индустрија и сточарството. На подрачјето на општина Свети Николе функционираат триесет големи стопански субјекти со над сто вработени лица (МИК „Свети Николе", БИМ, АД „Мода", „Лион" итн.), 546 средни, 600 мали стопански субјекти, од кои 1126 се во функција, а 50 се надвор од функција. Најголем дел од големите капацитети се затворени во процесот на трансформација на општествениот капитал.

## 3. ДОМИНАНТНИ ПРОБЛЕМИ ВО ОПШТИНАТА

**Социјални проблеми:** Најзначаен социјален проблем е високата стапка на невработеност на младото и работоспособно население. Покрај тоа, во општината Свети Николе постои проблем со предвременото прекинување на образованието што е честа појава помеѓу припадниците на ромската етничка заедница[11]. Депопулацијата на општината станува сѐ позачестена појава. Во тој процес дел од лицата кои ја напуштаат општината се преселуваат во поголемите градови, а не е редок случајот на преселување на цели семејства во Италија или Словенија.

Доминантни социјални проблеми во општината се проблемите поврзани со социјалниот развој: сиромаштијата, невработеноста и социјалната исклученост. Во јули 2012 година, во Центарот за вработување-Свети Николе се евидентирани вкупно 3725 невработени лица, од кои 37,55% (1399) се жени, а повеќе од една третина или 36,10% се од рурална средина. Според возрасната структура од 20 до 24 години, од вкупно 395 лица, 165 се жени, на возраст 25-29, од вкупно 425 лица, 164 се жени. Податоците покажуваат дека стапката на невработеност е највисока кај лицата на возраст 50-65 години и изнесува 37,50% или 1397 лица, потоа 20,46% (762 лица) на возраст 25-34 години и 18,66% (695) невработеност на лица на возраст 35-44 години. Особено загрижува високата стапка на невработеност кај младите лица на возраст 20-24 години, односно 10,47% (390 лица од кои 1655 се жени) од вкупниот број невработени. Најголем дел од невработените лица се нискокфалификувана работна сила (1524 од кои 675 жени), потоа со завршено средно образование (1275 од кои 425 жени) и најмал дел (334 од кои 170 жени) се со завршено вишо и високо образование. Од вкупниот број невработени, 30,7% чекаат на вработување над пет години. Од друга страна, бројот на вработени во јавната администрација, посебно во образованието е навистина голем.

Центарот за вработување, како надлежна институција за постапување во случај на невработеност, реализира активности и програми за самовработување, програма за поддршка и формализирање на постојните бизниси, субвенционирано вработување, обуки за прекфалификација и доквалификација, бесплатни курсеви и практиканство, поддршка при вработување или самовработување на лица со инвалидитет преку посебен фонд наменет за нивно вработување кој постои во рамките на АВРМ. Јавните работи се реализираат согласно со потребите на локално ниво, како и во зависност од интересите на граѓаните од општината. Во соработка со Општината, Јавното комунално претпријатие и Центарот за социјална

11 Поголем дел од Ромите во општина Свети Николе се населени во градот и во маалата Шутка и Рудина.

работа при општината реализираат јавни работи. Овие активности се реализираат скоро секоја година, а бројот на лица кои се активирани во јавните работи секоја година е различен и зависи од повеќе фактори (финансиски, просторни, капацитети, интереси и сл.). Според податоците од 2009 година, биле ангажирани 96 невработени лица, додека во 2012 година оваа бројка е некаде околу 20.

На ниво на Агенцијата за вработување на Република Македонија постојат годишни програми и планови кои се однесуваат и за секоја општина посебно. На локално ниво се следат овие акциски планови, програми и мерки.

Според проценките на локалниот Центар за вработување како најзагрозена категорија граѓани од аспект на вработувањето се посочуваат лицата кои останале технолошки вишок на поголема возраст (над 55 години) и кои најчесто имаат средно образование, а истовремено не ги исполнуваат ниту условите за пензионирање. Тие остануваат најчесто без работа заради возраста или скратената работоспособност. Голем е бројот на лица кои се високообразовани, меѓутоа од одреден профил за кој во периодов нема доволно потреба за работно ангажирање (општествените науки). Во оваа категорија загрозени лица се и Ромите. Тие најчесто се со завршено осмо одделение и се неконкурентни на пазарот на трудот. Како во државата така и во општина Свети Николе, како дефицитарни занимања се машинските инженери, ИТ-техничари, кадри од техничките факултети – технолози (посебно текстилни). Бидејќи ова е крај каде што производството и преработката на земјоделските и текстилните производи се главни дејности, честопати се случува да има недостиг од високообразован кадар од овие струки.

Како значајни проблеми кои добиваат посериозни димензии се истакнуваат социјалните проблеми на старите лица. Како резултат на интензивните миграции од Свети Николе се јавува една категорија граѓани кои имаат потреба од помош и заштита. Со оглед на фактот што во општина Свети Николе воопшто не е развиена мрежата на локални социјални услуги за стари лица, овој проблем добива сè поголем интензитет.

Ромската заедница се издвојува како посебна етничка група која во најголема мера се соочува со социјални проблеми, пред сè, како резултат на ниското ниво на образование или пак недооформеното образование.

Бројот на овие лица во општината е многу голем и тие во голем број случаи се корисници на одредена услуга од Центарот за социјална работа. Нивното ниско ниво на образование доведува тие да не се конкурентни и квалификувани на пазарот на трудот, па со тоа се зголемува и степенот на невработеност во општината. Најчесто се ангажираат за сезонска работа и работат за мали дневници.

Во општина Свети Николе во помала мера се јавуваат социјални проблеми поврзани со девијантно однесување, како и социјални проблеми поврзани со природни катастрофи.

Согласно со податоците од МЦСР голем е бројот на корисници на туѓа нега, што значи дека и тоа е еден од главните проблеми со кој се соочуваат општината и институциите.

**Инфраструктурни проблеми:** Општина Свети Николе има релативно добра инфраструктурна мрежа. Низ општината поминуваат два регионални правци, и тоа: М5, регионален правец од Штип до Велес, на оддалеченост од градот 9,5 км; и 4М6, регионален правец од Штип кон Куманово кој поминува до самиот град. На овие патни правци се поврзани повеќе локални правци. Сообраќајната поврзаност на градот со селските населби во целост не ги задоволува потребите, пред сѐ, заради тоа што од вкупната должина – 107,95 км само 41,45% (46,07 км) се асфалтирани, додека 14,34% (15,94 км) се тампонирани локални патишта, 29,15% (32,40 км) се земјени коловози, а должината на непробиените патни правци  изнесува16,74 км што претставува 15,06%.

**Водоснабдувањето** на градот Свети Николе е унапредено по приклучување на хидросистемот „Злетовица". Инаку, покрај овој хидросистем, градот се снабдува со вода за пиење и од системот за алтернативно водоснабдување кој се состои од десет бунари чија вода се прочистува и по природен пат се носи до резервоар од 1500 $м^3$. Пет рурални населени места, и тоа: Ерџелија, Црнилиште, Кнежие, Гробници, Д. Гуганци, Немањици, Стањевци, Мустафино, Пеширово, Кадрифаково и Сопот имаат изградено сопствени водоводи кои ги задоволуваат нивните потреби за вода, додека во Амзабегово има недостиг од вода. Останатите рурални населени места се снабдуваат со вода за пиење од селските јавни чешми или бунари, кои во летниот период не ги задоволуваат потребите на жителите. Исто така, евидентна е и појавата на фекално и бактериолошко загадување. Во делови од градот посебен проблем претставуваат старата водоводна мрежа; непостоењето на атмосферска канализација во поголем број улици; несоодветната димензија на канализационата мрежа и санацијата на улици.

**Канализацискиот** систем е наменет за собирање на отпадните фекални комунални води само од урбаната средина, односно од самите домаќинства, водите од индустрискиот дел и делумно собирање на атмосферските води од градската средина. Фекалниот канализационен систем се состои од повеќе улични колектори кои се поделени во четири зони од каде излегуваат четири главни колектори. Сите овие главни колектори се поврзани во еден собирен градски колектор каде отпадните води ги транспортира до прочистителната станица што се наоѓа помеѓу индустријата и градската средина.

**Еколошки проблеми:** Во општина Свети Николе како позначајни еколошки проблеми се издвојуваат проблемот со третманот

на комуналниот отпад, како и квалитетот на водата за пиење надвор од населените места и во дел од селските населби во одреден календарски период од годината. Проблем со кој се соочува општината е немањето соодветна депонија. Во градот постои една депонија која не ги задоволува стандардите, како и диви депонии на разни локации низ градот.

## 4. СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ВО ОПШТИНАТА

**Општинска администрација:** Во рамките на општинската администрација нема посебно одделение за социјална заштита, туку надлежностите се реализираат од страна на Одделението за локален економски развој. Во одделението нема вработен социјален работник, но вработената работи и на работните задачи од социјалната заштита, а по вокација е психолог. Општината има изработено Стратегија за локален развој која ја опфаќа и областа од социјалната заштита со предвидени проекти и активности.

Во општинската администрација се вработени вкупно 45 лица. Од нив, по осум економисти и правници, пет архитекти и по еден електроинженер, психолог, социолог, педагог, а останатите 20 лица се со средна стручна спрема. Со новата систематизација на работните места се предвидува вработување на социјален работник. Соработката со граѓаните најчесто се остварува преку редовните средби со градоначалникот, отворената телефонска линија, преку веб-страницата на општината, доставата на барања во писмена форма по пошта, отворената контакт-емисија на која граѓаните можат да поставуваат прашања директно до градоначалникот, јавниот информатор и службените гласници кои се објавени на општинската веб-страница. Покрај тоа, Општината ги информира граѓаните преку локалните медиуми – Радио Свети Николе и телевизија ТВ Свет.

Основниот буџет на Општината изнесува 90.205.809,00 денари, од нив за социјални трансфери се издвојуваат 500.000,00 денари, што претставува 0,55% од буџетот на Општината. Распределбата се донесува врз основа на одлука од советот и правилник. Комисија составена од советници и вработени од општината.

**Општината за социјално загрозеното население развива различни форми на социјална помош и заштита.** Во општината се отворени шелтер центар за згрижување на лицата-жртви на семејно насилство и  дневен центар за лица со посебни потреби. Во обид да помогне на жените заболени од рак на дојка, организира хуманитарен настан каде собраните средства се донираат на заболените жени. Во соработка со МТСП е отворена народна кујна преку која се обезбедува топол оброк за најзагрозените жители. Во соработка со Владата на

Република Македонија изгради пристапни рампи за инвалидизираните лица до сите јавни објекти. За секое новороденче одвојува средства како еден вид парична помош. Доделува новогодишни подароци за учениците во основните школи, како и за лицата со посебни потреби. За социјално најзагрозените семејства доделува социјални пакети со основните продукти. Секое лето, за лицата со посебни потреби организира камп во детското одморалиште во Дојран. Вклучена е во реализација на проектот „Палијативна служба" - ублажување на болките на пациентите со помош на рана идентификација и проценка, како и терапија против болки и други проблеми (физички, емотивни, социјални, културни и духовни) за полесно справување со болеста на пациентот, како и полесно соочување на семејството со болеста. Го спроведува Проектот за јавни работи (2009 и 2012) – финансиски поддржан од Владата, преку Агенцијата за вработување на РМ и Општина Свети Николе.

**Меѓуопштински центар за социјална работа:** Меѓуопштинскиот центар за социјална работа кој е ситуиран во Свети Николе е месно надлежен и за жителите на општина Свети Николе и општина Лозово. Најоддалеченото место кое го покрива ЦСР е околу 20-25 км оддалеченост од Свети Николе. Ова населено место е со околу 150 жители, а вработените од Центарот го посетуваат еднаш неделно во зависност од потребите. ЦСР има 18 вработени и еден волонтер, од нив петмина се социјални работници, тројца социолози и правници, по еден педагог, психолог, економист и еден дефектолог, волонтер. Административно-техничката служба во ЦСР Свети Николе има четири лица. Просторните и техничките капацитети на Центарот се девет канцелариски простории, во кои најчесто работат по двајца вработени. Во ситуација кога е потребно да се зачува приватноста на странката, се користи посебна канцеларија. Центарот располага со две возила, 20 компјутери, 5-10 печатачи, скенери и копири. **Дневниот центар за лица со посебни потреби,** кој е во надлежност на ЦСР, располага со една просторија со површина од 45 до 50 м$^2$, една кујна од 10 м$^2$, купатила и тоалет. Сензорна соба која е технички опремена преку донација од проект, со големина од 15 м$^2$. Дневниот центар има и два компјутера и еден печатач, копир и телефон. **Центарот за заштита на жртвите од семејно насилство** располага со три работни простории од 15 м$^2$, две спални соби кои се комплетно опремени со кревети, постелнина, мебел и сл., една соба за дневен престој (ТВ, клуб-маса и сл.) и подрумски простории со околу 15 м$^2$. Центарот за социјална работа остварува добра соработка со сите релевантни актери во општината. Соработка со локалната самоуправа се оценува како неизбежна. При обезбедување потврди за странките и корисниците на социјалните услуги најчесто се соработува со УЈП. Соработката со Општината се одвива преку учество

на претставници од МЦСР во креирање на локалните политики и програми за обезбедување социјална заштита. Исто така, Општината при делењето на социјалните пакети најчесто го контактира МЦСР во однос на лицата на кои им е потребна истата. Соработка постои и во однос на техничка, материјална и морална поддршка при реализација на одреден настан или активност. Шелтер центарот за заштита на жртвите од семејно насилство е дел од проект кој е финансиран делумно од Општината и тој беше под нејзина надлежност, но сега е целосно под надлежност на МРСП, односно на МЦСР Св. Николе.

Соработката со Центарот за вработување најчесто се однесува на размена на информации и податоци за одредени корисници. Таа, исто така, се одвива доколку треба да се спроведе одредена мерка којашто е актуелна, на пример, во случај кога се спроведува мерка за работно ангажирање на корисници на СПП. МЦСР соработува со Центарот за вработување и во однос на мерките за самовработување или субвенционирано вработување. Понекогаш се случува заради административно–технички услови и барања, бирократизација и внатрешни протоколи и правилници за работа, соработката да биде одложена или одолжена. Но во секој случај, сето тоа е за заштита на личните податоци на лицата или пак за заштита при работењето и незлоупотребувањето на одредени ингеренции.

Постои висок степен на соработка со училиштата на локално ниво, најпрвин во однос на директните корисници на условен паричен трансфер, и тоа: деца во ризик, малолетници-сторители на кривични дела, а потоа и во однос на превентивните активности кои се однесуваат за малолетниците (односно учениците). Се спроведуваат активности во училиштата и се разменуваат податоци за одредени деца и нивните семејства, како и за односите во семејствата (доколку кај одреден ученик се забележи промена во однесувањето или успехот). Во училиштата и градинките нема вработено социјален работник, па кога ќе се појави одредена потреба од овој кадар, Центарот излегува во пресрет, а социјален работник од МЦСР го презема случајот. Исто така, треба да се истакне дека просториите каде што се наоѓа Дневниот центар за лицата со посебни потреби, се отстапени од детската градинка „Рахилка Гонева" – Свети Николе.

Соработката со невладините организации (на локално и национално ниво) е на високо ниво. НВО секторот честопати ја надополнува работата на МЦСР на подрачјето на социјалните услугите. Се разменуваат податоци, информации, се креираат заеднички настани, а МЦСР учествува и покажува интерес за активностите кои ги реализра НВО секторот. Постои обострана поддршка и во однос на хумани, технички и просторни ресурси. Претставници од МЦСР се членови на разни локални координативни тела кои се формирани од НВО секторот (ЛКТ за превенција и заштита од семејно насилство –

ОШО Свети Николе). Имаат соработка со Црвен крст при реализирање крводарителски акции, донација со облека, храна или средства за хигиена. УНДП комплетно го опреми шелтер центарот. Преку донација и проект е опремена и „сензорната соба“ во Дневниот центар за лицата со посебни потреби. Соработката се одвива преку покана и учество со активности кои имаат одлучувачки карактер, креирање идеи, програми и политики на локално ниво. Од страна на НВО секторт се обезбедуваат голем број обуки за вработените на МЦСР, конференции, семинари и патувања.

Соработката со приватниот сектор е индиректна. Комуникацијата е многу поретка и неконтинуирана, во споредба со јавните институции и НВО секторот. Соработката со приватниот сектор се однесува само во случај на активни мерки кои се спроведуваат од страна на МТСП, во смисол на субвенционирано вработување (посебно ако се однесува на одредена категорија лица). Понекогаш се случува обострано да биде побарана одредена информација, заинтересираност за некаква активност или слично, но реализацијата многу тешко се остварува. Понекогаш доколку постојат амбиции и личен интерес, соработката кај микропретпријатијата ќе постои само додека трае интересот на една од страните. МЦСР досега нема остварено некаква форма на соработка со Православната црква како единствена верска заедница која постои на територијата на општината.

Не се наведуваат посериозни проблеми кои би ја отежнале работата на стручните кадри во МЦСР. Се случува во одреден временски период обемот на работата да биде поголем, но сепак капацитетите со кои располага МЦСР Свети Николе (човечки и технички) овозможуваат нивно навремено и професионално решавање. Понекогаш се случува одредена промена во политиките, законите и одредени програми да го променат текот на работата, да се појават несакани реакции, негодувања и незадоволства од страна на корисниците, меѓутоа сето тоа се решава без поголеми последици врз индивидуата и врз целокупната работа на МЦСР Свети Николе.

Како најпроблематична група корисници се корисниците на СПП, материјално необезбедените лица кои се без образование или пак некомплетирано образование. Не знаат да прочитаат, многу тешко разбираат за што станува збор и не успеваат да ја комплетираат документацијата. Бројот на ваквите корисници воопшто не е за занемарување.

**Број и структура на корисниците на мерки и услуги на социјална заштита:** Анализата на структурата на корисници на парична помош од социјална заштита на територијата на општина Свети Николе покажува дека 250 домаќинства се корисници на социјална парична помош, 70 семејства користат постојана парична помош, 370 лица се јавуваат како корисници на помош и нега од туѓо

лице. Во просек се доделуваат по 10 еднократни парични средства. Субвенции за потрошена енергија користат 300 домаќинства, условен паричен надоместок за средношколци 25 корисници, детски додаток 41 лице, посебен додаток 65 лица, а родителски додаток 60 лица. Се истакнува дека правото на парична помош од социјална заштита најчесто не се остварува како резултат на неможноста клиентите да ја комплетираат документацијата, како и нерасчистените имотно-правни односи кај корисниците.

Општина Свети Николе има Дневен центар за лица со посебни потреби кој моментално опслужува 10 корисници. Од институционална заштита, Општина Свети Николе досега на две лица им овозможила заштита во рамките на Центарот за згрижување на жртвите од семејно насилство. Во општината има и пензионерски дом каде во моментот се сместени четири корисници. Исто така, жителите на општина Свети Николе користат институционална заштита во следните социјално-заштитни институции ширум Републиката: во старските домови „Зафир Сајто" и „Киро Крстевски Платник" пет корисници; десет корисници се сместени во Специјалниот завод за тешко и длабоко ментално ретардирани лица – Демир Капија, три деца се сместени во ЈУ за згрижување деца со воспитно-социјални проблеми „25 Мај" Скопје.

Институционално се згрижени три лица, од кои едно дете во СОС Детското село во Скопје, едно лице во Бања Банско и едно во Демир Капија.

Во општинскиот центар Свети Николе функционира народна кујна во која се приготвуваат 150 оброци дневно. Функционирањето на народната кујна финансиски го поддржува Министерството за труд и социјална политика.

Во општина Свети Николе се нагласува потребата за отворање дом за стари лица, сервиси за стари и изнемоштени лица, облици на неформално образование, клубови, советувалишта и сл. Иако е спроведена неколкумесечна кампања од страна на Центарот за социјална заштита Свети Николе, нагласен е слаб одзив и интерес за згрижувачки семејства кои недостасуваат како вонинституционална заштита.

Општината има капацитет за децентрализација во социјалната заштита. Како најголема пречка за децентрализација се недоволните финансиски средства за сервисирање на сите потреби на социјално загрозените лица, а како придобивки се ажурирањето на базата на податоци на социјално загрозените лица, можностите за побрзо интервенирање и реализирање на потребите на оваа група.

**Јавна здравствена установа:** Примарната здравствена заштита во општина Свети Николе се обезбедува во ЈЗУ „Прим. д-р Ѓорѓи Гаврилски", Здравствен дом-Свети Николе кој е јавна

здравствена институција чии услуги ги користат 21000 жители од подрачјето на општина Свети Николе и општина Лозово. Во овој број влегуваат жителите од сите населени места-села кои припаѓаат во овој регион. ЈЗУ има седум пунктови, и тоа во Лозово, Ерџелија, Мустафино, Црнилиште, Горобинци, Немањици и Ѓуѓанци. Во поглед на човековите ресурси има вработено 78 лица, од кои четири лекари за итна медицинска помош, девет лекари специјалисти, 3 лица во стручната медицинска служба со вишо образование, 30 лица медицински персонал со средно образование, три биохемичари и 29 лица во административно-техничката служба. Недостасуваат лекари по општа медицина за итна медицинска помош, специјалисти за специјалистичко-консултативна дејност, како и медицински персонал за превентивна здравствена заштита. Што се однесува до недостигот од специјалисти, постои потреба од гинеколог бидејќи таков нема во јавното здравство, рендгенолог (има само еден), како и педијатар и неуропсихијатар. Овој кадар ќе се пензионира за неполна година, а нема лекари од Светиниколско кои специјализираат во оваа област. Со оглед на капацитетите со кои располага Здравствениот дом, како во поглед на персонал така и во поглед на опрема ги задоволува потребите на граѓаните на општина Свети Николе и општина Лозово. Тој има добра соработка со приватните здравствени установи и со специјалистичките амбуланти кои користат простории под закуп од јавната здравствена установа, па потребите се задоволуваат и преку овие облици на соработка.

**Корисниците ги добиваат следните видови здравствени услуги:** итна медицинска помош, специјалистичко-консултативна здравствена заштита (оториноларинголог, офтамолог, неуропсихијатар, интернист, педијатар), превентивна здравствена заштита (вакцинација, школска медицина, превентивна стоматологија), РТГ дијагностика и лабораториски услуги. За сите останати здравствени услуги, пациентите се препраќаат во Клиничкиот центар-Штип, болницата во Велес или во Скопје. Најголем е бројот на корисниците на специјалистичко-консултативните здравствени услуги, интерната медицина и итната медицинска помош. Се зголемува бројот на лицата кои ги користат и апаратите за мамографски и ехо-прегледи.

Како најранлива категорија граѓани се децата и хронично болните лица (срцево болните и бубрежно заболените). Како посебна ризично-ранлива категорија се заболените од малигни заболувања, чија бројка постепено расте. Но, од друга страна, радува податокот дека е сè поголем бројот на лицата кои вршат прегледи и навремено го откриваат ракот, го лекуваат и се излекувани.

Како мерки што можат да ја подобрат состојбата на Здравствениот дом во Свети Николе се обезбедување пософистицирани медицински апарати за интерна медицина, доопремување на родилната сала

со ехо-апарати, ЦТГ апарати, боци за кислород и сл. Возниот парк на Здравствениот дом е збогатен и обновен, но сепак е потребно комплетно опремено возило за брза помош, односно опрема во итната медицинска помош (со дефибрилатори и сл.). Исто така, потребно е обезбедување на поголеми финансиски средства за лекување на хронично болните лица, зголемување на листата на лекови кои се под Фондот за здравствена заштита итн. Овде мора да се спомене и потребата од зголемување на медицинската патронажа во домовите, посебно за старите и изнемоштени лица, како и за родилките и новородените бебиња.

Најголемите проблеми на кои наидуваат во работата се постоењето на законските пропусти во врска со обезбедувањето здравствена заштита и транспорт до друга институција на душевно болните лица. Проблем претставува и недоволниот број доктори во итната медицинска помош, како и недостиг на средства за реконструкција на дел од објектот.

## 5. СОРАБОТКАТА НА ОПШТИНАТА СО ЛОКАЛНИТЕ АКТЕРИ

Општината има добра соработка со ЗЕЛС која се остварува преку дописи доставени од нивна страна – прашалници, барања, записници доставени од министерствата, а препратени од ЗЕЛС до општините, информации во врска со институциите под надлежност на Општината, достава на покани за работни средби до градоначалникот кој е член на Управниот одбор на ЗЕЛС и достава на покани за доквалификација на кадарот во Општината (семинари, обуки).

Општина Свети Николе активно учествува во меѓуопштинската соработка со соседните општини – посебно на полето на зајакнување на капацитетите на бизнис- секторот за стандардите на квалитетот и промоција на руралниот туризам заедно со општините Штип и Карбинци. Со општините од источниот и југоисточниот регион, Општината има реализирано регионални проекти во делот на промоција на економските потенцијали, истражување на геотермалните потенцијали, создавање база на податоци за патната инфраструктура во двата региона, како и програма за формирање и функционирање на регионална фондација за МСП и регионален водич за инвеститори. Во рамките на вардарскиот регион, Општината учествува во подготовка на заеднички регионални проекти. Со општините од овој регион досега беа изготвени два регионални проекта: поддршка за брендирање на земјоделските производи од регионот со обука на земјоделскиот сектор и проект за туристичка промоција на регионот.

Соработката на Општината со Агенцијата за вработување се реализира преку директни контакти со вработените, постојани дописи, како и преку ангажирање корисници за изведување јавни работи.

Општината реализира соработка со граѓански здруженија најчесто преку консултации. Добра соработка има со Организацијата на жени од Свети Николе, а се јавува и како кофинансиер на некои активности на невладините организации.

Соработката со приватниот сектор не е доволно развиена. Генерално се соработува кога има саемски презентации на стопанските капацитети на општината.

Соработката со централната власт се одвива преку заеднички проекти, како што се народната кујна, организација на јавните работи и проекти од областа на образованието, здравството, инфраструктурата и др. Меѓутоа се нагласува потребата за интензивирање на процесот на децентрализација и промена на системот на финансирање на единиците на локалната самоуправа, со што би се зголемиле изворите на приходи на општините.

## 6. РЕЗУЛТАТИ ОД ФОКУС-ГРУПИТЕ

Во општина Свети Николе, во фокус-групите беа вклучени 27 испитаници, од нив 12 од фокус-групата на лица со малигни заболувања, осум самохрани родители и жртви на семејно насилство и седум Роми.

Како посериозни проблеми кои го попречуваат социјалниот развој на општина Свети Николе се истакнуваат високата стапка на невработеност, особено невработеноста на младите, иселувањата на младите лица и сиромаштијата. Според испитаниците, сиромаштијата помеѓу невработените лица не може да се ублажи преку социјално паричната помош бидејќи со неа не можат да се задоволат основните животни потреби. Сиромаштијата е присутна и во семејствата каде едно или две лица се приматели на пензија, како резултат на здравствените проблеми кои се поврзани со периодот на староста бидејќи нивните средства не се доволни и најголемиот дел од нив ги трошат на лекови.

*„Парите не ни стигнуваат ни за плаќање на сметките. Поголемиот дел од годината ни е исклучена струјата. Ниските примања не овозможуваат да ја одржиме хигиената на соодветно ниво.“*

-Роми

*„Ако финансиски ми се скратени некои работи, јас сум парализирана, не можам да си ги задоволам основните потреби... Генерален проблем е невработеноста. Во фирмите кои се активни, како и во конфекциите од Штип, луѓето најчесто работат на нико доходовни работни места...“*

-Жени заболени од малигни заболувања

Дел од испитаниците посочуваат дека правото на еднократна парична помош можат да го користат само кога добиваат упат за лекување во Скопје. Според испитаниците од групата Роми единствено право кое го користат е народната кујна.

Испитаниците од групата жени заболени од малигни заболувања сметаат дека за развој на општината е неопходно искористување на потенцијалите на младите и образованите кадри за да се спречи нивното иселувања од општината.

*„Сите млади се отидени од Свети Николе, работат во странство.“*

- Жени заболени од малигни заболувања

Сиромаштијата сериозно влијае врз остварувањето на правата од здравствена заштита. Имено, испитаниците посочуваат дека често не можат да си го платат лекувањето или пак не се во можност да ги набават потребните лекарства. За подмирување на трошоците за лекување најчесто се обраќаат до ЦСР за еднократна помош, но тоа право го остваравуваат само ако имаат упат за преглед или за лекување во друг град, најчесто Скопје.

*„Кој друг проблем, проблемот е укинување на бесплатната партиципација која во минатото им следуваше на заболените од рак или шекерашите, јас сум невработена, ќерката ми е невработена, не ми стасуваат пари за лекување.“*

- Жени заболени од малигни заболувања

За намалување на трошоците поврзани со здравствената положба се нагласува потребата од отворање на регионален онколошки, радиолошки центар во кој ќе може да се администрира хемотерапија. Па така, наместо да патуваат во Скопје од раните утрински часови и да чекаат долги редови, се предлага терапијата да се прима во некој од соседните градови, на пример, во Штип како центар на Источна Македонија.

Сериозен проблем е и третманот на заболените лица од страна на работодавците. По едногодишно лекување, некои од лицата наместо да бидат преместени на други работни места, ги губат работните места каде стекнале стаж повеќе од 20 години. Лошиот третман од работодавците беше посочен и од страна на самохраните мајки. Тие посочуваат дека ниските примања и условувањата од страна на работодавците за потпишување договори за работа од две години за месечни примања во висина од 5000 денари, ги демотивираат младите и тие многу брзо ги напуштаат работните места. Исто така се посочува злоупотребата на волонтерството бидејќи секои три месеци

се менуваат волонтерите кои се надеваат дека ќе добијат вработување. Кога се распишува конкурс не се вработуваат оние кои волонтирале на одредена позиција, туку сосема други лица.

## 7. РЕЗУЛТАТИ ОД АНКЕТНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ НА ДОМАЌИНСТВАТА ВО ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

### 7.1. Општи податоци за анкетираните домаќинства

Во општина Свети Николе беа анкетирани вкупно 100 домаќинства. Според местото на живеење, 73% од анкетираните домаќинства живеат во урбано населено место, а 27% во рурално населено место. Во 84 домаќинства, главата на анкетираните е од машки пол. Структурата на анкетираните домаќинства според типот на домаќинството покажува дека најголем број од анкетираните се неземјоделски (86%), земјоделски (1%), мешовити (11%), додека 2% од испитаниците одговориле дека не знаат каков е карактерот на нивното домаќинство.

Графикон 1: Број на испитаници според населено место



Графикон 2: Тип на домаќинство




Дистрибуцијата на домаќинствата по етничка припадност покажува дека 84 домаќинства се изјасниле како Македонци, 15 домаќинства се изјасниле како Роми и едно како турско домаќинство. Најголема е застапеноста на четворочлените домаќинства (22%), а само едно домаќинство е седмочлено. Во најголем број од случаите, главата на домаќинството е во брачна заедница (78%), во 3% од случаите се работи за лица кои се неженети/немажени, 2% разведен/а и во 17% од случаите се работи за вдовец/вдовица.

Графикон 3: Брачен статус на главата на домаќинството




Иако 94% од анкетираните лица се описменети, загрижува фактот што дури 57% од нив се со нецелосно основно или завршено основно образование, а 27% се со средно образование, без образование се 6%, а со вишо и високо образование се 10%. Во 60 од нив, главата на домаќинството е невработен член, а од нив 4 се технолошки вишок и еден стечаец. Потоа, 23 се пензионери, 10 работници, двајца службеници и по еден домаќин/ка и земјоделец. Повеќе од една третина или 36 од

анкетираните лица се изјасниле како корисници на социјална парична помош, а од нив дури 75% се без оформено или со основно образование.

Графикон 4: Степен на формално образование на главата на домаќинството




Графикон 5: Степен на формално образование на главата на домаќинството корисник на права од социјална заштита




Најголем број домаќинства наведуваат дека изворите на приходи потекнуваат од редовен работен однос, приходи од дополнителна работа и пензии. Загрижува фактот дека за 36 домаќинства социјалната заштита е еден од изворите на приходи.

Графикон 6: Извори на приходи на домќинството




Според добиените податоци, 35,71% од испитаниците кои се изјасниле дека според типот на домаќинство припаѓаат на неземјоделско семејство и 36,36% од мешовитите домаќинства се корисници на социјална заштита.

Графикон 7: Корисници на социјална заштита според тип на домаќинство



### 7.2. Вработување

Треба да се забележи дека кај 49% од домаќинствата нема ниту еден вработен, во 22% од домаќинствата има по еден вработен член, во 14% два вработени члена, а само во едно домаќинства има по три лица вработени. Во 37,25% од домаќинствата каде глава на домаќинството е маж нема ниту еден вработен. Во 45,10% каде глава на домаќинството е маж има само еден вработен, во 13,73% има двајца вработени и само 3,92% се домаќинства во кои има тројца вработени. Слична тенденција се јавува кај домаќинствата каде жената е глава на домаќинството. Имено во овие домаќинства, кај 50% има по еден член кој е вработен, а во 16,67% ниту еден не е вработен. Важно е да се напомене дека дури во 33,34% каде глава на домаќинство е жена има повеќе од еден вработен.

Графикон 8: Полова структура на вработени лица, глави на домаќинството




Од вкупниот број анкетирани домаќинства, 76 се соочуваат со проблемот на невработеност, а дури во 49 домаќинства нема ниту еден вработен. Во најголем дел од домаќинствата има по еден член (82%), во 16% има по два члена невработени, а во 2% до три невработени члена. Во 9% од домаќинствата има еден член, а во 2% има два члена кои се прогласени за технолошки вишок/стечаец. Притоа постои релативна рамномерна распределеност на невработените лица по пол, при што 51% се од машки, а 49% од женски пол.

Графикон 9: Застапеност на број на невработени лица во домаќинството




Графикон 10: Полова застапеност на невработени лица во домаќинствата




### 7.3. Животен стандард

Извршената анализа од добиените податоци покажува дека 64 домаќинства не оствариле никаков приход од редовен работен однос во изминатите 12 месеци. Во рамките на семејствата со маж глава на домаќинството се јавува повисок процент, односно 36,1%, 4% на домаќинства со остварен приход од личен доход, наспроти 31,3% домаќинства каде маж е глава на домаќинството. Најголем дел од домаќинствата кои оствариле приход од дополнителна работа се невработени (60,4%), а работнички семејства 18,2%.

Графикон 11: Извори на приходи на домќинството




Привлекува внимание фактот дека во општина Свети Николе се јавуваат 34,3% домаќинства кои оствариле приход од дополнителна работа, и тоа 16 домаќинства корисници на парична помош од социјална заштита. Приходи од дополнителна работа оствариле 32,3% од домаќинствата со глава на домаќинството маж и 2% со глава на домаќинство жена. Интересно е да се забележи дека мал процент од корисниците на парична помош од социјална заштита оствариле приход од земјоделска дејност (8,3%). Треба да се забележи дека 75% од домаќинствата со глава на домаќинството жена остваруваат приходи од пензии, за разлика од тоа што ниедно од овие домаќинства не остваруваат приходи од земјоделство. Од вкупниот број анкетирани домаќинства, приходи по основ на социјална заштита оствариле 37%, од пензии 33%, додека од приходи од деца, родители и роднини остваруваат 23% од домаќинствата. Загрижува фактот дека најголем дел од домаќинствата оствариле приход од 5000 денари (38%), додека 41% во последниот месец оствариле приход од 5001 до 14000 денари. Приходи во висина од 14001 до 23000 денари оствариле 9% од домаќинствата, 7% оствариле приход од 18001 до 30000 денари и 5% од домаќинствата оствариле приход над 30001 денар.

Графикон 12: Висина на остварен приход во претходниот месец




Најголем дел, 66,7% од невработените лица остваруваат приходи под 5000 денари, како и 9,1% каде главата на домаќинството е работник. Притоа, 80,6% од домаќинствата корисници на парична помош од социјална заштита остваруваат приход под 5000 денари. Од вкупниот број домаќинства каде жената се јавува како глава на домаќинството, најголем дел остваруваат од 5001 до 10000 денари (43,8%), додека 12,5% остваруваат приход до 5000 ден. Дистрибуцијата на приходите кај домаќинствата каде што маж е глава на домаќинството е загрижувачка, со оглед на тоа што 42,9% од нив имаат приходи под 5000 денари, а 23,8% остваруваат приходи помеѓу 5001 и 10000 денари.

Графикон 13: Висина на приходи според пол на главата на домаќинството




Анализата на податоците кои се однесуваат на домаќинствата каде што главата е неоженет/немажена покажува дека 66,7% од нив оствариле приход помал од 5000 денари, додека по 33,3% од 5001 до 10000 ден. Дистрибуцијата на приходи кај домаќинствата каде главата е вдовец/ца е највисока кај приходите од 5001-10000 денари (52,9%) и 35,3% остваруваат приходи до 10001-14000 денари, додека во привите три интервали во семејствата каде главата на домаќинството е оженет/омажена се забележува просечна дистрибуција од 24,8%.

Во однос на прашањето за консумирање топол оброк со месо, домаќинствата  во кои се готви еднаш неделно се доминантни (39%), потоа следуваат домаќинствата во кои се приготвува топол оброк со месо двапати неделно (25%), кај 12% трипати неделно, а 6% секој ден приготвуваат топол оброк со месо. Значајно е да се забележи високиот процент на домаќинства во кои не се консумира топол оброк со месо ниту еднаш неделно (13%). Во оваа категорија најголем дел се домаќинствата каде главата на домаќинство е невработено лице (92,3%), додека едно домаќинство или 7,7% се работнички домаќинства. Загрижува фактот што во 45,45% во рамките на домаќинствата каде глава е пензионер оброк со месо се готви само еднаш или ниеднаш, додека во рамките на семејствата со глава на домаќинството работник се готви двапати неделно само во 36,36%.

Графикон 14: Консумирање на топол оброк во текот на неделата по занимање на глава на домаќинство




Во рамките на категоријата корисници на парична помош од социјална заштита, топол оброк со месо најмногу се консумира еднаш (44,4%), односно двапати (11,1%),  8,3 % трипати, 5,6% четирипати. Загрижува податокот дека 30,6% од испитаниците во неделата ниеднаш не приготвуваат топол оброк со месо. Во однос на недостиг на парични средства, најголем дел од испитаниците наведуваат дека им недостасуваат пари за задоволување на примарните потреби, како што се режиски трошоци (домување, вода, електрика, гориво), храна и безалкохолни пијалоци (79), 77 за здравје и хигиена, облека и обувки (69), сообраќај (41). Помал број испитаници истакнале дека им недостасуваат пари за рекреација и култура (30), за покуќнина и мебел (27), комуникации (9), а најмалку истакнуваат дека им недостигаат парични средства за купување алкохолни пијалоци и тутун (4).

Графикон 15: Фреквенција на наведени одговори за недостиг на пари




Во рамките на групата корисници на парична помош од социјална заштита, најголем дел од испитаниците истакнале дека им недостигаат средства за комуникации (55,6%), за храна и безалкохолни пијалоци (45,5%), образование 47,6%, режиски трошоци 42,9%, облека и обувки 42,6%, сообраќај 39%, додека за хигиена и здравје 34,8%. Најголем дел од анкетираните домаќинства живеат во живеалишта изградени од тврда градба(90%). Со истражувањето се опфатени и девет домаќинства кои живеат во трошна/монтажна куќа и едно домаќинство во импровизирано живеалиште. Најголем број од семејствата живеат во двособен стан (41%), во трисобен 19%, четворособен 11%, еднособен стан (18%), а само 3% во гарсониера. Анализата на просторните услови за живеење споредени со бројот на членови на домаќинствата покажува дека најголем дел од домаќинствата не се соочуваат со просторни проблеми, освен три петчлени домаќинства кои живеат во еднособен стан.

Графикон 16: Број на членови на домаќинството според големина на стан



Графикон 17: Број на соби кои се загреваат во домаќинството




Во однос на начинот на кој домаќинствата го загреваат домот е евидентиран висок процент на користење печки на тврдо гориво, дрва (92), седум домаќинства со печка на струја и само едно со сопствено парно. За тоа колкав број простории се загреваат, податоците укажуваат на намален квалитет на живеење во зимскиот период. Имено, најголем број од домаќинствата загреваат само една просторија во домот (73%), додека 22% две простории, а три и повеќе простории 5%.

Нешто помалку од половина домаќинства се приклучени на канализациона мрежа (47), 26 се приклучени на септичка, а загрижува фактот дека дури 11 домаќинства немаат канализација. Кај 54 домаќинства, односно кај 4 кои се корисници на парична помош од социјална заштита во домот има веце со бања, веце во двор имаат 27домаќинства, а веце во стан 8 домаќинства. Резултатите покажуваат дека 61 домаќинство е приклучено на водоводна мрежа, односно имаат чешма во стан, додека две домаќинства корисници на парична помош од социјална заштита користат јавна чешма. Енормно висок број домаќинства немаат бојлер (48), од кои девет немаат потреба, а 37 не можат да си дозволат. Дури 19 од домаќинствата кои не можат да си дозволат да купат бојлер се корисници на парична помош од социјална заштита. Дел од анкетираните домаќинства имаат недостиг од основни апарати за домаќинство, како што е електричен шпорет (18), фрижидер (21) и фижидер за длабоко замрзнување (45). Околу две третини од домаќинствата немаат компјутер (64), од кои 32 не можат да си дозволат, а 32 немаат потреба. Патнички автомобил немаат 80 домаќинства, од кои 33 не можат да си дозволат.

Графикон 18: Број на домаќинства кои немаат потреба или не можат да си дозволат апарат за домаќинство




| | електричен шпорет | печка | бојлер | фрижидер | длабоко замрзнување | машина за перење | машина за миење | правошмукалка | клима-уред | телевизор | компјутер | телефон | мобилен | патнички автомобил | трактор |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| нема потреба | 2 | 41 | 9 | 1 | 15 | 8 | 52 | 7 | 24 | 1 | 32 | 7 | 10 | 47 | 82 |
| не може да си дозволи | 16 | 20 | 37 | 20 | 30 | 35 | 39 | 35 | 64 | 7 | 32 | 12 | 9 | 33 | 11 |

## 7.4. Социјални проблеми и социјална заштита

Анализата на податоците во однос на социјалните проблеми покажува дека најзначајни се проблемите поврзани со социјалниот развој, и тоа: невработеноста (91) и сиромаштијата (90). Значајно е да се забележи дека болеста (50) и инвалидноста (29) се значително застапени помеѓу испитаниците од Свети Николе. Од страна на анкетираните домаќинства како значајни проблеми се наведуваат бракоразводите (9), конфликтните семејни односи (8), семејното насилство (4), а се забележуваат и два случаи на асоцијално однесување и по еден случај на малолетничка деликвенција, алкохолизам и коцкање. Испитаниците истакнуваат и социјални проблеми поврзани со природни еколошки процеси: пожар (4) и поплава (3).

Најголем дел од анкетираните домаќинства се корисници на правата на парична помош од социјална заштита, односно 39 домаќинства се/биле приматели на социјална парична помош, 10 на постојана парична помош, 14 се/биле приматели на паричен надоместок за помош и нега од друго лице. Според етничката припадност, 84,6% од корисниците на социјална парична помош се Македонци, а 15,4% Роми. Структурата на корисници според занимање посочува дека најголем дел од нив се невработни (87%), по 5% отпаѓаат на работник и пензионер, а еден од испитаниците по занимање е овчар.

Графикон 19: Корисници на социјална парична помош според занимање на главата на домаќинството




Најголем дел од лицата кои примаат постојана парична помош се концентрирани во домаќинствата со глава невработен член (50%), домаќинство на пензионер 20% и работнички семејства (10%). Дистрибуцијата на одговори според полот на главата на домаќинството е рамномерна со процентуалната застапеност во истражувањето. Па оттука, 80% од корисниците на ова право се домаќинства со глава на домаќинството маж. Според етничка припадност, сите корисници на правото на постојана парична помош се Македонци. Од формите на вонинституционална заштита, 38 домаќинства користеле услуги од ЦСР. Кај 11 домаќинства е евидентирана појавата на кризи во бракот, семејни односи и односи родител-дете. Исто така се појавуваат по три домаќинства кои користат право на домашна нега и помош за самостојно живеење, додека девет домаќинства кои користат право на згрижување во дневен центар. Најголема е застапеноста помеѓу корисниците на правото на згрижување во дневен центар, односно кај 88,9% од домаќинствата каде главата е од македонска етничка група и е од машки пол. Само еден е корисник и на правото на социјална парична помош.

Графикон 20: Број на домаќинства кои користат или некогаш користеле вонинституционална заштита




Графикон 21: Број на лица корисници на парична помош од социјална заштита




Како најзастапена форма на детска заштита се јавува детскиот додаток, односно 13 испитаници истакнале дека користеле детски додаток, а шест домаќинства користеле посебен детски додаток. Правото на еднократна парична помош за новороденче го користеле пет домаќинства, а по едно домаќинство користело партиципација за детска градинка и родителски додаток за дете. Во три домаќинства корисници на детски додаток глава на домаќинството е жена. Приближно една половина се корисници на социјална парична помош (46,2%), а 15,38% се од ромската етничка заедница. Помеѓу корисниците на посебен

детски додаток, едно домаќинство е со жена глава на домаќинството. Анализата покажува дека најголем дел од домаќинствата кои не остваруваат право на парична помош од социјална заштита немале потреба за остварување на ова право (60,5%), 28,9% биле одбиени, а по 5,3% поради неинформираност и нецелосна документација. Слична тенденција се забележува и во однос на користењето на правата од детска заштита. Имено, процентот на испитаници кои немаат потреба за користење на ова право е 52,24%, а одбиени се 16,42% од домаќинствата. Загрижува фактот што релативно висок број домаќинства не го остваруваат ова право поради неинформираност (23,88%). Анализите покажуваат дека 12 домаќинства истакнале дека добиле парична помош или помош во натура од Општината, 8 од НВО, 5 од верски организации, а едно домаќинство ваков вид помош добило од приватни лица.

Графикон 22: Причини зошто домаќинството не остварило некое од правата на детска и социјална заштита



Графикон 23: Причини заради кои домаќинството не користело парична помош




### 7.5. Здравство и исхрана

Во најголем број случаи, односно 87% од испитаниците истакнале дека сите членови од семејството се здравствено осигурени. Загрижува фактот што во 9% од домаќинствата, здравствено се осигурени дел од членовите, додека во 4% од домаќинствата не е осигуран ниту еден член од домаќинството. Анализата на податоците покажува дека 20% од анкетираните ромски домаќинствата се делумно здравствено осигурени, а кај 13,3% од домаќинствата нема ниту еден осигуран член. Во најголем дел од идентификуваните домаќинства кои се делумно здравствено осигурени, главата на домаќинството е невработен член (55,5%), а во сите домаќинства во кои не е осигурен ниеден член од семејството, главата на домаќинството е невработен.

Само едно домаќинство каде жената е глава на домаќинството е делумно здравствено осигурено, во домаќинствата каде маж е глава на домаќинството никој не е осигуран (3,6%), додека 9,5% се делумно здравствено осигурени.

Графикон 24: Начин на користење на здравствени услуги




Од вкупниот број домаќинства, најголем дел т.е. 62% користат јавни здравствени услуги (услуги на јавни здравствени установи и купуваат лекови од позитивната листа) во случај на болест. Значителен број испитаници купуваат лекови кои не се на позитивна листа (33%), 39,4% се пензионери, а дури 22,6% се невработени. Во 2% од домаќинствата, членовите користат алтернативни начини на лекување. Во еден случај се работи за домаќинство корисник на парична помош од социјална заштита во кои главата на домаќинството е невработено лице.

### 7.6. Образование

Од вкупниот број домаќинства опфатени со истражувањето, 51 домаќинство имаат деца кои се на возраст од шест и повеќе години, односно деца кои треба да се вклучени во образовниот процес. Од нив 20 домаќинства имаат едно дете кое посетува основно образование, осум домаќинства имаат две деца кои посетуваат основно образование, три домаќинства кои имаат по три деца во основно образование, 12 домаќинства едно дете во средно образование, а три домаќинства две деца во средно образование. Едно дете на факултет имаат четири домаќинства, а едно домаќинство има две деца вклучени во високото образование. Во ниедно од анкетираните домаќинства не е евидентирано дете кое е на школска возраст, а не е вклучено во редовните образовни процеси.

Графикон 25: Број на деца вклучени во образование




Графикон 26: Домаќинства чии деца се вклучени во образование корисници на парична помош од социјална заштита




Од вкупниот број домаќинства со деца на школска возраст, 24 домаќинства примаат парична помош од социјална заштита. Од нив, 17 домаќинства имаат деца во основно образование, а седум имаат деца во средно образование. Дистрибуцијата на одговорите во однос на етничката припадност покажува дека деца кои се вклучени во основното образование имаат 25,8% и 26,7% имаат во средно образование кај домаќинствата каде главата е испитаник од ромска етничка заедница.

Од вкупниот број домаќинства кои имаат деца во основно образование, 29 домаќинства живеат на оддалеченост од основното училиште помала од 1 км, додека три домаќинства се на оддалеченост

од 1,01-2 км. Анализата на податоците покажува дека сите деца вклучени во основно и средно образование редовно го посетуваат училиштето и наставата. Од вкупниот број домаќинства чии деца посетуваат основно училиште, само едно домаќинство корисник на парична помош од социјална заштита остварило право на бесплатна ужинка. Кај домаќинствата чии деца посетуваат средно училиште се среќаваат четири домаќинства кои користеле право на бесплатен превоз, а од нив две домаќинства се корисници на социјална парична помош. Само едно домаќинство користело стипендија како форма за помош во средно образование. Од сите форми за помош во високото образование, само едно домаќинство зема стипендија, а едно кредит. Ниедно од домаќинствата кои имаат деца на факултет не се корисници на парична помош од социјална заштита.

### 7.7. Спорт, забава и култура

Испитаниците од општина Свети Николе истакнале дека во нивното населено место има спортско игралиште (76), лулашки (73), кафе-бар (74), библиотека (73), ресторан (73), маркети (85), интернет-кафе (73), кино (73) и спортска обложувалница (76). Најголем дел од испитаниците истакнале дека ниеден член од нивното домаќинство не користи интернет (60 домаќинства). Од испитаниците кои користат интернет, 27% имаат домашен компјутер, 12% од домаќинствата користат интернет од интернет-кафе, а едно домаќинство користи интернет на работното место.

## 8. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

### 8.1. Заклучоци

**1.Доминантни дејности**

- земјоделство
- сточарство
- текстилна индустрија
- ловен туризам
- рударство

## 2. Институционални капацитети

*Образование:*

- 3 основни училишта
- 3 подрачни училишта
- 1 средно училиште (гимназија и стручно образование)

*Здравство:*

- 8 ординации
- 9 стоматолошки ординации
- Служба за брза помош
- 4 приватни аптеки

*Социјална заштита:*

- една јавна установа за предучилишно воспитание
- нема старски дом
- народна кујна
- Дневен центар за лица со посебни потреби
- Центар за заштита на жртви од семејно насилство

*Култура/Спорт/Забава:*

- Дом на култура, во која функционира киносала, народна библиотека
- 1 спортска сала
- 10 спортски игралишта
- 2 фудбалски терени
- 3 детски игралишта
- 2 приватни локални радија, 1локална телевизија и 1 локален информатор

*Стопански субјекти:*

- 30 големи стопански субјекти со над 100 вработени
- 546 средни субјекти
- 600 мали

## 3. Социјални проблеми

- најизразени: висока стапка на невработеност на младо и работоспособно население, сиромаштија и социјална исклученост

- 3725 невработени лица
- невработеност на младото население на возраст 20-24 години е 10,47 %
- најголем дел од невработените лица се неквалификувани работници , 1524 лица
- долгорочна невработеност, односно од вкупниот број невработени лица, 30,7% чекаат на вработување над пет години
- стапката на невработеност по старосни интервали покажува релативно еднаква дистрибуција
- во помала мера девијантно однесување и проблеми поврзани со природни катастрофи

*Социјално ранливи групи население:*

- стари лица
- Роми

## 5. Инфраструктурни проблеми

*Патишта:*

- асфалтирани патишта до сите населени места
- квалитетот на асфалтот е во лоша состојба
- неасфалтирани земјени патишта во селата

*Водовод:*

- водоводна мрежа во општината (хидросистем „Злетовица“) и алтернативно водоснабдување составено од 10 бунари
- 5 рурални населени места имаат изградено сопствен водовод, додека во едно има недостиг од вода
- останатите рурални места се снабдуваат со вода од селските јавни чешми или бунари, во кои е забележана појава на фекално и бактериолошко загадување

*Канализација:*

- само во градот канализациската мрежа има намена за собирање на отпадните фекални комунални води
- не постои атмосферска канализација во голем број улици
- несоодветна димензија на канализациската мрежа

**6. Еколошки проблеми**

- проблемот со немање соодветна депонија (постои, но не ги задоволува стандардите)
- постоење на диви депонии
- проблеми со квалитетот на водата за пиење надвор од населените места и во дел од селските населби во одреден календарски период од годината

**7. Меѓуинституционална соработка во општината**

- соработка на општината со сите релевантни актери се оценува како релативно добра
- меѓуопштинска соработка со соседните општини
- добра соработка со Агенцијата за вработување, преку директни контакти со вработените и постојани дописи
- реализира соработка со граѓански здруженија најчесто преку консултации
- соработката со приватниот сектор не е доволно развиена
- соработката со централната власт се одвива преку заеднички проекти, како што е народната кујна, организација на јавните работи и проекти

**8. Социјална заштита**

*Од општина:*

- нема посебно одделение за социјална заштита, туку надлежностите се реализираат од страна на Одделението за локален економски развој
- нема вработен социјален работник
- има подготвено Стратегија за социјален развој која ја опфаќа социјалната заштита со предвидени проекти и активности
- основниот буџет на Општината изнесува 90.205.809,00 денари, од нив за социјални трансфери се издвојуваат 500.000,00 денари

*Од ЦСР:*

- корисници на СПП: 250 домаќинства
- корисници на ППП: 70 семејства
- корисници на ТНП: 370 лица
- корисници на ЕПП: 10 лица

- вонинституционална заштита: 10 корисници на Дневен центар за лица со посебни потреби; во народната кујна се подготвуваат 150 оброци дневно
- институционална заштита: 2 корисника за заштита во рамките на Центарот за згрижување на жртвите од семејно насилство; 4 корисници сместени во Пензионерски дом; во старските домови „Зафир Сајто“ и „Киро Крстевски Платник“ - пет корисници, десет корисници се сместени во Специјалниот завод за лица со тешки пречки во менталниот развој „Демир Капија“, три деца се сместени во ЈУ за згрижување деца со воспитно-социјални проблеми „25 Мај“ Скопје, едно дете во СОС Детско село во Скопје, едно лице во Бања Банско и едно во Демир Капија

## 8.2. Препораки

### 1. Доминантни дејности

- Потенцијалите за развој, главно, се гледаат во развој на оранжериско производство на градинарските култури, лесна и незагадувачка прехранбена индустрија и планско користење на шумските ресурси. Исто така постојат можности за искористување на потенцијалните рудни богатства, но за таа цел е потребно, пред сѐ, да се завршат геолошко-рударските истражувања во котлината.

### 2. Институ-ционални капацитети

*Образование:*

- подобрување на условите за одвивање на наставата во училишните згради
- да се развијат превентивни програми во доменот на неформалното образование за намалување на предвременото напуштање на образованието помеѓу учениците од ромската етничка заедница

*Здравство:*

- подобрување на условите за функционирање на Брзата помош со набавка на специјализирано возило за брза помош
- отворање амбуланти во пооддалечените села

*Социјална заштита:*

- да се збогати мрежата на социјални установи во општината
- да се подобрат техничките можности за функционирање на Меѓуопштинскиот центар за социјална работа
- да се анализираат потребите за отворање центри за дневно згрижување на различни категории корисници
- да се обезбеди грижа во домашни услови за стари лица
- отворање на регионален радиолошки и онколошки центар за да се намалат трошоците за патување и да се растоварат скопските клиники

*Култура/Спорт/Забава:*

- да се промовира развојот на невладиниот сектор
- да се поддржи учеството на младите во спортските клубови

*Стопански субјекти:*

- да се стимулира развојот на поголемите стопански субјекти кои би можеле да апсорбираат поголема работна сила

**3. Социјални проблеми**

- да се промовираат програми за вработување на корисниците на социјална заштита
- да се разгледаат можностите за стимулирање на вработувањето на корисниците на услугите од социјална заштита преку законски мерки за поволни услови и директна поддршка (плаќање придонеси за подолг временски период)
- да се унапредат можностите за вработување на младите, особено високообразованите млади лица за да се намали проблемот на депопулација во општината
- да се подобри насочувањето (таргетирањето) на активните мерки кон долгорочно невработените лица и ефективноста во однос на вработувањето на корисниците за социјална заштита
- да се подобри насочувањето (таргетирањето) на активните мерки кон Ромите, како посебна ранлива група во општината
- да се реализираат превентивни програми за спречување на семејното насилство, како и за користење дрога
- да се зајакне стручната советодавна и советувалишна работа со домаќинствата зафатени со овие категории проблеми

*Социјално ранливи групи население:*

- да се предвидат програми кои ќе ја подобрат положбата на ромската етничка зедница
- да се промовира идејата за отворање дом за стари лица
- да се збогати мрежата на социјални услуги за старите лица: да се анализираат можностите за отворање социјални услуги за помош во домашни услови, дневни центри
- да се разгледа можноста за развивање на формата за згрижувачки семејства
- да се разгледаат можностите за отворање сервиси за помош во домашни услови
- да работи на зголемување на интересот за згрижувачките семејства

## 5. Инфра-структурни проблеми

*Патишта:*

- да се подобри локалната патна инфраструктура (асфалтирање на локалните патишта)

*Водовод:*

- надминување на проблемот со водоснабдување во месноста Амзабегово, како и опфат на руралните населби со водоводен систем со кој ќе се надминат постојните проблеми со водоснабдување во летниот период
- комплетна замена на старите азбестни водоводни цевки во градот, со современа и безбедна водоводна мрежа за здравјето на луѓето

*Канализација:*

- да се воспостави канализација во сите населени места
- доизградба на мрежа за атмосферска канализација

## 6. Еколошки проблеми

- да се изнајде решение за организирано справување со цврстиот отпад за да се реши проблемот со дивите депонии
- да се унапреди квалитетот на водата за пиење надвор од населените места

## 7. Меѓуинституционална соработка во општината

- поддржување на постојната соработката меѓу Општината, МЦСР и Центарот за вработување преку интензивирано и поефикасно имплементирање на јавни работи, активни мерки за вработување корисници на социјална заштита, членство во заеднички тела, едукација за можностите и облиците на нивна соработка во доменот на социјалната заштита, како и практична имплементација на заеднички проекти
- унапредување на соработката со Општината и невладиниот сектор
- унапредување на соработката со приватниот сектор и верските организации преку нивно партнерско вклучување во реализација на програми од областа на социјалната заштита

## 8. Социјална заштита

*Од општина:*

- едукација на вработените во Одделението за локален економски развој
- вработување на социјален работник во Општината
- зголемување на ставката која се издвојува од буџетот за социјална заштита и подетално и посистематско планирање на тие буџетски средства (0,55% од буџетот)
- развивање на мрежата на локални социјални сервиси преку приватно-јавно партнерство
- иницирање на социјалната одговорност кај приватниот сектор

*Од ЦСР:*

- намалување на корисниците на социјална парична помош преку интензивирање на активностите за нивно вработување во соработка со Центарот за вработување
- развивање на мрежата на институционална и вонинституционална заштита во општината

Вкупно население | 95385
Жени | 48416
Мажи | 46969
Писмени | 83045
Неписмени | 2441
Домаќинства | 28942
Станови | 37225
Просечен број на членови во домаќинството | 3.29

Површина | 320км$^2$
Надморска височина | 576 м

# ОПШТИНА
# ТЕТОВО



## 1. ОПШТИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОПШТИНА ТЕТОВО

Во средината на Полог, на падините на Шара, по течението на реката Пена (Артат) се наоѓа општина Тетово со околу 86.580 жители. Тетовскиот регион е распространет на површина од 1.080 км3, во долниот дел на Полошкото Поле со надморска висина 460 - 500 м. Геостратешката позиција на Тетово се карактеризира со тоа што се наоѓа на крстосница на меѓународните транспортни коридори: Коридорот 8 (поминува низ Тетово) и Коридорот 10 (40 км оддалеченост од Тетово). На општината и припаѓа градот Тетово, 19 села и 31 месна заедница. Според местоположбата што ја имаат најголем дел од тетовските села, тие припаѓаат на групата рамничарски села кои најчесто се од збиен тип. Тетово има полуконтинентална клима, со топло и релативно влажно лето и студена зима со снег, пролетта и летото се придружувани со чести врнежи. Природните услови, како што се климата, релјефот и геолошката содржина на земјата овозможиле во тетовската околина да се појават голем број извори на течни води. Затоа Тетово е еден од ретките градови во Македонија кој има вода за пиење, за потребите на индустријата и за наводнувањето.

Според демографската структура, Тетово е мултиетничка средина која според службените податоци брои околу 86.580 жители, со што се вбројува меѓу погусто населените општини во Македонија со 330,60 жители/$km^2$. Структурата на населението според етничката припадност е следна: 60.886 (83%) жители се Албанци, Македонци - 20.053 (12%), Турци - 1.882 (5%), Роми - 2.357, Власи - 15, Срби - 604, Бошњаци – 156 и останати - 627 жители. Бројот на жители во општина Тетово, по Втората светска војна бележи константен пораст. Според верската припадност над 80% припаѓаат на муслиманската вера, а останатите на православната. Во однос на писменоста на граѓаните, на возраст од 10 години и повеќе писмени се 57.932 жители, додека останатите 2.212 се неписмени. Од вкупниот број мажи, 29.557 се писмени, а неписмени се 488. Од женското население писмени се 28.375, додека останатите 1.724 жени се неписмени. Според податоците од пописот во 2002 година, старосната структура на населението од општина Тетово е следнава: на возраст 0 – 14 години припаѓаат 21.799 жители, од 15 до 29 години припаѓаат 22.090 жители, од 30 до 44 год. се 19.601 жител, од 45 до 59 год. се 13.109 жители, од 60 до 74 год. припаѓаат 7.903 жители, од 75 до 85 и повеќе години припаѓаат 1.981 жител и со непозната возраст се 97 жители. Поголем дел од населението во општина Тетово живее во урбани населби, и тоа 52.915 жители, од кои 26.390 мажи и 26. 525 жени, додека руралното население го чинат вкупно 33.665 жители, од кои 17.153 мажи и 16.512 жени. Тетово спаѓа меѓу најстарите градови во Македонија, во кој низ историјата се испреплетувале голем број култури засновани врз традицијата на граѓанските општества кои живеат на овие простори.

Водоснабдувањето во општината е релативно добро, има делови во градот каде има големи рестрикции, но има и такви делови во градот каде постојано има вода. Но, сепак постои потреба од изградба на нов водовод и реновирање на целата канализација. Исто така, потребно е изградба на локална патна мрежа за која се потребни големи финансиски средства со кои Општината не располага.

Градот Тетово располага со навистина големи природни ресурси: вода, плодно земјиште, планински богатства кои треба правилно да се менаџираат. Климатско – почвените, хидрографските и просторните услови одговараат за развој на земјоделството и сточарството, односно преку поволните температури, погодните почви со висока бонитетна вредност и обилното количество воден потенцијал се овозможува одгледување на житни, градинарски, овоштарски, фуражни и некои индустриски култури. Од житните култури најмногу се одгледуваат пченица (1.790 тони), `рж (18 тони), јачмен (93 тони), овес (27 тони) и пченка (4.775 тони). Од градинарските растенија најзастапени и со најголем придонес се компирот (3.601 тон), кромидот (541 тон), лукот (68 тони), зелката и кељот (758 тони), доматите (3.253 тони), пиперот (5.496 тони) и бостанот (709 тони). Од овошните култури најмногу има цреши (49 тони), вишни (89 тони), кајсии (18 тони), јаболка (799 тони), круши (184 тони) и ореви (41 тон). Вкупната површина под ливади е  238 ха, површината под пасишта изнесува 34.670 ха, додека вкупна површина под шуми изнесува 28.757,10 ха. Во однос на сточарството, тие услови одговараат посебно за развој на краварството и високопланинските пасишта, со предуслов за развој на овчарството.

Како резултат на поволните природни можности, во последните децении почнаа да се валоризираат присутните суровински и ресурсни можности од областа на: индустријата за преработка на дрво, градежништвото и градежните материјали, земјоделството, текстилната, прехранбената индустрија и друго.

## 2. ИНСТИТУЦИОНАЛНИ КАПАЦИТЕТИ

**Образование.** Задолжителното образование во општина Тетово се реализира во  12 централни основни училишта, девет подрачни училишта, едно основно државно музичко училиште и шест средни училишта. Според податоците од 2010/2011 година, вкупниот број деца кои посетувале основно училиште во учебната 2010-2011 година бил 10.3960 ученици, организирани во 217 паралелки од кои 169 во кои наставата се следи на албански и 44 на македонски јазик. Вкупниот број ученици запишани во средните училишта во 2011/2012 година е 10234. Во рамките на шесте државни училишта се гимназијата

„Кирил Пејчиновиќ", четири стручни училишта и едно специјално училиште, СМУ „Н. Штејн", СТУ „Моша Пијаде", СТУ „Гоце Стојчевски" и СЕУ „8 Септември". Во нив наставата се организира во 353 паралелки. Покрај државните средни училишта, на подрачјето на општина Тетово се отворени и две приватни средни училишта[12]. Во Тетово функционираат два универзитета: Државниот универзитет во Тетово и Универзитетот на Југоисточна Европа.

**Здравство.** Во општината има задоволителна мрежа на здравствени институции. Во општината има Завод за здравствена заштита, осум здравствени домови, 10 поликлиники, 120 амбуланти, еден медицински центар, 10 општи болници, 15 специјалистички клиники, 47 аптеки од кои пет се во рурални населени места. Во минатото постоеле и женски и детски диспанзери, но истите се трансформирани.

**Социјални установи.** Во однос на мрежата на социјални установи во функција се пет државни детски градинки[13] во кои се згрижени 487 деца. Исто така, во основното училиште во с. Нераште е формирана една група деца кои се на предучилишна возаст. Во градот има еден дом за пензионери и еден Меѓуопштински центар за социјална работа.

**Културни институции.** Во општина Тетово има четири музеи, од кои еден е меморијален музеј, еден историски архив и библиотеката „Кочо Рацин". Порано имало и 2 кина кои денес не се функционални. Тетово го краси и Домот на културата, изграден во 1975 година, во центарот на градот каде порано се наоѓаше Чаршиската џамија, во чиј состав е сместен и Тетовскиот театар. Исто така вредна е да се спомене и библиотеката на Теќето од XVIII – XIX век, во која се вршело копирање на делата од познатите интелектуалци во тоа време. Во општината се лоцирани неколку споменици на културата, како што се Арабати Баба Теќе, Тетовското кале и Шарената џамија

**Спортски објекти.** Во општината има пет приватни фудбалски игралишта. Постојат четири спортски сали, два градски стадиона и вкупно 76 спортски клубови. Во Тетово активно работи и Клубот на алпинисти и планинарскиот клуб „ Љуботен".

**Медиуми.** Во општината активно работат четири телевизиски куќи, четири локални радиостаници, додека печатен медиум не постои.

**Граѓански организации.** Моментално во општина Тетово постојат 190 здруженија на граѓани, меѓу кои се здружението „Мултикултура", Институтот за развој на заедницата (ИРЗ), потоа граѓанската организација „Младинска алијанса" Тетово која се залага

---

12 Wilson Woodrow School во село Брвеница и Јахија Кемал Колеџ во с. Боговиње.

13 Тетекс 1 (90 деца), Тетекс 2 (50) , Стара градинка (92), Поток (113) и Спортски центар (108).

за повисок развој на демократијата и цивилното општество, јакнење на довербата помеѓу различни етнички групи, вклучување на младите во културно – забавни, еколошки, спортски и образовни активности, понатаму здружението Диверзити Медиа Продакшн, АДРР – СОНЦЕ и други.

**Стопански субјекти.** Економијата на територија на општина Тетово доживува брз пораст. Од бројните стопански субјекти, 98% отпаѓаат на малите и средните претпријатија, а само 2% на големите претпријатија. Како најзначаен индустриски капацитет кој вработува приближно 900 лица се издвојува фабриката за хром и електрично топење на феросиликатните смеси „Југохром", лоцирана во близина на селото Јагуновце. Друг позначаен индустриски капацитет е текстилната фабрика „Тетекс", лоцирана во предградието на Тетово. На територијата на општина Тетово постои значителен подем на производни и преработувачки капацитети за млеко и млечни производи, како и за месо и месни производи. Покрај гореспоменатите стопански субјекти, значајно е да се споменат фабриката за леб и пецива „Жито Полог", фабриката за производство на мебел и градежна столарија „Јелак", фабриката за производството на полуфабрикати од алуминиум „Алумина", текстилната фабрика „Единство", тутунскиот комбинат „Југотутун", фабриката за медицинска пластика „Пластика", како и „Автопрогрес". Во градот има бројни продавници, трговски претпријатија, јавни магацини и објекти за длабоко замрзнување и ладење.

## 3. ДОМИНАНТНИ ПРОБЛЕМИ ВО ОПШТИНАТА

**Социјални проблеми.** Најизразени социјални проблеми во општината се невработеноста која достигнува висока стапка, како и сиромаштијата која резултира со голем број корисници на социјална помош. Според податоците добиени од МЦСР Тетово постои зголемен број лица над 26 години кои земаат туѓа нега и деца со пречки во развојот. Проблеми кои бележат пораст во општината се и малолетничката деликвенција и семејното насилство. Најзагрозено е ромското население, финансиски необезбеденото население кое е без пензии или со минимални пензиски примања. За намалување на проблемите на семејствата кои имаат деца со пречки во менталниот развој, МТСП има отворено Дневен центар за деца со умерени и тешки пречки во менталниот развој. Надлежен за справување со проблемот на невработеноста е Центарот за вработување Тетово. Во него се вработени 23 лица (12 со ВСС, четири со виша, шест со ССС и еден со ниско образование).

Според најновите податоци добиени од Центарот за вработување, со состојба на 30.6.2012 година, евидентирани се 21567

невработени лица, од кои 6980 (32,8%) се жени и 14587 (67,2%) се мажи. Структурата на евидентираните невработени лица според степенот на образование е следна: НКВ 12.017/ 4017 жени; ПКВ и НСО 1.374/ 218 жени; КВ III степен 1793/ 286 жени; ВКВ 1; ССС 4827/ 1684 жени; виша 126/ 36 жени: ВСС 1322/ 815 жени, 16 мастер/ 9 жени. Оттука произлегува дека 13391 (62,1%) од невработените лица се неквалификувани и полуквалификувани, 1374 (6,4%) се квалификувани со III степен, 4827 (22,4%) се со завршено средно, 1206 (5,6%) со вишо и 1322 (6,3%) со високо образование. Структурата на евидентираните невработени лица по возраст е следната: 6306 (42,4%) се на возраст до 29 години, 5221 (24,2%) се на возраст 30-39 години, 5051 (23,4%) се на возраст 40-49 години, 3918 (18,2%) се на возраст 50-59 и 1070 (5%) над 60 години. Од овие податоци може да се заклучи дека меѓу невработените најзастапено е младото население, но исто така впечатлив е и високиот процент на невработени кај постарото население на возраст над 50 години (23,1%). Според чекање за прво вработување, структурата е следна: 4096 (19%) од невработените чекаат за вработување до 11 месеци, 6946 (32,2%) од 1 до 3 години, 10525 (48,8%) чекаат на вработување 4 и повеќе години. Алармантен е податокот кој укажува дека помалку од половината од невработените чекаат за вработување 4 и повеќе години е навистина алармантен. Дефицитарни занимања во општината се: шивачи, фармацевти и машински инжинери, а доминантни дејности во кои се сконцентрирани најголемиот број вработени се текстилната и преработувачката индустрија, производството на неметали, трговијата и здравството. Од аспект на невработеноста, во најнеповолна положба се неквалификуваните и полуквалификуваните лица кои тешко се интегрираат на пазарот на трудот што сведочи и високата стапка од 68,5% поради ниските квалификации со кои располагаат, како и малата побарувачка за неквалификувана работна сила.

Во борбата против невработеноста, Центарот за вработување реализира повеќе активни мерки: обезбедува повратни и неповратни средства за отворање мали бизниси (3000-5000 евра повратни и до 3000 евра неповратни средства), субвенционирани вработувања, дополнителни вработувања за кои се искористиле повратни или неповратни средства за дополнително вработување на нов човек во нивните бизниси и за кои се доделуваат 92.000 денари во стока и репроматеријали, практика, обуки за: познат работодавач, дефицитарни вработувања, јазици (почетно и напредно ниво), информатички технологии, претприемништво, како и циклус-обуки за подготовка при вработување и барање работа за млади од 18 до 27 години.

Јавните работи повеќе се применувале во 2009 година кога согласно со Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување од општина Тетово биле ангажирани 380 евидентирани невработени лица на јавни работи за одржување и обновување

на јавната инфраструктура и одржување и заштита на животната средина. Сега е во тек нов оглас за јавни работи. За реализација на активните мерки, ЦВ соработува со повеќе клучни актери. Со МЦСР соработува на полето на остварување контакт со ранливите категории од населението, како што се корисниците на постојана парична помош, инвалидите, лицата жртви на семејно насилство, децата без родители итн. За да се реализираат активните мерки за вработување, постои редовно воспоставена соработка со приватниот сектор. Соработката со Општината од страна на ЦВ е оценета како незадоволителна и истата треба да се унапреди бидејќи се сведува, пред сè, на размена на информации за економско-социјалната состојба во општината.

**Инфраструктурни проблеми.** Во општината има добра сообраќајна поврзаност со соседните градови, а постои и граничен премин преку кој Тетово е поврзан и со Република Косово. Низ неговата територија поминува и железничката пруга Скопје - Кичево. Постои потреба за изградба на локална патна мрежа. Локалните патишта се неуредени, на одредени места нема јавно осветлување, а не постои и определено место за собирање цврст отпад. Меѓутоа, за тоа се потребни големи финансиски средства со кои Општината не располага. Потребна е помош и од Владата за да се потпомогне буџетот на Општината.

Водоснабдувањето во општина Тетово е во надлежност на Јавното комунално претпријатие. Во општината има постојна водоводна мрежа, но се истакнува потребата од изградба на нов водовод со помош на кој ќе се надминат проблемите на дел од граѓаните кои повремено се соочуваат со водоводни рестрикции. За таа цел, Советот на општина Тетово придава приоритетно значење за доизградба на 17 километри долг цевковод за искористување на водите од реката Пена, во месноста Лешница. Овој водовод ќе овозможи користење на 200 литри вода во секунда. Покрај започнатите активности за поставување на цевките, ќе се работи и на изградба на пречистителна станица со која ќе се надмине проблемот со водоснабдувањето. ЈКП „Тетово“ се финансира од приходи од вршење на услугите кои ги дава на корисниците. ЈКП „Тетово“ обезбедува собирање, пречистување и дистрибуција на водата, работи за отстранување на крупниот и ситниот отпад, ги регулира и ги одржува парковите и зелените површини и го одржува градскиот пазар.

Одведувањето на комуналните отпадни води од домаќинствата и другите потрошувачи од општината се врши преку канализациона мрежа која се проценува како релативно добра, но постои потреба за нејзина целосна реконструкција. Постои голема потреба од изградба на пречистителни станици за индустриските капацитети, како и потреба од изградба на санитарна депонија.

**Еколошки проблеми.** Најгорливиот еколошки проблем во општина Тетово произлегува од непостоењето на санитарна депонија за собирање цврст отпад. Имено, во изминатиот период се соочуваше

со проблемот на дивата градска депонија. Како трајно решение за надминување на овој проблем е локацијата „Русино“ што се наоѓа на територијата на општина Гостивар. Истот така, се истакнува и проблемот од одлагање на смет кој е штетен за почвата.

## 4. СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ВО ОПШТИНАТА

**Општинска администрација.** Општина Тетово е една од општините во кои се придава значење на функциите кои треба да ги има во однос на социјалната заштита на населението. Општината има формирано Одделение за социјална, детска и здравствена заштита. Во рамките на ова одделение има вработено социјален работник и повремено се доделува помош за социјално загрозените категории. Таа помош за 2012 година изнесува 4120000 денари што претставува 0,53% од вкупниот годишен буџет на Општината. Заедно со невладините организации има изготвено десетгодишна стратегија што ги третира прашањата во доменот на социјалната заштита. Општината обезбедува бесплатен превоз за 38 ученика од прво до петто одделение и за 29 ученика на возраст од шесто до деветото одделение.

Се смета дека децентрализацијата во социјалната заштита нема да може да се оствари без помош и поддршка од централната власт. Општината има податоци за сите социјални случаи, но таа не е финансиски моќна да го понесе товарот за заштита на ризичните групи граѓани.

**МЦСР.** Реализацијата на правата од социјална заштита на населението од општина Тетово е во надлежност на Меѓуопштинскиот центар за социјална работа Тетово, кој истовремено ги покрива и општините Јегуновце, Теарце, Желино, Боговиње и Брвеница. Најоддалеченото место е селото Бозовце кое се наоѓа 40 километри од МЦСР Тетово и брои околу 2000 жители.

Според податоците за корисниците на социјална заштита во општина Тетово, најголем е бројот на корисници на социјална парична помош - 5954. Има 119 корисници на постојана парична помош и 190 корисници на паричен надоместок за помош и нега од друго лице. Исплатата на еднократната парична помош е во просек од 110 корисници, но бројката варива во зависност од месецот. Од облиците на институционална заштита, 16 возрасни лица и 19 деца се сместени во установи за социјална заштита. Додека права од вонинституционална заштита користат три возрасни лица и две деца без родители кои се сместени во згрижувачки семејства, а едно дете е сместено под старателство кај блиски роднини. Во рамките на градинката „Тетекс 1“ функционира и народна кујна. Според сознанијата од теренот, народната кујна ја користат не само корисници на постојана парична помош туку и корисници на социјална парична помош.

Мрежата на социјални услуги во општината за вонинституционална и институционална заштита не е задоволителна. Во општината има само Дневен центар за деца со попреченост, а во МЦСР се советуваат жртвите од семејно насилство.

Недостасува дом за стари лица, дневни центри, шелтер центри, рекреативни центри и советувалиште за вработување. Инаку МЦСР работи по категоријален и територијален (регионален) принцип. Се прави екипирање во зависност од потребите, а стручниот кадар го сочинуваат 48 вработени, и тоа: 12 социјални работници, четири психолози, два педагози, два социолози, четири правници, четири медицински сестри, два економисти, три систем-оператори, осум администратори, по еден сметководител, ликвидатор, благајник, архивар, референти и хигиеничар. Исто така, Центарот за деца со попреченост има осум вработени лица. МЦСР располага со три стари возила. За вработените се обезбедени компјутери, но тие се стари и долго време непроменети. Центарот е опремен со шест скенери и шест печатачи. Обемната работа ја отежнува работата на стручните кадри и еден вработен има голем број задолженија и предмети, посебно вработените што работат на обезбедување социјална парична помош каде се истакнува недостигот на кадар. МЦСР од Тетово остварува соработка претежно со Црвен крст, и тоа најчесто за размена на податоци. Центарот нема соработка со Општината. Разочарува констатацијата дека соработката со училиштата не се остварува заради непостоење на таква потреба. Соработката со здравствените установи се одвива преку социјален работник кој работи со зависници. Се соработува и со Одделот за гинекологија, во ситуација кога родителите ги напуштаат новороденчињата. Соработката со центрите за вработување е многу добра. Таа подразбира размена на податоци за корисниците на социјална парична помош, како и во однос на ранливите категории граѓани за кои се предвидени активни мерки. МЦСР соработува со УЈП за да има увид во приливот на средствата на трансакциската сметка од корисниците на социјална парична помош. Со приватниот сектор и со верските организации МЦСР не остварува никаква соработка.

## 5. СОРАБОТКА НА ОПШТИНАТА СО ЛОКАЛНИТЕ АКТЕРИ

Општина Тетово се граничи со општините Теарце и Јегуновце на исток, Боговиње на запад, Желино на југоисток, Брвеница на југ и Република Косово на север. Таа е најбројната општина во полошкиот регион. Преку Центарот за развој на полошкиот плански регион остварува средби со сите градоначалници каде се разговара за предлагање и реализација на заеднички проекти. Како проблем за соработка со другите општини се посочуваат разликите во политичките

убедувања, што понекогаш влијае врз степенот на меѓуопштинската соработка. Покрај регионална соработка, Општината остварува и прекугранична соработка за реализација на заедничките проекти.

Соработката со централната власт се оценува како незадоволителна, пред сè, заради различните политички убедувања. Се истакнува дека Општината не добива финансиски средства од централната власт. Соработката со ЗЕЛС се остварува преку организирање заеднички семинари, трибини, но и преку размена на информации за активности кои се спроведуваат. ЗЕЛС до Општината доставува месечен весник.

Соработката со МЦСР од Тетово се сведува на организирање заеднички трибини, средби и размена на информации. Соработката со Центарот за вработување се проценува како многу слаба, иако е посочена една заедничка иницијатива за намалување на невработеноста. Сега е во тек нов проект за изведување јавни работи. Соработката со граѓанскиот сектор се проценува како одлична. Иако Општината секогаш ги поддржува настаните кои се организираат од страна на граѓанскиот сектор, таа не е во можност да им овозможи значајна финансиска поддршка. Исто така, соработката со приватниот сектор и со верските организации се оценува како мошне добра. Општината има добри контакти со граѓаните. Соработката со граѓаните се остварува преку месните заедници кои партиципираат во канцеларијата за координација, во која општината има вработено лице кое обезбедува партиципација на граѓаните при разгледување на идеи, планови и проекти.

## 6. РЕЗУЛТАТИ ОД ФОКУС-ГРУПИТЕ

Во општина Тетово, во фокус-групите беа вклучени 21 испитаник. Од нив, 10 од фокус-групата на млади невработени лица, шест лица од фокус-групата на Роми и пет претставници од ЛГБТ групата.

Испитаниците во сите фокус-групи посочија дека најголем проблем со кој се соочуваат луѓето во општина Тетово е невработеноста, особено на младите високообразовани лица. Според испитаниците, посебно поразителен е податокот на несоодветно вработување на младите на работни позиции кои доведуваат до губење на инвестицијата во човековиот капитал. Исто така, испитаниците од ЛГБТ фокус-групата го нагласија проблемот за постоење на ниска еколошка свест и несовесно трошење вода во општината.

Излезот од незавидната положба во однос на положбата на невработените млади се гледа во зголемување на можностите за вработувања. Голем дел од младите заминуваат преку различни

програми за работа во странство. Младите прифаќаат каква било работа бидејќи дел од семејствата не се во можност финансиски да ги издржуваат. Тоа се најчесто семејства каде родителите не се вработени, а не можат да најдат работа зашто се во поодминати годни и не можат да остварат право за пензија.

*„Дипломирани правници, работат по кладилници, бутици и супермаркети...“ „Квалификуван кадар имаме, постојат два универзитети од каде излегуваат голем број студенти, но поради огромниот непотизам, вработувањето се одвива преку роднински и партиски врски.“*

*„Како млади не можеме да придонесеме, цел живот трошиме, а не можеме да придонесеме.“*

- Млади невработени лица

Испитаниците се невработени млади лица кои сметаат дека за унапредување на положбата на младите најважно е вработувањето да се реализира врз основа на постигнати резултати и знаења, а не врз основа на познанства.

Испитаниците од ЛГБТ групата посочуваат дека за нивната група посебен проблем претставува дискриминацијата која ја доживуваат во сите сфери од општественото живеење. Посебно се истакнува дискриминацијата што ја доживуваат од полицијата. За разлика од третманот кој го доживеале од страна на полицијата, наишле на позитивен третман и поддршка од страна на здравствените работници.

*„Ние сме најдискриминирана група. Ако во минатото беа Ромите, денес најзагрозена група се ЛГБТ. Не можете јавно да се декларирате, а ако го сторите тоа, ќе имате проблем, а ќе немате основ по кој може да се пожалите.“*

-Претставник од ЛГБТ

Соработката на Општината со невладините организации не е на високо ниво. Во минатото Општината обезбедуваше простор и средства, но сега, за жал, сите не успеваат да дојдат до овие средства. Иако овие средства не ги задоволуваат потребите за одржување на невладиниот секотор, тие придонесуваат за добивање неопходни донации од странски донатори.

*„Советот на општината не работи како што треба, не го информираат населението за нивните кампање, не се блиски со населението и не ги знаат нивните проблеми.*

- Претставник од ЛГБТ

*„Денес и донаторите Ве условуваат да имате поддршка од локалната самоуправа, а таа поддршка секогаш не ја добиваме.“*

*„Секоја општина има можности за развој, но тоа многу зависи од нејзиното раководство.“*

- Млади невработени лица

Според младите, Општината има најголеми ингеренции за унапредување на нивната положба, која според нив треба да се дефокусира од инфраструктурни проекти кон развојни кои би го зголемиле степенот на вработеност.

# 7. РЕЗУЛТАТИ ОД АНКЕТНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ НА ДОМАЌИНСТВАТА ВО ОПШТИНА ТЕТОВО

## 7.1. Општи податоци за анкетираните домаќинства

Со емпириското истражување беа опфатени вкупно 100 домаќинства од општина Тетово. Од нив, 46% се корисници на социјална помош, а 54% не се корисници.

Според етничката структура, 49% од домаќинствата припаѓаат на албанската етничка заедница, 37% на македонската етничка заедница, 7% на ромската и 4% на српската, односно 2% на турската етничка заедница. Од вкупниот број домаќинства, во 74% главата на домаќинството е маж, а во 26% жена (од овие 26 домаќинства во кои жената се јавува како глава на домаќинството, 22 се неземјоделски). Мнозинството од нив припаѓаат на возрасната група од 50 до 59 години (30%), на возрасната група 40-49 припаѓаат 23%, а за забележување е повисокиот процент од возрасната група над 60 години (28%) и нискиот коефициент на помладата популација во групата 20-29 години со процентуална застапеност од само 4%.

Графикон 1: Возраст на главата на домаќинствот




Во однос на брачната состојба, кај 71% од домаќинствата, главата на домаќинството е оженет/омажена, а во 16% вдовец/вдовица. Мнозинството од нив се писмени (98%). Според формалниот степен на образование, 2% се со недовршено основно, 29% со основно, 50% со средно и 17% со вишо или високо образование.

Од вкупниот број домаќинства, 30% се со четири члена, 21% со 5 члена, а 16% се со три члена. Евидентирано е и едно домаќинство кое брои дури 20 членови. Во структурата по занимање, најголем број припаѓа на работници и пензионери: 19% пензионери, 13% работници, 9% службеници, 5% приватни претприемачи и останатиот мал процент е поделен помеѓу домаќин/домаќинка, стручњаци и слободни професии. Загрижува фактот што 52% од анкетираните глави на домаќинството се со статус невработен. Од мнозинството домаќинства, дури 77 се неземјоделски. Како мешовити домаќинства кои се занимаваат и со земјоделство и со друга дејност се изјасниле две домаќинства, едно земјоделско домаќинство, а 20 не се произнеле по ова прашање. Структурата на неземјоделските домаќинства од аспект на образовниот статус на главата на домаќинството покажува дека од вкупниот број неземјоделски домаќинства (77), најголем дел се со средно образование (49,1%), 33,8% се со основно, 3,9% со вишо и 11,7% со високо образование.

## 7.2. Вработување

Загрижувачка е структурата на домаќинствата по однос на вработувањето. Од вкупниот број домаќинства, во мнозинството нема ниту еден вработен (44). Во 19% од домаќинствата има само по еден вработен, 22 домаќинства по двајца вработени, во пет по тројца вработени, додека само во едно домаќинство се вработени четири членови.

Графикон 2: Структура на домаќинствата според број на вработени членов



Анализата во однос на вработувањето по пол укажува на неповолната ситуација каде глава на домаќинството е жена, при што во 52,4% од овие семејства нема ниеден вработен. Идентификувани се 37 домаќинства каде маж е глава на домаќинството, при што во 45,9% најчесто имаат по две вработени лица.

Во мнозинството домаќинства има барем по еден невработен (53%): во 24% од домаќинствата има по еден невработен, во 29% по двајца, а во 18% има над три невработени членови. Од аспект на неактивното население во домаќинствата, во 8,51% од нив има домаќини/домаќинки, во 30,85% пензионери, во 55,51% деца/ученици/студенти и само во 2,12% работно неспособни лица.

### 7.3. Животен стандард

Високата невработеност помеѓу анкетираните домаќинства значително влијание врз нивниот животен стандард. Тоа се потврдува со податоците според кои повеќе од половина домаќинства, односно 58% не примиле приходи од редовен работен однос во изминатите 12 месеци. Од 46 корисници на социјална помош, 87,8% не примиле никакви приходи од редовен работен однос. Меѓу некорисниците на социјална помош (54) ситуацијата е нешто поповолна, 34% не примиле никакви приходи, а 66% оствариле приход од редовен работен однос во изминатите 12 месеци.

Приходи од дополнителна работа оствариле 71 домаќинство, при што најголем дел од приходите оствариле од пензии (35,21%), роднини (26,76%) и странство (19,71%), додека помал број домаќинства посочуваат дека имаат приходи од позајмици (14,08%). Истовремено, 42% од домаќинствата се со остварени приходи од социјална заштита (од нив 78,6% се домаќинства со маж како глава на домаќинството, а во 21,4% главата на домаќинството е жена).

Најсоодветен показател за нискиот животен стандард во домаќинствата е износот на месечните приходи. Најголемиот дел од домаќинствата живеат со месечен приход до 5000 денари (33%), а значителен е и бројот на домаќинства со приходи од 5000 до 15000 денари (20%). Од домаќинствата со приходи до 5000 денари (33), мнозинството, односно 93,9% се корисници на социјална помош, а само 6,1% не се корисници. Од вкупниот број домаќинства корисници на социјална помош (46), кај 84,8% месечните примања се движат до 10000 денари. Учеството на домаќинствата кои не се корисници на социјална помош е повисоко во однос на корисниците кај месечните примања над 23000 денари (од 24 домаќинства со примања над 23000 денари, 23 не се корисници на социјална помош). Од вкупниот број домаќинства со жена како глава на домаќинството (26=100%), кај

26,9% од нив месечните приходи се движат од 5001 до 15000 денари, кај 30,8% до 5000 денари, а кај останатите 34,6% над 15000 денари.

Од оние домаќинства кои остваруваат приходи до 5000 денари (33=100%), во поголемиот дел, односно 48,5%, главата на домаќинството е со средно образование; оние домаќинства со приходи 5001-10000 денари (10=100%), дури 80% од главите на домаќинствата се со средно образование и не се забележани испитаници со пониско ниво на образование.

Станбената состојба не е загрижувачка. Се работи за цврсти градби, а скоро половината од домаќинствата живеат во двособен стан (40%) - Графикон 3. Анализата на домаќинствата кои живеат во двособни станови посочува дека во 75% главата на домаќинството е во брак, 17,5% од овие домаќинства имаат до 3 члена, 37,5% имаат 4 члена, а 25% имаат повеќе од 5 члена. Ниту едно домаќинство кое живее во четворособен или поголем стан не е корисник на социјална помош што укажува на поповолен животен стандард меѓу некорисниците.

Графикон 3: Домаќинства според број на соби во станот




Мнозинството домаќинства живеат во станбена површина до 60 $м^2$ (60%), во станбена површина 61-80 $м^2$ живеат 17%, над 80 $м^2$ исто така 22% и едно од домаќинствата не се изјаснило во однос на станбената површина. Од домаќинствата во кои главата на домаќинството е во брак (71), мнозинството живеат во поголеми станови со површина над 60 $м^2$ (39,5%), а во станови со површина до 60 $м^2$ (59,4%).

Состојбата во однос на поседување санитарен чвор во станот укажува дека 93% од домаќинствата имаат веце со бања во станот. Од вкупниот број домаќинства, кај 90% има канализација, а 8% користат

септичка јама. Во однос на водоснабдувањето, скоро сите домаќинства имаат чешма во станот (98%). Најчест облик на греење е со печка на цврсти горива (дрва, ќумур) застапено кај 52% од домаќинствата, греење со парно постои кај 8% и 40% се греат со печка на струја. Во врска со загревањето во зимските месеци сепак загрижува податокот дека повеќе од половина од домаќинствата, т.е. 60% загреваат само 1 соба каде во текот на тие месеци најверојатно престојуваат сите членови на домаќинството, 34% загреваат 2 соби, а 13% од домаќинствата загреваат 3 или повеќе соби. Утврдено е дека од домаќинствата кои загреваат само една просторија, 70,2% од домаќинствата се корисници на социјална парична помош, додека само 20% од корисниците на социјална парична помош загреваат три простории (Графикон 4).

Графикон 4: Домаќинства (корисници/некорисници на социјална заштита) според бројот на собите кои ги загреваат во зимските периоди




Од аспект на облеката најмногу недостасува топла зимска облека (јакни, џемпери) што како недостиг ја истакнале 31% од домаќинствата, потоа обувки (9%), летна облека (7%), а изненадува податокот што 48% од домаќинствата истакнале дека не им недостасува облека (66,6% од домаќинствата на кои не им недостасува облека не се корисници на социјална помош).

Состојбата со поседување апарати во домаќинствата е прикажана на графиконот долу. Од него се гледа дека најголемиот дел од домаќинствата ги поседуваат основните апарати за домаќинство: фрижидер (97%), телевизор (100%), електричен шпорет (93%), бојлер (92%) и правосмукалка (93%). Помалку од 20% од домаќинствата поседуваат: машина за миење садови (18%), мотор (9%) и ниедно домаќинство не поседува земјоделски машини.

Графикон 5: Апарат кој домаќинството го нема или неможе да си го дозволи




Значајно е да се нагласи дека од вкупниот број случаи за искажување неможност домаќинството да се снабди со некои од наведените апарати за домаќинство (545 случаи не можат да си дозволат купување на одреден апарат), мнозинството се корисници на социјална помош или 77,06%.

### 7.4. Социјални проблеми и социјална заштита

Со емпириското истражување се констатира дека доминантни социјални проблеми во општина Тетово се невработеноста и сиромаштијата, а потоа и проблеми поврзани со болести во семејството и семејната дисфункционалност. Од вкупниот број домаќинства, 91% истакнале дека се соочиле или се соочуваат со проблемот на невработеност, 73% со проблемот на сиромаштија, а 44% со болести во семејството. Кај 38% се забележуваат проблеми поврзани со семејната дисфункционалност, а кај 14% проблемот на инвалидност на член од домаќинството. Проблемите поврзани со општествените девијации не се екстензивно застапени, а единствено може да се издвои алкохолизамот кој е присутен кај 9% од испитаниците. Се забележува извесно присуство на проблемите поврзани со природни непогоди, пожари и поплави. За поврзаноста на невработеноста со нискиот степен на образование говорат и податоците истакнати со 100% од оние домаќинства во кои главата на домаќинството е без образование или со незавршено и завршено основно образование, а таа е значително присутна и помеѓу испитаниците со завршено средно образование (47,7%). Слична е состојбата и со проблемот на сиромаштија што го истакнале 100% од оние домаќинства во кои главата е без или со

нецелосно образование, 89,7% со завршено основно и 74% од оние домаќинства во кои главата на домаќинството е со средно образование.

Наспроти постоечките социјални проблеми во домаќинствата, користењето на мерките за социјална заштита е на многу ниско ниво (со исклучок на паричните бенефиции). Од вкупниот број домаќинства, 45% користеле или користат социјална парична помош и 13% користеле постојана парична помош. Од мерките на детска заштита, 29% од семејствата користеле или користат детски додаток, само 8% еднократна парична помош за новороденче и 3% посебен детски додаток кој се доделува за грижа на инвалидно дете.

Од анализата на образовната структура на домаќинствата корисници и некорисници на социјална парична помош може да се забележи дека меѓу корисниците на социјална парична помош во најголем дел главата на домаќинството е со средно образование (54,3%), додека меѓу некорисниците на социјална парична помош речиси по една третина се со основно и средно стручно образование, потоа 20,4% се со високо образование, 9,3% со гимназиско образование, 7,4% со вишо образование, а само 1,9% имаат завршено втор степен на универзитетско образование. Споредбата на податоците во однос на домаќинствата корисници на парична помош од социјална заштита по етничка припадност посочуваат дека 48,9% се Албанци, 33,3% Македонци, 6,7% Роми, по 4,4% се Срби и Турци, а 2,2% се од категоријата друго.

Графикон 6: Домаќинства не/корисници на социјлна заштита според образование



Графикон 7: Корисници на парична помош од социјална заштита




Меѓу причините за некористење на мерките на социјална и детска заштита доминираат одбивањето, неисполнувањето услови и неинформираноста. Во однос на причините зошто домаќинството не користело или не користи парична помош од социјална заштита, најголемиот дел од нив истакнуваат дека немаат потреба од неа (41%), 5% истакнале дека биле одбиени и 4% поради неинформираност.
Доминантни причини за некористење на детската заштита, освен немањето потреба од неа истакнато од страна на 40% од домаќинствата, е одбивањето со 12% и неинформираноста со 18%.

Во однос на институционалната и вонинституционалната заштита, 47% од семејствата истакнале дека немаат потреба од овие облици на заштита, 30% дека не ги користат овие мерки поради неинформираност и 10% бидејќи биле одбиени.

### 7.5. Здравство и исхрана

Задоволителна е состојбата со здравственото осигурување во домаќинствата. Мнозинството се домаќинства во кои сите членови се здравствено осигурани (98%). Кај 2% од домаќинствата постои ситуација на делумно здравствено осигурување, односно непокриеност со здравствено осигурување на сите членови. Состојбата со здравственото осигурување не се разликува многу кај домаќинствата кои се корисници од оние кои не се корисници на социјална помош. Имено, 96,3% од домаќинствата некорисници се целосно осигурани, а останатите 3,7% се делумно осигурени. Додека корисниците на социјална помош се целосно покриени со здравствено осигурување.

Позитивно е дека нема домаќинства во кои не е здравствено осигуран ниеден член од домаќинството. (Графикон 8)

Графикон 8: Не/Корисници на социјална помош според здравстеното осигурување на членовите




Поголемиот дел од домаќинствата се лечат во јавното здравство, односно одат на лекар и земаат лекови на рецепт - 78%, само 1% се лекуваат приватно, 14% посетуваат јавен лекар, но купуваат лекови приватно, 6% не одат на лекар и користат алтернативни начини на лекување, а 1% одбиле да одговорат на ова прашање. Овие податоци укажуваат на нискиот животен стандард поради што домаќинствата не можат да си ги дозволат трошоците за приватно лекување.

Редовна и квалитетна исхрана богата со месо не е карактеристика на домаќинствата. Нешто помалку од една третина, односно 29% од испитаниците истакнале дека ниеднаш во неделата не подготвуваат топол оброк со месо, 54,3% од нив се корисници на социјална помош, а 57,1% се од ромската етничка група. Значителен е и процентот на домаќинства кои готват топол оброк со месо само еднаш неделно (20%), а 26,1% од нив се корисници на социјална помош. (Графикон 9)

Графикон 9: Колку пати во неделата се готви топол оброк со месо




Кај 76 од анкетираните домаќинства е истакнато дека најчесто им недостасуваат пари за режиски трошоци (вода, електрична енергија итн.), потоа за храна и безалкохолни пијалоци (69), покуќнина и мебел (50), облека и обувки (42), сообраќај (42), рекреација и култура (28). Помал број испитаници наведуваат дека им недостасуваат пари за образование (14). Анализата на потребите во домаќинството за чие задоволување недостасуваат средства од аспект на корисници и некорисници на социјална помош заслужува посебно внимание. За 15 од наведените потреби (храна, облека, домување, покуќнина, хигиена, здравје, рекреација и култура), процентуалното учество на домаќинствата кои истакнале дека имаат недостиг на средства, а припаѓаат на групата корисници на социјална помош е значително поголемо од домаќинствата некорисници. Некорисниците на СП истакнале поголем недостиг на средства за останатите 4 потреби: алкохолни пијалоци и тутун, сообраќај и транспорт, комуникации и образование. Ваквата распределба укажува на тоа дека кај домаќинствата корисници се јавува поголем недостиг на средства за задоволување, пред сè, на примарните потреби, додека кај домаќинствата некорисници за задоволување на секундарните потреби, под претпоставка дека примарните потреби од кои зависи биолошката егзистенција се задоволени во поголема мерка.

Графикон 10: Фреквенција на наведени одговори за недостиг на храна




### 7.6. Образование

Кај 41% од домаќинствата има деца на школска возраст (6 и повеќе години). Во 27% од домаќинствата има деца кои посетуваат основно образование, во 23% има деца во средно образование, а во 21% има деца кои посетуваат високо образование. Се забележуваат податоци за деца кои не биле вклучени во процесот (10%), а се на возраст да посетуваат училиште. Не се забележува проблем во однос на редовноста на децата на училиште.

Што се однесува до помошта што домаќинствата ја добиваат во однос на образованието на децата, таа е на ниско ниво. Од 27 домаќинства со деца во основно и средно образование, ниедно не користи помош за образованието на децата. Во оние домаќинства каде има студенти, се користат следните форми на помош: стипендии (4 домаќинства), кредити (1 домаќинство) или упис во квоти (2 домаќинства).

### 7.7. Спорт, забава и култура

Според исказите на анкетираните домаќинства, многу мал процент имаат пристап до културните институции, како што се кино (6) и театар (22), меѓутоа пристапноста до библиотека е на многу задоволително ниво (92). Што се однесува до спортот и рекреацијата, 86 посочиле дека имаат пристап до спортски игралишта, 48 до лулашки итн. Треба да се забележи високата пристапност до рестораните (92),

интернет-кафињата (91), кафе-баровите (91) и обложувалниците (96). Симптоматична е високата пристапност до обложувалниците што може да посочува дека голем процент од семејствата вложуваат дел од своите мали примања во игрите на среќа. (Графикон 11)

Графикон 11: Пристап до спортски/кулутрни/забавни објекти




Мнозинството, односно 52% од домаќинствата користат интернет од својот домашен компјутер, 43% воопшто не користат интернет, а 4% користат од интернет-кафе. Анализата од користењето интернет според формалното образование на главата на домаќинството покажува дека во домаќинствата каде главата на домаќинството е со повисок степен на образование, интернетот се користи почесто. Од 56 домаќинства кои користат интернет, во 42 главата на домаќинството има оформено средно или повисоко образование. Од домаќинствата во кои главата на домаќинството е со нецелосно основно образование, 50% воопшто не користат интернет, а од домаќинствата со глава на домаќинство со основно образование, 51,7% воопшто не користат интернет. Во однос на поврзаноста помеѓу етничката припадност и користењето интернет се забележува релативно рамномерна распределба на користењето интернет од домашен компјутер кај албанската (55,1%) и македонската (51,4%). Интересно е да се забележи дека 28,6% од ромската заедница за пристап до интернет користат интернет-кафе. (Табела 1)

Табела 1. Користење интернет според степенот на формално образование

| | | Користење интернет од страна на најмалку еден член во семејството | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Да, најчесто од домашниот компјутер | Да, најчесто од интернет-кафе | Не користам интернет | Друго | |
| Македонци | Апсолутна бројка | 19 | 1 | 17 | 0 | 37 |
| | Процент во рамки на етничката заедница | 51,4% | 2,7% | 45,9% | 0% | 100% |
| Албанци | Апсолутна бројка | 27 | 0 | 22 | 0 | 49 |
| | Процент во рамки на етничката заедница | 55,1% | 0% | 44,9% | 0% | 100% |
| Роми | Апсолутна бројка | 3 | 2 | 2 | 0 | 7 |
| | Процент во рамки на етничката заедница | 42,9% | 28,6% | 28,6% | 0% | 100% |
| Турци | Апсолутна бројка | 0 | 1 | 1 | 0 | 2 |
| | Процент во рамки на етничката заедница | 0% | 50% | 50% | 0% | 100% |
| Срби | Апсолутна бројка | 3 | 0 | 1 | 0 | 4 |
| | Процент во рамки на етничката заедница | 75% | 0% | 25% | 0% | 100% |

## 8. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

### 8.1. Заклучоци

**1. Доминантни дејности**

- метална индустрија (топење хромова руда)
- преработувачка индустрија (млеко и млечни производи, месо и месни производи)
- текстилна индустрија
- дрвна индустрија и индустрија за изработка на мебел
- земјоделство ( житни, градинарски и овоштарски култури)
- сточарство

**2. Институционални капацитети**

*Образование:*

- 12 ЦОУ
- 9 подрачни училишта
- 6 државни средни училишта
- 2 приватни средни училишта
- 1 основно државно музичко училиште
- 2 универзитети

*Здравство:*

- 120 амбуланти за примарна здравствена заштита
- 2 стоматолошки ординации
- 15 специјалистички клиники
- 1 Завод за здравствена заштита
- 8 здравствени домови
- 10 поликлиники
- 1 медицински центар
- 10 општи болници
- 47 аптеки

*Социјала:*

- 1 народна кујна
- 1 дом за пензионери
- Меѓуопштински центар за социјална работа
- 5 државни детски градинки

*Култура/Спорт/Забава:*

- 5 приватни спортски фудбалски игралишта
- 4 спортски сали
- 2 градски стадиони
- 76 спортски клубови
- 190 здруженија на граѓани
- 4 музеи
- 1 Историски архив
- 2 библиотеки
- Дом на културата
- 1 театар
- нема кино
- 4 телевизиски куќи
- 4 локални радиостаници
- нема печатени медиуми

*Стопански субјекти:*

- 98% отпаѓаат на мали и средни претпријатија
- 2% на големи претпријатија
- активни: „Југохром“ (хром и електрично топење), „Тетекс“ (текстил), „Жито Полог“ (леб и пецива), „Јелак“ (мебел и градежна столарија), „Алумина“ (полуфабрикати од алуминиум), „Единство“ (текстил), „Југотутун“ (тутунски комбинат), „Пластика“ (медицинска пластика)

**3. Социјални проблеми**

- најизразени: невработеност и сиромаштија (невработени се 21.567 лица; (од нив, 48,8% чекаат за вработување 4 и повеќе години)
- 13.391 лице од невработените се неквалификувани и полуквалификувани
- секоја година согласно со оперативните планови на МТСП се реализираат активни мерки (субвенционирано вработување, мали бизниси, дополнително вработување, обуки за познат работодавач, дефицитарни вработувања, јазици, информатички технологии, претприемништво, како и циклус-обуки за подготовка при вработување )
- јавните работи повеќе се применувале во 2009 година кога согласно со Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување од општина Тетово биле ангажирани 380 евидентирани невработени лица на јавни работи за одржување и обновување на јавната инфраструктура и одржување и заштита на животната средина, а сега е во тек нов оглас за јавни работи

- дефицитарни занимања се: шивачи, фармацевти и машински инженери

*Социјално ранливи групи население*

- инвалиди
- лица-жртви на семејно насилство
- корисници на постојана парична помош
- деца без родители

**5. Инфра-структурни проблеми**

*Патишта*

- добра регионална поврзаност
- постои железничка пруга Скопје - Кичево
- потреба од израдба на локална патна мрежа

*Водовод*

- има постојана водоводна мрежа
- водата редовно се контролира

*Канализација*

- има релативно добра канализациона мрежа

**6. Еколошки проблеми**

- непостоење на санитарна депонија за собирање цврст отпад
- постоење на  дива  градска депонија
- проблем на одлагање на смет кој е штетен за почвата

**7. Меѓуинсти-туционална соработка во општината**

- незадоволителна соработка меѓу Општината и централната власт, пред сè, заради различни политички убедувања
- слаба соработка меѓу Општината, ЦСР и Центарот за вработување
- одлична соработка со граѓанскиот сектор
- мошне добра е соработката со приватниот сектор и верските организации

## 8. Социјална заштита

*Од општина:*

- отворено е Одделение за социјална, детска и здравствена заштита
- има вработен социјален работник
- Општината обезбедува превоз за 38 ученици од прво до петто одделение и за 29 ученици на возраст од шесто до деветo одделение
- од буџетот се издвојува 0,53% (4.120.000 денари) за помош за социјално загрозените категории

*Од ЦСР:*

- корисници на СПП: 5.954
- корисници на ППП: 74
- корисници на паричен надоместок за помош и нега од друго лице: 2.100
- вонинституционална заштита:
  - 3 возрасни лица и 2 деца без родители кои се сместени во згрижувачки семејства
  - 1 дете ставено под старателство на блиски роднини
- институционална заштита:
  - лица упатени, 16 возрасни лица и 19 деца

### 8.2. Препораки

## 1. Доминантни дејности

- Потенцијалите за развој на општината треба да се бараат во искористување на присутните суровински и ресурсни можности во областа на индустријата за преработка на дрво, градежништвото, земјоделството и прехранбената индустрија. Исто така, развојот на општината треба да се темели на растечкиот потенцијал на млади високо образовани кадри.

## 2. Институционални капацитети

*Образование:*

- да се зголемат просторните капацитети на училиштата за да се намали бројот на ученици во паралелките, а со тоа да се зголеми и квалитетот на наставата

- да се унапреди степенот на опфатеност на децата од ромската етничка група на сите нивоа на обраование

*Здравство:*

- задоволување на кадровските потреби на јавните здравствени установи
- навремено обезбедување на репроматеријали за сервисирање и одржување на медицинска опрема
- навремени набавки на неопходните лекови

*Социјална заштита:*

- да се збогати мрежата на социјални установи во општината
- да се анализираат потребите и да се отворат детски градинки (дневни центри) во населените места со поголем број деца

*Култура/Спорт/Забава:*

- да се стави во функција најмалку една киносала
- да се изградат спортски игралишта и за други спортови, а не само за фудбал
- да се промовира развојот на невладиниот сектор и да се воспостават нови здруженија на граѓани
- да се промовира развој на печатен медиум

*Стопански субјекти:*

- да се стимулира развојот на поголемите стопански субјекти кои би можеле да апсорбираат поголема работна сила

**3. Социјални проблеми**

- да се промовираат програми за вработување на корисниците на социјална заштита
- да се подобри насочувањето (таргетирањето) на активните мерки кон долгорочно невработените и ефективноста во однос на вработувањето на корисниците за социјална заштита
- да се насочат мерките за обука, преквалификација и доквалификација кон дефицитарните занимања во општината (за оние со ниски квалификации кон текстилната индустрија)
- да се реализираат превентивни програми за спречување на

појавата на малолетничката деликвенција, семејното насилство, како и малолетничките бракови

- да се зајакне стручната советодавна и советувалишна работа со домаќинствата зафатени со овие категории проблеми
- да се отвори шелтер центар за семејно насилство во општината

*Социјално ранливи групи население*

- да се зголеми бројот на дневните центри за инвалидни лица (деца и возрасни)
- да се разгледаат можностите за отворање сервиси за помош во домашни услови

## 5. Инфра-структурни проблеми

*Патишта*

- да се креираат нови собраќајни решенија за градот Тетово со цел растоварување на сообраќајниот метеж во градот
- да се унапреди бројот на паркинг-места во градот
- осветлување на локалните патишта
- да се подобри локалната патна инфраструктура (асфалтирање на локалните патишта)

*Водовод*

- да се финализира изградбата на водоводот со кој ќе се искористи водниот потенцијал на реката Пена, како и доизградба на прочистителната станица со што ќе се надминат проблемите со водоснабдувањето во општината

*Канализација*

- да се реконструира постојната канализациска мрежа
- да се изградат пречистителни станици за индустриските капацитети, како и потреба за изградба на санитарна депонија

## 6. Еколошки проблеми

- итна изградба на депонија која ќе ги задоволува сите еколошки стандарди за собирање цврст отпад
- намалување на бројот на дивите депонии кои доведуваат до загадување на почвата

### 7. Меѓуинституционална соработка во општината

- унапредување на соработката на Општината со централната власт
- унапредување на соработката меѓу Општината, МЦСР и Центарот за вработување преку интензивирано и поефикасно имплементирање на јавни работи, активни мерки за вработување корисници на социјална заштита, членство во заеднички тела, едукација за можностите и облиците за нивна соработка во доменот на социјална заштита, како и практична имплементација на заеднички проекти

### 8. Социјална заштита

*Од општина:*

- зајакнување на Одделението за социјална, детска и здравствена заштита
- континуирана едукација на вработените во Одделението за социјална, детска и здравствена заштита и развивање на формите за социјално-заштитните функции на општината
- проширување на облиците на социјална заштита кои ги реализира Општината (претежно финансиска помош) со нови облици на социјални услуги
- зголемување на процентот кој од буџетот се издвојува за социјална заштита и подетаљно и посистематско планирање на тие буџетски средства (0,53% постојни издвојувања од буџетот)

*Од ЦСР:*

- намалување на корисниците на социјална парична помош преку интензивирање на активностите за нивно вработување во соработка со Центарот за вработување
- развивање на мрежата на институционална и вонинституционална заштита во општината. Трансформација на расположливите објекти со кои располага општината за отворање на мали групни домови за лица со посебни потреби, шелтер центар за заштита на жртви од семејно насилство и дневни центри за инвалидните лица (деца и возрасни)

# III

# ЗБИРНА АНАЛИЗА, ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

# 1. ЗБИРНА АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД АНКЕТНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ ВО ОПШТИНИТЕ

## 1.1. Вработување

Анализата на добиените податоци од спроведеното истражување посочува сличности во однос на проблемот на сиромаштијата и социјалната исклученост во општините. Како еден од најдоминантните проблеми идентификуван врз основа на анализираните индикатори се посочува високиот степен на исклученост од пазарот на трудот. Од вкупно 500 анкетирани домаќинства, кај 90 или 18% нема невработен член меѓу работоспособните членови. Во 131 (26,2%) од домаќинствата невработен е еден член, а дури во 167 (33,4%) невработени се два члена. Загрижува бројот на домаќинства, односно 60 (12%) во кои има невработени 3 или повеќе членови на домаќинството.Од 500 анкетирани домаќинства, во 358 (71,6%) има барем по еден работоспособен член кој е невработен. Податоците во однос на бројот на членови во домаќинството кои се вработени укажува дека од вкупно 500 анкетирани домаќинства, во само 75 (15%) од домаќинствата е вработен еден член, а во 54 (10,8%) се вработени два члена. Во само 12 домаќинства (2,4%) се вработени 3 или повеќе членови на домаќинството. (Табела 1)

Табела 1. Домаќинства според број на вработени - невработени по општини

| | Вработени | | | | | Невработени | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 7 | 8 |
| Битола | 80 | 6 | 6 | 1 | 0 | 19 | 24 | 39 | 12 | 3 | 2 | 0 | 0 |
| Гази Баба | 82 | 10 | 5 | 1 | 0 | 31 | 26 | 33 | 4 | 4 | 0 | 1 | 0 |
| Кочани | 59 | 14 | 13 | 1 | 0 | 27 | 30 | 31 | 2 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| Свети Николе | 20 | 26 | 8 | 3 | 0 | 0 | 27 | 35 | 9 | 3 | 1 | 0 | 0 |
| Тетово | 44 | 19 | 22 | 5 | 1 | 15 | 24 | 29 | 11 | 6 | 0 | 0 | 1 |
| Вкупно | 285 | 75 | 54 | 11 | 1 | 92 | 131 | 167 | 38 | 17 | 3 | 1 | 1 |

## 1.2 Животен стандард

Од 500 домаќинства, приходи од редовен работен однос во изминатите 12 месеци оствариле 229 (47,6%), приходи од социјална заштита оствариле 136 (28,2%), 121 (25,3%) од пензии, 79 (16,5%) од дополнителна работа, 69 (14,4%) добиле помош од деца, родители

и роднини, 19 (4%) добиле примања од странство, 22 (4,6%) од позајмици, а 20 (4,2%) оствариле приходи од земјоделство. Најчест извор на приход од дополнителна работа е од сезонската работа која ја практикуваат 55 (30,7%) од домаќинствата кои изјавиле дека имаат приходи од дополнителна работа. Додека 21 (11,7%) од овие домаќинства, приходи остваруваат преку истовар, а најголемиот дел од нив се од општината Свети Николе. Помал процент од домаќинствата кои остваруваат приходи од дополнителна работа се занимаваат со трговија и препродажба (11), работа по куќи (10), собирање пластика (6) и градежништво (4). Овие податоци, особено податокот за остварување приходи од дополнителна работа, укажуваат на високиот степен на материјална несигурност и сиромаштија на анкетираните домаќинства, како и на тешките услови за обезбедување егзистенција.

Од вкупно 500 домаќинства, по прашањето за висина на приходи се произнеле 99,2% од домаќинствата. Од нив најголем дел имаат месечни приходи до 5000 денари (240 или 48,4%), висок процент на домаќинства остварува приходи во висина од 5001 до 10000 денари (96 или 19,4%), додека значителен е и бројот на домаќинства со приходи и во приходната група од 10001 до 14000 денари (40 или 8,1%). (Приказ 1)

Преглед 1. Месечни приходи во домаќинствата

| **Висина на приходи** | Вкупно | Процент |
|---|---|---|
| Од 5000 денари | 240 | 48,40% |
| 5001 - 10000 денари | 96 | 19,40% |
| 10001 - 14000 денари | 40 | 8,10% |
| 14001 - 18000 денари | 32 | 6,50% |
| 18001 - 23000 денари | 26 | 5,20% |
| 23001 - 30000 денари | 23 | 4,60% |
| Над 30001 денар | 32 | 6,50% |
| Не знам | 4 | 0,80% |
| Одбива да одговори | 3 | 0,60% |
| Вкупно | 496 | 99,20% |

Најголем дел од домаќинствата живеат во двособен стан - 187 (37,7%), во станбена површина од 41 до 60 м$^2$ - 138 или 27,7% од домаќинствата и во тврда градба - 433 или 86,9% од домаќинствата. Во

261 домаќинство (52,9%) нема веце со бања во станот, 86 домаќинства (17,7%) користат септичка јама и 59 домаќинства (12,2%) не се поврзани со градска канализација. Од аспект на водоснабдувањето, 28 домаќинства (5,8%) користат вода од јавна чешма, а 154 (31,6%) немаат воопшто вода во станот. Најголем дел од домаќинствата се греат со печка на цврсти горива 388 (77,6%), а само 11 (2,2%) имаат сопствено парно греење. За забележување е дека поголемиот број домаќинства загреваат само 1 соба во текот на зимата - 355 (71,6%), што значи дека приближно 1/3 од годината сите членови на домаќинството мора да бидат сместени само во 1 соба.

Од основните апарати кои се користат во домаќинството, електричен шпорет имаат 410 (82,8%), бојлер - 331 (67,6%), фрижидер - 428 (86,5%), машина за перење алишта - 314 (63,4%), правосмукалка - 307 (62,8%), телевизор - 465 (93,6%), а телефон - 218 домаќинства (44,9%). Домаќинствата најмалку поседуваат: машина за миење садови (47 или 9,7%), видеокамера (41 или 8,4%) и клима-уред (74 или 15,3%). За истакнување е високиот процент на домаќинства кои и покрај нискиот животен стандард поседуваат мобилен телефон (385 домаќинства или 78,1%; процент кој е дури и повисок од процентот на домаќинства кои поседуваат обичен телефон – 44,9% и видеорикордер - 125 домаќинства или 25,7%.

На домаќинствата од облека најмногу им недостасува: топла зимска облека (јакни, џемпери) што како потреба го истакнале 254 домаќинства (51%), потоа обувки - 27 домаќинства (5,4%) и облека за свечени пригоди - 31 домаќинство (6,2%).

### 1.3. Социјални проблеми и социјална заштита

Од аспект на социјалните проблеми, во сите општини како најизразени се истакнуваат невработеноста - 382 или 81,6% од вкупниот број домаќинства, а 468 се изјасниле по ова прашање[14] и сиромаштијата - 364 или 76%. Социјалните проблеми поврзани со природните еколошки процеси се втори по застапеност. Најчеста е погоденоста од пожар (27 домаќинства или 5,9%), поплава (19 или 4,2%) и земјотрес (5 домаќинства или 1,1%). Социјалните проблеми поврзани со девијации (деликвенција, коцкање, криминал, болести на зависност, скитништво) се јавуваат кај вкупно 39 домаќинства (7,8%).

За забележување е високото ниво на користење на мерките на вонинституционална социјална заштита и ниското ниво на користење на институционална социјална заштита во сите општини. Од 500 домаќинства, 277 (55,4%) користеле мерки на вонинституционална

14 Најголем дел од оние кои не се изјасниле се едночлени или двочлени домаќинства на пензионери.

заштита, а само 3 (0,6%) мерки на институционална заштита. Податоците посочуваат значително големо користење на паричните бенефиции. Меѓу нив најчесто користени се: социјална парична помош - 237 домаќинства (51,1%), постојана парична помош - 42 домаќинства (9,7%) и паричен надоместок за помош и нега од друго лице - 44 домаќинства (10,1%).

Од мерките на детска заштита најчесто користени се: детски додаток (69 домаќинства или 15,8%), еднократна помош за новороденче (17 или 3,9%), родителски додаток за дете (8 или 1,8%) и посебен детски додаток (18 или 4,1%).

Помош од други извори (од невладини организации, општина, верски и хуманитарни организации и приватни лица) добиле само дел од домаќинствата - 87 или 17,4%. Овој податок укажува на присуство на формите на локална социјална заштита од страна на релевантните актери во сите општини.

Меѓу **причините за некористење** на мерките на социјална заштита, покрај онаа која се однесува на непостоењето потреба од ваков вид мерки, предничат неинформираноста и одбивање на апликантите од страна на релевантните институции. Најчести причини за некористење на парична помош од социјална заштита се: немање потреба (116 или 61,4%), одбиени (39 или 20,6%) и неинформираност (18 или 9,5%). Детската заштита најчесто не се користи поради: немање потреба (158 или 52,8%), неинформираност (76 или 25,4%) и одбивање (47 или 15,7%). Домаќинствата не користат институционална и вонинституционална заштита поради: немање потреба (147 или 45,4%), неинформираност (140 или 43,2%), како и одбивање (33 или 10,2%).

Меѓу помалку застапените причини поради кои домаќинствата не остваруваат пристап до мерките на социјална заштита се истакнуваат: несредена/нецелосна документација, неисполнување на потребните услови за аплицирање, како и срамот од околината.

### 1.4. Здравство и исхрана

Во однос на **здравственото осигурување**, во 465 домаќинства (93,2%) сите членови на домаќинството се осигурани, во 23 домаќинства (4,6%) се само делумно здравствено осигурани, во 11 (2,2%) никој не е осигуран и само во 1 домаќинство не се изјасниле за својата состојба - Графикон 1. Во случај на болест, 401 домаќинство (80,2%) одат на јавен лекар и купуваат лекови на рецепт, а само 6 (1,2%) истакнале дека можат да си го дозволат приватното лекување. Податоците за **близината на здравствениот дом** говорат за релативно добрата распределеност на овие институции на локално ниво. Имено, од 500

домаќинства, 244 (49,2%) живеат на оддалеченост до 15 минути од најблискиот здравствен дом, иако значителен е и бројот на оние на кои им се потребни 16-30 минути да стигнат до него (194 домаќинства или 39,1%) или повеќе од 30 минути кај 38 домаќинства (7,7%). И покрај пристапноста, овој податок треба да се поткрепи со сознанијата од терен според кој голем дел од здравствените домови (особено пунктовите во руралните средини) се со ограничено работно време и не нудат сеопфатна здравствена заштита за граѓаните.

Графикон 1: Здравствено осигурување




Загрижува податокот дека најголем дел од анкетираните домаќинства најчесто неподготвуваат или подготвуваат еден топол оброк со месо во неделата. Поточно, од 500 домаќинства, најголемиот дел готват топол оброк со месо само еднаш во неделата (177 или 35,7%), а 140 домаќинства (28,2%) ниеднаш. На прашањето да посочат 5 од наведените потреби во домаќинството за кои им недостасуваат средства, добиени се сознанија за најголем недостаток на средства за домување, вода, електрика, горива (истакнато од страна на 399 домаќинства или 82,6%) и за храна и безалкохолни пијалоци (истакнато од страна на 380 домаќинства или 78,5%). (Преглед 2)

Преглед 2. Листа на потреби во домаќинството за чие задоволување недостасуваат средства

| Потреби во домаќинството | Број на домаќинства | Процент од вкупниот број домаќинства (800) |
|---|---|---|
| 1. Домување, вода, електрика, горива | 399 | 82,6% |
| 2. Храна и безалкохолни пијалоци | 380 | 78,5% |
| 3. Облека и обувки | 338 | 71,8% |
| 4. Хигиена и здравје (лекови и помагала) | 320 | 67,1% |
| 5. Сообраќај (транспорт/ автомобил) | 165 | 35,5% |
| 6. Образование | 59 | 13,4% |
| 7. Рекреација и култура (весници, книги, патувања, забава) | 98 | 21,6% |
| 8. Комуникација (телефон, интернет) | 1,4 | 23,3% |
| 9. Алкохолни пијалоци и тутун | 38 | 8,5% |

### 1.5. Образование

Резултатите од истражувањето во петте општини покажуваат слични тенденции во однос на образованието. Од 500 домаќинства, во 203 (40,7%) има деца на школска возраст (6 и повеќе години). Од нив, во 124 домаќинства има деца кои посетуваат основно училиште, во 67 посетуваат средно училиште, а во 33 домаќинства има деца кои се вклучени во високото образование. Во однос на редовноста на училиште се забележува задоволителен опфат кај сите три степени на образование (нередовноста се забележува само кај 7 од децата). Ваквата состојба веројатно се должи и на неодамнешните законски интервенции во однос на задолжителното посетување на двата степена на образование (основно и средно), промовирањето на високото образование во рамките на образовната политика во земјата, но во

одредена мерка и на фактот што кај етничката група Роми исклученоста од образовниот систем е најизразена и како проблем е застапена со само 98 домаќинства или 19,6% од вкупниот број домаќинства (500).

Од формите на помош за основно образование најчесто користени се бесплатниот превоз (10 домаќинства) и бесплатната ужинка (11 домаќинства); за средно образование најчесто користен е бесплатниот превоз (20 домаќинства); а за високо образование најчесто користени се стипендиите (8 домаќинства), кредитите (2 домаќинства) и уписот во квоти (4 домаќинства). Во основа, само незабележителен број домаќинства успеале да остварат пристап до формите на помош и поддршка за задоволување на нивните образовни потреби.

### 1.6. Спорт, забава и култура

Од аспект на пристапот до спортски, забавни и културни институции најголема исклученост се забележува во однос на театрите и кината, а најмала во однос на кафе-баровите, спортските игралишта и обложувалниците. Процентуалното учество на домаќинствата од аспект на можноста да остварат пристап до овој вид институции во нивното населено место е даден во Преглед 2 долу.

Преглед 3. Пристап до спортски, забавни и културни институции

| **Вид на институција** | **Број на домаќинства кои имаат пристап до институциите** | **Процент од вкупниот број домаќинства (800)** |
|---|---|---|
| 1. Театар | 102 | 22,9% |
| 2. Кино | 123 | 27,6% |
| 3.Спортска обложувалница | 329 | 74,1% |
| 4. Библиотека | 321 | 71,5% |
| 5. Лулашки | 323 | 72,4% |
| 6. Интернет-кафе | 338 | 75,6% |
| 7. Ресторан | 348 | 76,1% |
| 8. Кафе-бар | 330 | 74,2% |
| 9. Спортски игралишта | 378 | 83,6% |

Од вкупниот број домаќинства (500), мнозинството воопшто не користат интернет (328 или 66,3%). (Графикон 2)

Графикон 2: Користење на Интернет




## 2. ЗАКЛУЧОЦИ

### 1. Доминантни дејности

- Во урбаните општини доминираат дејности кои апсорбираат пониско квалификувана работна сила.
- Голема застапеност на текстилната индустрија и рударството.
- Доминантна застапеност на земјоделството, сточарството, шумарството и тутунопроизводството во руралните општини.
- Застапеност на земјоделството и сточарството и во урбаните општини.
- Развој на туризмот во неколку општини.

### 2. Институционални капацитети

*Образование:*

- Во урбаните општини постои подобро развиена мрежа на образовни институции и подобар пристап до нив.
- Мрежата на средни стручни училишта не е доволно развиена во урбаните општини.
- Недоволно развиена мрежа на образовни институции во руралните општини (во руралните општини нема средни училишта).

- Најисклучени од пристапот до образовните институции се руралните населби лоцирани во повисоките планински места.

*Здравство:*

- Мрежата на здравствени институции во урбаните општини е задоволувачка.
- Мрежата на здравствени институции во руралните општини е слабо развиена (во поголем број рурални општини нема аптеки, специјалистички ординации, служба за брза помош, а малиот број амбуланти не се достапни до граѓаните ноќе и за време на викендите).
- Воопшто не е развиена мрежата на здравствени институции во руралните планински населби.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

352:364.662(497.7)
352:364-786(497.7)

ТРБОЈЕВИЌ, Светлана
Мапирање на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија : локални социјални проблеми и потреби : нацрт верзија / Светлана Трбојевиќ. - Скопје : Лудвиг Болцман Институт за човекови права - научно истражувачко здружение, 2012. - 166 стр. : граф. прикази ; 24 см

Публикацијата е во рамките на проектот "Социјална инклузија и човекови права во Македонија". - Фусноти кон текстот

ISBN 978-608-65321-8-5

а) Локална самоуправа - Мапирање сиромаштија - Македонија - Извештаи б) Локална самоуправа - Мапирање социјална исклученост - Македонија - Извештаи
COBISS.MK-ID 92738314



**МАПИРАЊЕ НА СИРОМАШТИЈАТА И СОЦИЈАЛНАТА ИСКЛУЧЕНОСТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

ISBN 978-608-65321-8-5

Институт за човекови права „Лудвиг Болцман“
Скопје, Република Македонија